## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Првото продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 декември 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,24 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Фијат Цаноски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Хисен Џемаили и Даут Реџепи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Има збор господинот Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Уште кога се предложи Предлог буџетот, не само ние, туку голем дел од интелектуалците, голем дел од експерти по економија ги дадоа своите оценки и сугестии и ја искажаа нивната загриженост. Јас искрено мислев дека Предлогот ќе претрпи измени во дискусиите на Влада и очекував да се исполни со амандмани од Владата, но тоа не се случи. Искрено очекував дека ќе се надополни со амандмани предложени од пратениците на ДУИ кои учествуваа во актуелниот парламентарен состав односно се дел од актуелната Влада, а тоа не се случи.

Овие денови се расправаше за буџетот, за проблемите во однос на буџетот и дека овој буџет во ова кризно финансиско глобално време не е најдобриот можен предлог бидејќи сите други земји и помоќни од Македонија, своите буџети ги проектираат со буџети за кои мислат дека треба да се прилагодат на светската економска криза. Имаше такви дискусии, а јас ќе почнам со прашањето на господинот Стојменов што му го упати на Имер Селмани, дали економијата на Република Македонија е болна.

Јас не би си го земал правото да се продавам како експерт по економија, но ќе си го земам правото овој Предлог буџет кој по се изгледа, бидејќи од албанската партија што е на власт нема сериозни реакции, ќе си го земам правото да кажам дека овој буџет е болен односно овој буџет ќе генерира една болест, а таа болест ќе се нарече парцијална парализа на државата.

Почитувани пратеници, само ако набрзина направиме еден осврт кон бројките ќе дојдеме до одредени споредби. Имено, видете колку средства се наменети за Центарот за конзервациај во Гостивар, три милиони денари. Мислам дека не е можно да се изгради и срамно е тоа бидејќи се дадени средства само колку да се рече дека еве планирано е изградбата на овој објект кој е од големо значење за регионалниот развој, за конзервацијата на културата која од ден на ден не се справува со времето. Само земете го и анализирајте две нешта, колку средства се доделени за изградбата на библиотеката во Тетово и колку средства се доделени за наградбата на библиотеката во Скопје. Ова не да е срамно, туку е за жалење, од причина што и овде едноставно се вели дека се доделени средства.

Почитувани дами и господа, јас мислам дека овој Предлог буџет не треба да помине како ваков од причина што не ја отсликува реалноста, не ги отсликува и не ги исполнува потребите на сите граѓани на Република Македонија.

Не би сакал да влезам во делот на инфраструктурата, да влезам во тоа и да кажам колку средства од буџетот се доделуваат на општините. Еве ќе ви кажам за општина Гостивар каде има планирано за инфраструктура, бидејќи е изборна оваа година, а не гледам дека овој буџет ќе ги исполни потребите на таа општина.

Почитувани дами и господа, јас не се согласувам со еден дел на мнозинството пратеници кои велат дека овој буџет треба да биде рецисивен. Јас гледам дека буџетот е рецисивен во однос на институциите на друга етничка група, во однос на албанските институции.

Да не должам, но да кажам за состојбата во високото образование. Само направете осврт на бројките наменети за Државниот тетовски универзитет, а од друга страна само ако ги анализираме потребите на овој универзитет и ги анализираме новите факултети, новите студиски програми и го анализираме вкупниот број на студенти кои студираат на овој универзитет, ќе видиме дека ниту малку не е приближен на потребите и барањата на овој универзитет.

Не би сакал да должам повеќе но да кажам дека тоа е Предлог буџет кој внатре во себе има парадокс и од една страна се декларира дека е најголем буџет во овие 18 години независност, а од друга страна имаме намалување или одземање на средства кои се наменети за институциите на Албанците.

Почитуван дами и господа, идната година ќе имаме повеќе клипови - Македонија е вечна, како што беше последниот од господинот Манчевски, во кој воопшто не се отсликува реалноста. Таа Македонија која ќе се види на СНН и не е Македонија која ја гледаме ние, не е Македонија која треба да ја гледаат и пратениците на ДУИ и да бидат одлучни во Владата, овие нешта да се изменат. Македонија е мулти етничка држава, мулти културна и мулти конфесионална и со овој буџет не се отсликува нешто вакво. Малобројните средства наменети за овие институции што ги спомнав, уште повеќе ја маргинализираат и не ја застапуваат мулти етничката и мулти културната реалност. Затоа од се срце ги молам пратениците од ДУИ да не гласаат и да не го поддржат овој Предлог буџет. И без вашите гласови овој буџет ќе помине, бидејќи вашиот партнер за кој велите дека имате проблеми, ќе го донесе овој буџет бидејќи има потребно мнозинство. Но, морално е

од ваша страна да не го поддржите истиот и да имате аргументи, да речете дека немаше ваша поддршка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас забележав и внимателно го слушав колегата Сулејман Рушите кој за жал, како што ми се чини мене, како пратеник кој професионално треба да се занимава со професијата пратеник, излезе доста блед. Што се однесува на анализата на буџетот, само со 4 минути образложение покажува несериозност, што се однесува до буџетот на Република Македонија. Јас не знам како ги образлага тие работи кога и самиот бил министер за образование и наука во Република Македонија и нормално знае колкави биле финансиските средства во минатото. Меѓутоа само ви дадам на знаење, според барањето на ректоратот на Државниот тетовски универзитет, кое барање требаше да го направи всушност Сулејман Рушити во текот на 2008 година и требаше да распредели 1,6 милиони евра на Универзитетот. Тоа министерот Рушити тоа не го направи. Во првата фаза, Министерство за образование и наука каде партиципира Владата во која партиципира и ДУИ, во првата рата се доделени 40 милиони денари, а во втората рата 60 милиони денари односно голем износ до крајот на 2008 година.

Можеби во некои области од секојдневието во Република Македонија, износите не се доволни, меѓутоа колку-толку Владата на Република Македонија, таму каде што стои ДУИ, има обврска и задача, во секоја институција како и во оваа, да ги исполни потребите на истиот Универзитет со овие финансиски средства што претходно ги спомнав. Меѓутоа, сакам да му кажам на господинот Рушити дека нашите министри имаат предвидено и други области за интервенција. На пример во областа на здравството имаме изготвено, всушност болница со лабораторија, со кардиологија и потоа подготовка на болницата во Тетото, опремување со инвентар на болниците во Струга, Кичево, Гостивар и центри во Скопје, Гениколгијата во Чаир. Понатаму сме обезбедиле за идната година 45 милиони евра за да се доврши новата Гениколошка зграда во Тетово, Клиниката во Чаир, во Скопје, Охрид и други места. Исто така сме предвиделе за Министерство за образование и наука за заводите за згрижување на децата, на пример во Скопје, Кичево и други места. Меѓутоа, се ова ќе го образложам кога ќе дојдам на ред со мојата дискусија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Господине Незири да имате толку енергија колку што сте енергични кога реплицирате кон албански пратеник во Владата, успехот ќе биде поголем.

Сакам да ви кажам дека тој буџет кој до крај ќе го искористи Државниот тетовски универзитет, беше предвиден кога беше министер Сулејман Рушите. Тоа што се случи со двата ребаланси од парламентарното мнозинство во кое учествувате вие, им се одзема уште еднаш. Тоа ќе го објаснам се една метафора - прво го зедовте лебот, му дадовте черек и после се направи голема врева од интелегенцијата, од професорите и сега го враќате тој буџет кој им е гарантиран.

Господине Незири, оставиго тоа што направил Сулејман Рушити, видете што треба вие да направите. Тоа што го правите вие е малку и не го оправдувате тоа што го велите, во мандатот кој го добивте од Албанците.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам претседателе.

Ќе се надоврзам на емотивниот речник на господинот Рушите и ќе го истакнам фактот дека во неговиот говор околу Предлог буџетот имаше говор кој всушност не е доследен во однос на тоа што тој долго време е во политиката. Се знае дека Буџетот за 2008 година е 2,2 милијарди евра, а за 2009 година е повеќе.

Доколку бруто буџетот предвиден за 2009 година е помал во однос на 2008 година, тогаш може да вреди констатацијата дека е таков. Меѓутоа, треба да се истакне фактот дека тој треба да го има предвид неговиот политички став затоа што тој бил член, всушност министер и висок функционер на ДПА, со која политичка партија тој сега се гордее дека постигнал успеси, а се оддалечува од една политичка партија во која бил од 2006 до 2008 година, значи бил во коалиција со партијата на ВМРО-ДПМНЕ. Доколку била успешна оваа политичка партија од 2006 до 2008 година, тој пред јавноста треба да објасни дека тој погрешил што се оддалечил од таа партија заради успесите што ги имала реализирано таа партија од 2006 до 2008 година. Меѓутоа со самиот факт што тој се оддалечува од таа партија што била во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, докажува дека тој таа коалиција ја цени како погрешна и неуспешна коалиција. Така што господинот уште еднаш треба да го објасни фактот дали коалицијата од 2006 до 2008 година е успешна или не е успешна и на што се заснова неговата политичка сила со тоа што тој се оддалечил од таа политичка партија.

Второто што сакам да го истакнам е тоа што го истакна господинот Незири и рече дека треба да биде толку енергичен и во Владата, мислам дека тој како опозициона сила може да докаже како тој ќе се претстави кон другите политички фактори, ќе видиме колку тој има енергија и политичка сила, тој и неговите соработници колку енергија имаат да се спротивстават на професионален и правичен начин, можеби меѓу партнерите од коалицирањето во Република Македонија, дали ќе се однесува резервирано и со дипломатски

политички речник, или пак ќе видиме, времето ќе докаже какво ќе виде нивното однесување во опозиција и зошто се во ваква опозиција.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Сулејман Рушити.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Мислам дека господинот Хани даде една анализа во која пастави прашања и каде меѓу редови сватив дека господинот Хани се амнестира себе си. Кога беше во опозиција имаше друг аршин, а сега во Владата треба да има дипломатски јазик. Но, и покрај тоа не говореше за тоа што е од големо значење, затоа што го поставив како проблем. Господине Хани ако се согласувате дека буџетот вака како што е предложен ги исполнува сите барања и потреби на Албанците, тогаш добро е да седнеме заедно, да се напиеме кафе и таму каде што мислам дека не е така да го слушнете тоа, анализирајте го и ќе видите дека е така како што велам јас, бидејќи овој буџет не ја отсликува мулти етничката, мулти културната и мулти кофесоналната реалност.

Ќе повторам, и идната година ќе имаме видео клипови - Македонија вечна која нема да ја отслика Македонија таква каква што ја познаваме јас и тие.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги,

Само една забелешка кон дискусијата на почитуваниот колега Рушити.

Во современата политичка мислам и со највисоките правни акти во Република Македонија се прави многу јасна дистинкција помеѓу категориите општество, заедница и држава.

Кога зборуваме за мулти кофесионално, мулти културно и мулти етничко, јас би сакал почитуваниот колега Рушити да прави јасна дистинкција меѓу овие категории и да ги почитува правните норми на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Рушити Сулејман, повелете.

**Сулејман Рушити:** Јас не го сфатив каде му е зборот почитуваниот колега. Мислам дека не направив грешка во зависност каков беше преводот. Значи не го сватив прашањето и затоа мислам дека е подобро да се специфицира тоа прашање и да го објасниме истото.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Јас ќе ја искористам деловничката можност на вашиот бесмислен Деловник кој што го донесовте и со оглед дека во овој момент ќе говорам сосема кратко не се чувствувам најдобро, но не можам да се откажам од дискусија ќе продолжам 18 минути или колку ќе останат ќе продолжам следниот пат. Се надевам дека за ова што ќе го направам нема да поведете постапка и да ми го одземете имунитетот.

Значи ова е еден од најголемите буџети кој што е донесен во едно време кога е најнесоодветно да се донесе ваков буџет. Овој буџет ниту соодветствува со ситуацијата која што ја имаме во државата во насока за што се ќе се трошат парите кога ќе се погледне во него ниту пак соодветствува со економската криза која што го има зафатено светот, а Македонија се надевам дека и според министерот за финансии сеуште е дел од овој свет. И ако тврдеа до скоро дека таа криза нема да се прелее во Македонија гледаме дека сега излегоа со некои пакет мерки кој што во многу мала незначителна мера би ја ублажиле кризата и наместо да се донесе мерка со интервенција во буџетот односно да веднаш кога ги доставија тие мерки да доставеа и буџет кој што ќе биде соодветен на ситуацијата во која што се наоѓа Македонија односно нема да имаме буџет кој што во овој момент е потрошувачки, нераздвоен и предизборен.

Таков буџет ни достави министерот Трајко Славески. И, ако погледнеме, јас не би зборувала и понатаму кога ќе ги направам анализите во следното обраќање околу тоа како ќе се полни буџетот повеќе би се осврнала на тоа како ќе се празни буџетот, ќе видиме дека овој најголем буџет во историјата на самостојна Република Македонија единствено е помало од оној што ќе го донесеме до година, има голем број на средства кои што ќе бидат потрошени за работи кои што најмалку им се потребни на Република Македонија. И кои ни малку во овој момент нема да им користат на граѓаните на Република Македонија. Додека од една страна граѓаните се соочуваат со едни тешки времиња кога голем дел од нив не можат ни да ги платат основните потреби, сметките за електрична енергија, сметките за вода, не можат да си обезбедат ни доволно прехранбени продукти, нашата Влада ќе троши за сали спортски, не велам дека не ни требаат спортски сали, но дали токму во овој момент е потребо да се потрошат толку пари. Ќе трошат за споменици ни малку ни повеќе 9 милиони евра од Буџетот и тоа ве молам споменици од тарзан до не знам кој друг се, нема да ги краси улиците на Скопје и ќе троши по 3,5 милиони долари за една восочна фигура за музејот на ВМРО ДПМНЕ.

Сметам дека овој буџет многу брзо ќе покаже дека претставува огромна штета, со носењето на овој буџет ќе се нанесе огромна штета на економијата во Република Македонија, што многу негативно ќе се одрази врз стандардот на граѓаните.

Еве, почитуван претседателе, ми останаа уште 15 минути и 4 секунди се надевам уште еднаш нема да ми го одземете имунитетот што направив ваков голем прекршок.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Инаку, тие се 14 минути и 53 секунди, а не е 15 и нешто.

Продолжуваме понатаму.

Има збор госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе,

Втор ден трае дебатата по буџетот и секако претходно на комисии, меѓутоа очигледно е дека парламентарното мнозинство или Владата она што си го зацртала ќе си го донесе и покрај бројните наши амандмани. Тие амандмани се усвоија онака како што пишува во печатот, 15 амандмани, но тие 15 амандмани се сите од парламентарното мнозинство, секако дел кои се однесуваа на ова Собрание во насока на осамостојување на законодавниот дом ги поддржавме и ние. Значи, дебатава просто ни оди во празно, затоа што и во оние моменти кога како опозиција сакаме да укажеме на некои работи, очигледно е дека оваа власт, ова мнозинство се раководи од позиции на исклучивост и никако не сака да прифати, дури и оние аргументи кои што се очигледни.

Јас ќе почнам со тоа дека оваа тема е многу важна, а зборува и фактот што во многу држави дебатите за буџетот се водат со цели месеци, по два-три месеци, некаде деноноќно и по 15 до 16 дена, се води парламентарна дебата во Собранието, затоа што верувајте ние во ова Собрание сме донеле илјадници закони, но сме донеле токлу буџети, колку што е независна државата. Значи, буџетот е многу важна работа во секоја држава, особено затоа што тој треба да ја покаже политиката, проекцијата на политики кои што треба да ги води парламентарното мнозинство, односно Владата во наредната година која што претстои. Секако, таа треба да даде трунка надеж на граѓаните како државата, според политиките кои што ги зацртала, ќе се грижи или ќе ги отстранува пречките кои што ќе излезат во претстојниот период или во новата година. Очигледно е дека оваа Влада, ова парламентарно мнозинство се раководи при донесувањето на овој буџет од една единствена за нив најважна причина, а тоа е избори, избори и само избори. Буџетот за 2009 година за Република Македонија е погубен. Овој буџет за 2009 година Република Македонија ќе ја доведе пред банкрот. Овој буџет, Буџетот за Република Македонија не предвидува ниту една стапка, ниту денар за она што значи светска финансиска криза, за она што значи идна неволја, сегашна за волја на вистината, но и идна неволја на граѓаните на Република Македонија, кои ќе се најдат под ударот на светската криза.

Ќе се послужам со цитат од еден медиум каде што по повод првиот ден од отпочнување на дебатата за буџетот ќе каже: “Денес Славески ќе го брани огромниот буџет за 2009 година и целата економнска политика на Владата за 2009 година пред народните избраници, тоа треба да се направи на нивото на задачата што му е доверена со една од најодговорните функции во државата”.

Почитувани колеги, дали некогаш, особено сакам да ги прашам овие пратеници кои што повеќе мандати се во овој состав. Дали се сеќавате некогаш во нашето парламентарно искуство по повод буџетот да не било побарано стенограми од експозето на министерот за финансии. Не. Значи не се случило во ова Собрание по повод буџетот од пратениците, особено од пратениците на опозицијата да нема интерес да се побара експозето по повод буџетот на министерот. А, зошто не се побара? Затоа што немаше и што да се види. Минситерот си кажа тоа што сакаше да го каже, сувопарни бројки она што го слушнавме на Комисија и ништо посебно ниту една трунка надеж на граѓаните на Република Македонија. Но, уште поголема загриженост, затоа што две милијарди и 700 милиони евра буџет треба некој да го наполни, треба некој да го оствари. Јас бидејќи не сум економист, ги читав коментарите на многу портали по повод Буџетот и многу впечаток ми предизвика еден коментар на еден граѓанин кој што вели: “свестете се луѓе, а кој ќе ни го наполни олкавиот буџет за да Владата троши по кампањи кои што ги троши”. Кој ќе го наполни буџетот, ќе го наполнат граѓаните. Но, никој не ги прашува граѓаните какви потреби имаат. Граѓаните на Република Македонија немаат потреба од вакви кампањи, кои што секојдневно ги води оваа Влада по медиуми.

Јас синојќа гледав една емисија, нема да и го спомнам името, називот, каде што министерот односно првиот министер, премиерот беше гостин, верувајте 10 минути мерев и беа кампањите давани на медиумот, сите кампањи кои што ги поддржува и ги плаќа оваа Влада од Буџетските средства. Навистина, дел од тие кампањи, прв пат ги видов синојќа. Дали се потребни трошења на вакви пари, на оваа наша држава од џебовите на граѓаните. Зошто ми е мене кампања за да знам дека сум македонец. Зошто ми е мене кампања за раѓање, замислете, на трето дете, а луѓето немаат да си ги платат ни основните животни потреби за струја и вода. Самиот министер за правда денес по повод измените на Законот за извршување, негов податок ќе искористам, тој вели дека само на подрачјето на Основен суд Скопје 2, во моментов има 319 илјади предмети, извршни предмети по основ на неплатени комунални давачки.

Почитувани колеги, ако 319 илјади предмети во моментов има неплатени давачки, комунални давачки тоа се 319 илјади семејства на подрачјето на Основен суд Скопје 2, граѓани односно семејства кои што не можат да си ги платат основните животни потреби. Не е само тоа. Зошто не размислите. Деновиве, луѓе 100-тици, илјадници останувaат без разбора, значи се придружуваат кон Армијата на социјалци. Дали не сметате дека не е најважно од се и пред се изборите, не е најважно само да се купува народот за да се добијат избори. Најважно е, или да се пере постојано мозок преку оние кампањи, најважно е да се решаваат проблемите на граѓаните. Ако не ги решите секако дека можеби

ќе бидат под импресија на овие кампањи одреден временски период, но како се големува Армијата на луѓе кои што не можат да си ги подмируваат основните животни трошоци, верувајте дека нема да им е важно дали јас сум Македонија или јас сум Александар Македонски потомок или треба да родам трето дете, а првото што сум го родила не можам да му ги дадам основните животни потреби. Значи, сето тоа ќе се удри од глава. Укажувавме и во дебатата, баравме и во дебатата на комисиите овој буџет да се повлече. Јас знам дека овој буџет треба да се донесе до 31.12., затоа што јас не се сеќавам дека некогаш не бил донесен Буџет. Но, има и таква ситуација кога може Собранието на Република Македонија да не го донесе буџетот во тој рок и има посебна процедура како ќе се финансира работењето на институциите на системот. Верувајте, поголема штета е да го донесеме овој буџет, отколку да не го донесеме, затоа што овој буџет ништо не нуди добро за државата, ништо не нуди добро за граѓаните на Република Македонија. Верувајте, сите се загрижени ако се донесе Законот за извршување, ќе почнат извршителите да чукаат на илјадници семејства, кои што според податоците кои што јас успеав да ги добијам по повод подготовката за дебата по Законот за извршување се дека околу 50 илјади домаќинства во Република Македонија имат проблем со неплатена електрична енергија.Тие 50 илјади домаќинства, а министерот за правда во своето образложение вика дека 319 илјади се само во Скопје, тие 50 илјади домаќинства ако не можат да си ја платат електричната енергија, можете да замислите кои други трошоци можат да си ги подмират. Никој. Е, за тоа како СДСМ поднесовме закон за справување со енергетската сиромаштија. И тука не сакавте да слушнете, и тука не сакавте да оделите средства за оваа ранлива категорија, и тука го отфрливте законот без да размислувате и сега ни се јавуваат бунтови од типот на оној во Шутка, од тупот на нашите граѓани од Струмица во Турското маало, од типот на некое маало во Прилеп, во Битола, од луѓето кои се социјално ранливи или е од луѓето кои со социјалната помош, прво, само оние невработените да гиземеме, со социјалната помош кое што изнесува 300 и нешто денари не можат ни да се прехранат, а не да плаќаат овие основни животни потреби или пак да плаќаат останати обврски кон државата. Значи, не не послушавте, сега се соочувате како Влада со вакви проблеми.

Исто така, сега бараме првиот амандман по повод Буџетот нашиот кој што вие сакавте во јавноста да го оцените дека едни амандмани се контра од другите. Првиот амандман кој го поднесовме баравме само зафаќања на повеќе средства од буџетот, баравме помал буџет да не се троши за непродуктивни трошоци, ама оној буџет помалиот кој што ќе се собере повеќе средства да бидат наменети за социјални мерки. Затоа што, се повеќе државата е на удар од светската економска криза. Јас доаѓам од изборна единица 4, не знам моите колеги од изборна единица 4, дали се запознати дека два дена 500 работници од Бучим Радовиш останаа без работа, добија отказни решенија, дали во овој буџет има некоја пара за овие 500 работници кои вчера останаа без работа. Денес имам најава, информации, се извинувам сеуште не се официјални, можеби 100 луѓе ќе останат без работа од ФЕНИ индустри, кој исто така е од мојата изборна единица. Вчера од мојот град 100 работнички од текстилната индустрија добија решенија за престанок на работен однос. Јас сега овде не претендирам да дебатирам како економист по овој буџет. Јас претендирам како пратеник, како граѓанин загрижен за иднината на граѓаните кои што ги претставувам. И, прашувам, дали оваа Влада има средства, предвидела средства во овој буџет за социјални мерки, за овие граѓани кои сега јас ви ги кажувам и кои од денес веќе не знаат што да прават со себе.

Затоа, бараме овој буџет да се повлече, овој буџет е страшен за Република Македонија, затоа што по повод буџетот комуницирав исто така и со стопанствениците, бидејќи тие најмногу го полнат буџетот. Верувајте, доведени се на мала душа. Плаќаат за се и сешто, за се и сешто данок, 100 пати во денот се вршат контроли и притисоци врз нивните фирми и просто луѓето се плашат веќе да работат, а и исцицана е основната субстанца за работа, затоа што државата се повеќе се полни и сега имаме двократно поголем буџет кои стопански претпријатија очекувате да бидат толку даночно способни, платежно способни да можат да наполнат олкав буџет. Или ќе удриме со казните по граѓаните? Ќе удриме по граѓаните со Законот за чистота, каде што некој мој комшија даречеме си купил еден кубик дрвца и едвај собрал некој динар за да се стопли, па ќе му дојдат и ќе го казнат со 50 евра кои што тој не ни ги видел во животот што значи 50 евра. Сватете ја мојата дебата по буџетов како апел или да не речам како вапај на граѓаните, затоа што верувајте денес се затвораат сите зелени пазари, затоа што сака државата да ги фискализира зелените пазари. Денес пред Нова година ситните производители и трговци на пазарите кои што заработуваат по 100 или 200 денари за навечер за да си купат за наредниот ден леб и млеко, денеска ги оставате и без тие 100 денари. Сега ли е времето да се фискализираат зелените пазари. Значи, се работи навистина само за свој интерес. Не се работи во интерес на граѓаните. Излезете малклу. Некој ќе рече од вас дека сте шетале по селата и сте се сретнувале со граѓаните. Јас такви средби сум осетила на свој грб. Не се сретнувајте со вашите истомисленици, луѓето кои ве поддржуваат, луѓето кои добиле нешто, луѓето кои очекуваат да добијат уште нешто. Слезете и сретнете се со луѓето, со граѓаните, сртнете се дури и со оние кои не гласаат за вас. Зошто? Затоа што и тие го полнат буџетот.

Да видите што мислат тие за вас. Да видите што мислат за државата. Да видите дали се движи државата во вистински правец.

Уште еднаш, јас ќе оставам за на крај време, барам во името на граѓаните кои што ги претставувам да се повлече овој буџет, или барам, Владата може тоа да го направи, да поднесе амандман со кој што наместо за скапи кампањи, илјадници на број, а милиони во евра се рекламираат и одат во сите медиуми, наместо за договорни услуги со кои што ќе ги излажете пред избори луѓето дека ќе ги вработите, а после ќе ги отпуштите, наместо за мебели и скапи опреми за канцелариите и кабинетите на државните службеници и министрите дајте, не бараме да чепкате од капитални фондови, бараме од непродуктивните ставки, оние кои ние ви ги кажувавме, средствата да се пренасочат, да се направи во буџетот нова ставка за пакет на социјали мерки за најранливата група, а тоа се сегашните социјални семејства и идните кои секојдневно се зголемуваат и кои што добиваат секојдневно отказни решенија од ударот на светската финансиска криза. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е г-динот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам г-дине претседателе, г-дине министер,

Значи, ја почнувам оваа дискусија во услови на крајна индиспорираност и анемичност на ова Собрание во поглед на носењето на овој акт односно буџетот кој треба да ги дефинира токовите на нашето живеење во следната фискална година. Зошто е ова вака?

Најверојатно дека апатијата од надворешноста или од нашата база се пренесува и во ова Собрание така да и со реклами и со кампањи и со се друго некако не се стигнува да се направи една анимација.

Мислам дека тука свој придонес даде и министерот за финансии кој што имаше едно експозе кое што за министер за финансии мене не ми личеше. Министерот во целото експозе најмногу се задржа на платата на академиците, што е за поздравување, ценам што е зголемена платата или би рекол дека е малку, или дека тој паушален надоместок на академиците, меѓутоа тоа само едно зрно песок во однос на целиот буџет.

Меѓутоа, имаме ситуација практично да имаме еден буџет овде кој што беше изнесен пред јавноста малтене без експозе. Немаше експозе ни од премиерот, а она што беше дефинирано како експозе на министерот за мене е неприфатливо како експозе, така да имаме една ситуација која стана многу интересна. Меѓутоа таа ситуација почнав да ја сфаќам дополнително, затоа што гледаме дека има одредени ретерирања во однос и на буџетот кај премиерот, меѓутоа премиерот за овие работи не зборува овде во Собранието, зборува во разни телевизиски емисии, посебно во оние кои што се бават со парапсихолошки феномени итн. Синојќа бев во можност да слушнам дека она што до вчера Владата го тврдеше дека нема криза, кризата да се одрази во Република Македонија, дури некои одеа толку напред во своите изјави што тврдеа дека кризата во светот ќе погодува на Република Македонија за нејзиниот развој. Вчера видов јас едно ретерирање, дури и уплашеност која што наведува на фактот изразена со зборовите дека оваа криза можеби е најголемата криза која што светот досега воопшто ја имал. Сега на прашање што е буџетот, дали може овој буџет да се наполни и ваква расходна страна да има, имаме една изјава на премиер кој што го носи буџетот. Тоа не е изјава овде, меѓутоа, таму во која што се вика вака дословно: “Тоа е само проекција. Тоа не мора ништо да значи. Колку пари толку ќе бидат, па ќе си направиме ребаланс”.

Сега ако го гледа човек ова и ако го гледа овој буџет навистина ќе треба да се запраша што всушност ние овде правиме, за што дискутираме. Се завршува сето тоа со дефиницијата тоа е тоа и околу тоа прашање нема што повеќе да се зборува.

Значи, зборуваме за сериозни работи кои оваа таканаречена економски преродувачка Влада толку паушално и напамет ги прави да дури боли ова сознание кое што некои од нас го имаат.

Вакво димензионирање на буџет драги мои сограѓани, бидејќи пратениците тука не се заинтересирани да ги пратат тие работи е само дело на една неспособна Влада. Ваков буџет може да направи само една неспособна Влада. Способна Влада може да направи точна проекција со цели кои се потребни, задачи кои се потребни во државата, обврски кои се на државата и задоволување на потребите кои што треба да бидат на граѓаните и на субјектите кои што учествуваат во целото наше друштво. Ова е буџет кој што е зголемен за 50% во однос на година дена, или две, колку е наназад без зголемување на бруто националниот доход одноносно кој што дури е и рестриктивен бруто национален доход, без разлика што Владата се труди да прикаже некои енормни растови. И сето ова се носи во услови кога во светот постои криза и во услови кога дури и во последен момент премиерот признава дека таа криза станува реалност.

Кога зборувавме за таа криза порано, тоа е исто како кога зборувавме за инфлацијата оваа пролет, 2008 година. Слушнавме и вчера дека таа инфлација била увезена и дека цените на храната во светот инт го доведоа тој инфлационен бран. Јас и тогаш и сега ви тврдам повторно дека тоа не беше увезена инфлација, тоа беше генерирана овде во нашата држава, инфлација затоа што не може инфлација која што во светот изнесуваше 3, во нашата околина меѓу 3 и 4%, кај нас да достигне вредност од 10%. Така е со оваа работа.

Кризата која што во светот очигледно не е сфатена, ниту нејзината димензија е на прав начин направена и инкорпорирана во она што треба да биде параметар на буџетот. Врз база на кои параметри е правено, со каква критичност, со кои импути ние ништо не можевме да сфатиме,

затоа што во експозето, или во било каква дискусија имаме отсуство на таа работа.

Истовремено она што го кажа и г-динот Андов, а јас го зборувам веќе одамна, тоа е дефицитот кој едноставно се повеќе не затегнува и без адекватно решение може да не доведе до состојба да бидеме банкротирана држава. Се надевам дека ќе се свестат одредени структури кои се должни да бидат свесни и дека адекватно ќе реагираат и на овие параметри да не дојдеме во ситуација да влечеме жешки костени или компири од таму каде што не треба да ги влечеме.

За да се наполни овој буџет нормално потребно е пари. Од каде пари? Има два начини. Или да ги земете од стопанството и граѓаните, тоа е едниот и плус да дојдат некои инвестиции, како што не доаѓаат или да земете кредит. Меѓутоа, доминантно е да ги земете од граѓаните. Објаснувањето дека се се намалило во оваа држава во давачките, а буџетот се зголемил толку не стои и покрај тенденцијата да се објасни дека само со дисциплина во наплатата и со редовност во наплатата ќе се постигнат тие ефекти. Едноставно не е можно.

Според тоа давачките се зголемени само треба да се идентификуваат на прав начин и на право место, а што и како ќе биде со тие давачки граѓаните ќе осетат понатаму затоа што сега и нотарите ќе можат едноставно да ви стават забрана на вашата трансакциска сметка и тоа на вашата социјална плата, па секој ќе ви земе пари од сметката само вие не ќе можете да потрошите ни денар ниту за себе, ниту за вашата фамилија. Колку ќе бидат наплатени сметки, или затворени тоа Господ знае, меѓутоа за да биде утехата голема во моментот се води кампања на новиот проект на Владата кој подразбира бруто плата и во кампањата цело време на радио на секои две минути кога се возите во кола слушате цела плата. Која цела плата? Значи, досега немавме цела плата. Вие ја крадевте платата. Сега ни давате цела плата. Сега ќе било поштено. Значи, нема да даваме давачки спрема Фонд за здравство, Фонд за ова, Фонд за она итна. Не е тоа цела плата. Која е таа цела плата?

Знажи, се користат средства со манипулација и зошто сето ова вака мене најголем предизвик ми е сознанието што долго време го барав и неможев да го најдам, а тоа е што е со нашата преродаба која треба вака да биде финансирана.

Мене ме изненади, самиот себе се изненадив кога почнав да читам некои работи за да се потсетам на некои работи и сфатив дека ова што кај нас се случува е плагијат на културната револуција во Кина од 1966 до 1977 година. Ќе ви набројам многу елементи, неколку, за да сфатите дека ние се наоѓаме во културна револуција, меѓутоа наша автохтона, македонска изразена и преку Програмата 100 чекори.

Културната револуција во Кина дојде после економските и другите реформи кои таму беа направени во тој период со паролата “сто цвета и сто школи”. Ние тргнавме со факултет во секое село и компјутер за секое дете. Ни едното, ни другото го направивме, ниту нешто ќе направиме. Практично тоа беше систем на објавување на војна на некој начин на сите оние што ќе кренат глава.

Дали таа културана револуција подразбираше промена на револуционерна свест. Попрво би рекол нешто друго што и кај нас се случува, а тоа е трансформација и на луѓето и на човекот и на системот. Односно воведување на принцип на превоспитување на воспитувачите. И ова се гледа преку две акции.

Кај нас убивање на интелектуализмот, заплашување на интелектуалците, а во културната револуција интелектуалците во Кина ги носеа по села за да се рехабилитираат и да сфатат што е физичка работа и од друга страна уништување на организации, со тоа што кај нас се уништуваат невладините организации и ред други кои што треба да бидат компатабилни во цивилното друштво.

Тоа е период во културната револуција кога застанува Конгресот што е законодавна власт во Кина, а гледаме што се случува со Парламентот или Собранието во Република Македонија кое е исто законодавна власт односно имаме власт која се развластува и се става на маргините на друштвото.

Во тој период во Кина е исто така укината функцијата претседател, а гледаме како се однесуваме кон функцијата претседател и во Република Македонија.

Значи се што правиме, правиме по теркот на културната револуција во Кина. Само незнам дали ова е ставено во Програмата во 100 чекори, или како што во Кина беше укинат Уставот, тогаш, или ставен ад акта, тој постои, ама ставен ад акта и кај нас Уставот се става адакта, а важи Уставот наречен 100 чекори проширен, надграден инт, затоа што гледаме што се случува и со работите околу прашањата кои ги поништува Уставниот суд.

Исто е и со судството. Најавата на реформите во судството инт., дојдовме до формално постоење на судството. Формално постоење на судството додека пресудите се пишуваат од страна на безбедносни структури како во културната револуција, меѓутоа кај нас тие се не лустрирани уште.

Посебни карактеристики кои ги имаше тој систем, тоа е теолошкиот карактер односно насоченост кон одредени целни групи или одредени процеси..
.

**Рафис Алити:** Ве молам г-дине Оровчанец држете се кон темата, буџетот. Дискутираме за буџетот.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине потпретседателе буџетот е да се финансираат овие работи. Значи ние во моментот финансираме што? Во културната револуција се финансираше градење на совршен комунизам. Ние градиме и плаќаме со

енормен буџет, правење на чист македонизам од антички до сега.

Персонификацијата на Мао Це Тунг беше гаранција за успехот таму. Персонификацијата на Груевски кај нас е гаранција дека ќе успееме во оваа револуција.
Расчекор во нормативите, тоа е она што вас колега потпретседател на Собрание сигурно ве засега, затоа што едно се декларира, вие се буневте за судските процеси од Хаг. Значи во нормативите имате расчекор помеѓу она што се кажува и што се случува. И тоа се финансира со овој буџет.

И како посебен елемент кој што е заеднички на овие два процеси, тие се паралелни само во различна временска дистанца, тоа е нерегуларноста во политичкиот систем односно изборите. Ние имавме катастрофални избори со тенденција сега со овој буџет така да ги исфинансираме за да се покријат и да се каже дека имаме одлични избори затоа што сфативме дека имаме проблем во тој дел.

Се на се, драги пријатели мои, имаме правење на монотеистички систем којшто е со некомпетитивна политика во која што нема дури експозе за буџет од министерот за финансии и уништување или правење на отсуство на опозиција. А доказ за овој монотеистички систем е вчерашното писмо, кое што беше објавено, на господинот Томиќ кое што треба сите да го прочитате и да ви биде лекција. Јас за ваков буџет кој што во старт е осуден на ребаланси и не е планиран не мислам да гласам. Благодарам.

**Рафис Алити**: Благодарам и јас, господине Оровчанец.

Пред да му дадам збор на пратеникот Јани Макрадули за реплика се пријавив јас.

(господинот Рафиз Алити излегува на говорница)

Почитувани пратеници, почитувани колеги.

Сигурно немаше да реплицирам доколку пратеникот или претходниот говорник не кажеше една невистина тука на говорницата со која што ја обвинува Владата која што е сега на власт и Владата која што си ја работи својата работа. Верувам дека немаше да реплицирам доколку не ја кажеше таа невистина дека оваа Влада ги активирала случаите или Хашките предмети. Господине Оровчанец и вие и јас знаеме кога е побарано да се вратат тие предмети во Република Македонија, како е побарано да се вратат и вие и јас сме убедени дека тие предмети не требаше тука да се отворат, меѓутоа, вие гласавте за отворање на тие предмети. Така што ставот на ДУИ и во претходната коалиција кога беше со СДСМ и во оваа коалиција е ист став што значи ние имаме многу аргументи за тоа што го кажуваме. Со отворањето на хашките предмети во Република Македонија, значи , вие заедно и опозицијата сте гласале за сусупендирање на Законот за амнестија. И оваа работа е вака, доколку сакате да манипулирате со граѓаните тоа е нешто друго. Ви благодарам.

**Рафис Алити**: Контра реплика има господинот Оровчанец Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец**: Господине потпретседателе погрешно сте ме разбрале. Јас не сум рекол дека оваа Влада ги активирала, јас реков дека ги формализира. И во тој контекст зборував збор “расчекор во норамитивите на институциите и владеењето на тие институции”. Со други зборови ако сте коалиционен партнер, ова сега просто ќе ви го кажам за да биде поразбирливо, за да не биде двосмислено, ако сте коалиционен партнер ви играат игра преку институциите на системот и затоа ќе го гласате овој буџет за да се игра таа игра. Благодарам.

**Рафис Алити**: Благодарам и јас.

Збор има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, претставник на Владата, колешки и колеги пратеници,

Според мене една од причините зошто во Република Македонија имаме единица од демократија е и во неспроведувањето на уставната гаранција на пратениците за политичка контрола на Владата, пред се во доменот на финансиите. Ние мора да направиме напори Парламентот не да има само формален авторитет и капацитет да води дебата, односно дијалог на глуви, бидејќи зборува само едната страна, туку мора да биде креатор, да учествува во креирањето на буџетот, но најмногу од се да води контрола како се трошат парите, односно зошто една Влада што мисли дека е транспарентна злоупотребува милиони и милиони евра. Се надевам ќе дојдат и такви времиња кога Собранието ќе биде гарант на трошењето на парите на граѓните во Република Македонија, парите што ги даваат сите, што ги даваме сите ние.

Буџетот за 2009 годфина е изборен буџет кој ќе ја банкротира Македонија. Со овој буџет во 2009 година ќе има социјални немири, и затоа ќе има политичка одговорност, и ќе има кривична одговорност. За индолентниот однос на Владата на Република Македонија кон моментот во кој што се наоѓаме во кој што нема ниту економска, ниту политичка, а деновиве гледаме ниту меѓу етничка стабилнст во Република Македонија. вие можете, Владата со своите продолжени раце во судството да го одземете имунитетот на сите, да не притворите сите, ама кога народот ќе ви суди тоа ќе биде казна од која не ќе може да избегате. Гледајте само што се случува во јужното соседство, бетер ќе се случи во Македонија. Зошто ќе банкротира Македонија со овој буџет ќе илустрирам со примери, како влегуваме која е реалноста во овој момент во Република Македонија? Намален кредитен рејтинг на Македонија, намалено индустриско производство, во октомври вклучено црвеното светло, индустријата во октомври падна за 10%, вчера Заводот за статистика на Владата на Република Македонија вели индустриското производтсво падна за 3%. Намалени инвестиции, всушност

инвестиции и немаше досега, туку и овие што ги најавуваа паднаа, односно сите компании што наводно потпишале некакви договори го одлгаат инвестициите. Намалена вработеност, без работа остана 3200 луѓе на 2 декември, 150 струмички текстилци останаа без работа, 200 работници во Фени отпуштени, неповолна состојба во птреработувачката индустрија. Плус, министерот за финансии покрај тоа што се скара со цел Парламент и со министрите од својата Влада, но успеа да не скара и со ММФ и така Македонија од политичка изолација со овој министер за финансии влегува во економска изолација. Намалена конкуретноста на Република Македонија, Македнија според извештај од 84-то на Свтскиот економски форум отиде на 94-то место. Македонија е оптоварена со глупави небулозни кампањи и Македонија во овој буџет го нема патриотскиот потез на министерот Славески, 11 милиони евра да се вратат на оние кои платија за една непатриотска одлука на министерот Славески и Владата на Груевски.

Но да видиме како почна сето ова. Почна со изјавата на вицепремиерот Ставрески на 14 октомври 2008 година за "Гласот на Америка" на македонски јазик: сметаме дека и да дојде до извесни последици врз македонската економија тие нема да бидат сериозно, односно и натаму ќе се одржат високи стапки на економски раст. Откога ги удоми цел кабинет во разни институции, браќа сестри, и во судството, останува заслепен дека во Македонија има економски раст. Но да видиме интересна работа што вика парламентарното мнозинство за две работи, и Владата се темели на нив. Прво, тоа се капиталните инвестиции.

Лилјана Поповска од парламентарното мнозинство вели за 49% реализирани капитални инвестиции, очекувам дека Владата во идниот период ќе обрне внимание на реализацијата на парите и за таа цел веројатно ќе биде потребно да бидат поставени подобри менаџери, веројатно повеќе да се води сметка какви кадри има на одредни раководно места.

Значи, бара реконструкција, бидејќи министрите ги водат парите и менеџирањето на инвестициите.

Или колешката Авировиќ: Навистина е оптимисички да се намали невработеноста на некаде околу 4%.

Или доскорешниот коалиционен партнер министерот Селмани, кој што беше до вчера во Владата на Груевски, одговарајќи на реплика на господинот Стојменов вели: "Почитуван колега, не сами ние во Парламентот, не само експеретите, тоа го знаат сите граѓани во Република Македонија дека Ммакедонската економија, економијата во Република Македонија е длабоко болна, длабоко во криза. Да ги тргнеме опозиционите партии, тие што малку мислат со своја глава, знаат до каде е работата и затоа, бидејќи има неспособни министри кои не можат да ги имплементираат капиталните инвестиции, има проекција која што се базира врз база на нереални аргументи и лажни , тоа сега ќе го аргументирам, Македонија за жал со оваа Влада ќе банкротира.

Еден од темелите на оваа Влада е тоа дека со бруто платата наводно ќе се зголеми вработеноста во Македобија за 4% и така нема да има дупка во пензиско инвалидското осигурување. Во услови кога 10 илјади работници само во овие два месеца остануваат без работа, само луѓе заслепени од рекламите, неизлезени од своите кабинети и кои одат само на договорени места за разговор со државни пари, со државни пари и пакетчиња што купуваат за деца, не можат да согледаат што се случува и која е реалноста во Македонија. Или да цитирам еден од луѓетошто вчера протестираа во Битола:"Господине Груевски, вие ќе бидете крив за сиромаштијата на 200 илјади луѓе во Република Македонија". Нормално кога од авион ќе избегате од пратенички прашања, ќе се симнете прааво на емисија, вие не знаете дека протестирале луѓето, дека немаат леб за јадење, дека ги тепа полицијата затоа што не платиле сметки за струја бидејќи неможат, бидејќи Ставрески си донесе Законт за покачување на струјата во Република Македонија. Во таква реалност ние зборуваме за буџетот за 2009 година. И темелната вредност на бруто платата според министерот за здравство е тоа дека овој концепт ќе направи во следните три години дупка во буџетот на здравствениот фонд за 326 милиони евра, цитирам изјва на господинот Османи. 326 милиони евра! Наводно тоа ќе се покриело од буџетот и затоа Владата не само што нема шанси - мислам може, бидејќи ќе направи рекет, ќе земе пари од сите ќе ги покрие тие трошоци- донесе закон со кој што долговие во Фондот за здравство ги отпиша и видете каква- не смеам заради достоинството на Парламентот да кажам таква констатација. Значи за законот за опростување на долговите во Фондот за здравство, покрај заздравување на таквите претпријатија се очекува да се зголемат тековните приходи на Фондот за здравствено осигурување. Не кинеска револуција, ова свемирска револуција не може да го направи, министерот за здравство вели ќе има дупка од 326 милиони, парламентарното мнозинство гласа закон со кој што се опростуваат долговите на фирмите, а во Фондот за здравство се очекува прилив, ама да ги погледнеме фирмите на кои Владата се определи да им ги прости долговите. Списокот е долг, нема потреба тука да ги читам, две фирми отскокнуваат, на познатиот неимар и градител Ѕинго "Силекс" - неметали и уште едни неимари, браќата Миладинови. Прочитајте, на нив им ги простувате долговите и сега како луѓето да ги вратат парите, кои ќе ги враќаат парите , па во Фондот да има повеќе пари собрано. Истата дупка ќе се случи во Фондот за пензиско осгурување затоа што да тргневме ниту во идеална ситуација не ќе имаше 4% повеЌе вработување, во овој момент има десет илјади луѓе помалку кои се останати без работа и Владата не прави ништо

зада превземе мерки, а гледаме дека Стопанската комора на Македониа апелира и излегува јавно со нови предлог мерки.

Дозволете да се обратам уше на два сегмента од буџетот, тоа е енергетиката и информатичката технологија. За жал , во буџетот на Република Македонија нема денар за инвестиции во енергетиката. Министерот за финансии тоа го правда како мерка со која ќе се справат познатите тендераши МЕПСО и ЕЛЕМ со кредит кој што ќе го земат, а гарант ќе биде Владата на Република Македонија. Тоа господинот Манасијевски многу добри го зборува или најдобрите мезимчиња, галеничиња или цицалчиња на Владата на Република Македонија се МЕПСО и ЕЛЕМ. Луѓе што прават 270 милиони евра обрт,Владата на по два месеци им дава по 500 милиони денари онака спортски да се поткрепат, а од инвестициите ни траг ни глас. Македонија во 21. век нема инвестиции, ризикува дали Новата година ќе ја пречекаме во мрак. Можеби ќе биде повесело, ама реално гледано ќе биде трагично. Нема ниедна инвестиција во обновливи извори на енергија, нема никаков план за Нуклеарната централа Белене. Имаше еден таен план да се преговара со РВЕ, германската фирма која што има акции доминантни во Нуклеарната централа Белене, ама гледаме како се избрукавме со тендерот за кој што Стопанската комора на Германија јавно ја обвини Владата на Република Македонија за сериозни пропусти и недоследности во тендерската процедура. Немејќи концепт државаа најмногу пари троши на увоз на струја. За месец дена се распишани два тендери од кои едниот со непознато количество, а во овој момент фирмите што работат бараат поефтина струја не од таа од увоз што е 80 евра, на оваа цена на нафтените деривати и на мазутот вклучете ја ТЕЦ Неготино, ќе произведува струја за 50 евра и таа струја давајте им ја ФЕНИ и Макстил онака како што и господинот МинчО Јорданов бара и другите директори од компаниите. Не мора да увезувате струја да се богатат два-тројца луѓе во Република Македонија, вклучете ја ТЕЦ Неготино, за 50 евра ќе имате струја која ќе им ја давате на тие компании, сите ќе бидат задоволни, нема на улица да одат луѓе без работа. Тие компани плаќаат данок, даваа плати, имаше вработеност во Република Македонија. Со овој игнорантски однос Владата превзема погубни чекори за многу вработени во Република Македонија .

Во однос на информатичката технологија да повторам две работи, два криминални акти шти ги прави оваа Влада. Прво, тендерот “КОмпјутер за секое дете”, еден од најкорумпираните проекти во Република Македонија, распишан од едно министерство, преминува во рацете на друго министертсво, тоа не е дозволено, истечена е гаранцијата за компјутерите, која е ставката со која ќе ја плаЌате гаранцијата и она што ќе се случува сега со компјутерите.

И второ, документ менаџмент системот што го имате наведено овде тоа е тендер што е распишан во јуни каде што се понудите отворени во октомври, како тоа за 2009 година имате пари предвидено? Имате предвидено пари за што насериозен кандидат да победи на тој тендер е братот на Гордана Јанкуловска. Не брат по вмровски израз туку реален , вистински, крвен брат.

И како одиме во 2009 година? Одиме со непатриотска одлука или решение за патриотските каси. Владата во својата затемнетост од стаклата во која што живее се обидува преку својот огранок “Вечер” да ни каже дека така било во Ирска. Во интерес на јавноста сакам да информирам дека Еврпоскиот суд одлуката на Ирската Влада ја има поништено, има донесено иста таква одлука каква и Уставниот суд да се обештетат сите што морале да купуваат патриотски каси. И вашиот бербер и на колешката козметичарот кои што морале да купуваат патриотски каси демек тоа се македонски производи. Истата одлука е поништена од Европскиот суд, а анализата покажала дека прометот на ирски производи паднал за 6%.

И затоа се прашуваме каква, со оваа банкротирана држава или со банкотирана по капацитет Влада со овој Буџет со кој ќе банкоритаме за жал, ќе ни биде 2009 година.

Спомена господинот Оровчанец, веројатно најскандалозната работа што му се има случено на новинарството во Македонија. Тоа е Народниот Парламент по терк на Никола Груевски и Слободан Томиќ. Тоа е Народниот Парламент, почитувани пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во кој што сте претворени вие, каде што ви треба пастир, каде што ви треба бесмртен и вечен лидер и водач. Во тоа ве има претворено Никола Груевски.

Како ќе гласате денес, тоа ќе значи како ќе живеат вашите и нашите потомци, деца во Република Македонија.

И втора слика, каква ќе биде Македонија во 2009 година, онака како што во спотот “За Македонија” го сними Груевски. Бидејќи Манчевски не може да сними толку лош спот. Бидејќи присуствуваше на сите сеанси и снимања, таква ќе биде сликата за Македонија. Темна, неизвесна, во која што само ќе ни остане да се крстиме и молиме, а за јадење ќе имаме само лубеници. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За реплика, пратеникот Мансијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам почитуван господине потпретседател.

Сакам да дополнам некои наводи во излагањето на пратеникот Макрадули во однос на здравствената каса и вкупните состојби и влијанието на реформите што се прават врз прибирањето на здравствениот денар.

Имено деновиве и неделиве присуствуваме на вистинската какофонија на изјави кои што е навистина многу тешко да се следат. Пратеникот Маркадули ги кажа изјавите од министерот за

здравство и ги кажа збирно. Бидејќи говориме за 2009 година јас ќе се сконцентрирам само за 2009 година.

Според усогласените изјави и на директорот на Фондот за здравство и на министерот за здравство, дефицитот во Фондот за здравство по основа на намалување на придонесите ќе биде 60 милиони евра само за 2009 година. Тоа, да ве потсетам е 20% од вкупните приходи на Фондот за здравство.

Министерството за финансии, во исто време излезе дека таа бројка на Фондот за здравство не е точна и дека дефицитот ќе биде 21 милион евра и дека тие пари се предвидени во Буџетот за санација на овој дефицит. Сега, вчера добивме нов документ од Владата, Макроекономската политика која што по цела логика треба да претходи на Буџетот, ние ја добиваме за жал, после Буџетот, а што е најинтересно и Владата ја донела откако веќе го донела Буџетот, што е потполно наопачки поставување на работите. Таму стои јасно дека дефицитот на Фондот за здравство ќе биде 5,2% што би значело некаде околу 16 милиони евра. Значи еве имаме три сосема различни бројки за иста состојба и јас со право сум загрижен дали ние воопшто знаеме колку ќе изнесува дефицитот во здравствената каса, а тоа е многу значајно затоа што, внимавајте што вели министерот за здравство, вели дека се плаши како или стравува дека намалениот прилив ќе удри на намалување на капитацијата кај матичните лекари, ќе доведе до можен колапс на болниците или до неможност да се набават доволно лекови за пациентите. Ова го тврди министерот за здравство.

Јас сум изненаден, еве веќе трет ден расправаме како никој не се осврна на овој сериозен проблем, меѓутоа со вакви различни проекции, со ваква какофонија и со отсуство на една реална политика каде што гледаме дека единствена мерка е дека финансирањето на отсуство при раѓање и доење ќе се префрлело во друг ресор. Меѓутоа тоа не го гледаме во Буџетот. Се работи за 10 милиони евра, ако биле префрени ќе ги видиме во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика. Значи, чиста импровизација господине Макрадули. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Манасијевски.

За контра реплика пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Колега Манасијевски, една од причините зошто ќе банкротираме е и односнот на Владата кон Фондот за здравство или кон фондовите во Македонија, а која за последица има одлуката на ова парламентарно мнозинство да гласа за закони без да ги гледа или без да ги чита за кои што еве ги зборував. Тоа е на пример Законот за простување, за отпишување на обврските за задолжително здравствено осигурување. И напишала Владата за спроведување на овој Закон се потребни финансиски средства и парламентарното мнозинство го гласа, а во Деловникот пишува, процена на финансиски средства потребни за овој закон, начинот на нивно обезбедување. Се додека парламентарното мнозинство гласа по така како ќе му текне, односно како ќе му каже пастирот и водачот се до тогаш Македонија ќе оди во бездна. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор е пријавен пратеникот ...

(Министерот за финансии, господин Трајко Славески бара реплика)

Збор има министерот за финансии, повелете.

(Реакција од место, дека нема право на реплика)

Процедурално немате право на реплика бидејќи не се пријавивте на време за реплика.

( Пратениците од опозицијата реагираат дека нема право на контра реплика )

Министерот има право во секое време да земе збор, за реплика не.

(Реакции дека времетраењето од 15 минути го искористил)

Ако го потрошил времето тогаш нема право.

(Министерот Трајко Славески бара да добие збор за реплика на господинот Макрадули)

Збор има пратеникот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Навистина денеска имаме плодна расправа за најголемиот Буџетот во историјата на Република Македонија и сите оние кои што се јавија за збор однапред да кажам дека и јас го превземам ризикот да бидеме етикетирани како кочничари на Владата или критичари кои бараат овој Буџет да биде повлечен во име на граѓаните на Република Македонија.

Почитувани колеги,

Се согласувам со дискусиите на сите колеги кои не го одобруваат овој Предлог Буџет за наредната година и ќе се обидам да не ги повторувам аргументите што беа искажани досега во мојата дискусија. Ќе се задржам на три сегменти при носење на овој Буџет.

Првиот, според мене битен сегмент е условите и состојбите во кои се носи а кои се однесуваат на овој Буџет.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги, кога светските медиуми објавија за падот на Леман Брадерс и кога во суштина се означи стартот на лавината финансиски колапси што го погодија целиот свет, нашата јавност веста ја прими повеќе како сензација отколку како сериозен сигнал дека нешто крупно се случува во финансовата сфера.

Тогаш Владата ни велеше дека ова што се случува во светот нема врска со нас, нема шанси да не погоди и да ни наштети. За жал, Леман Брадерс беше сфатено на глобаланта, прво финансиска, а потоа и економска криза што ги зафати, се разбира најмоќните држави во светот,

значи само повлече нога зошто кризата за кратко време се прелеа во Европа. И додека владите на поразвиените земји, помоќни се разбира од нашата, буквално дадоа знак за тревога и работеа, дебатираа во парламентите, во конгресите и сенатите и другите релевантни структури, за да усвојат тешки пакет-мерки против кризата. Нашата Влада, пак, излезе и рече дека не треба да се грижиме, не само што кризата ќе не заобиколи, туку можно е да имаме позитивни ефекти доколку евентуално не поткачи.

Донесувајќи го текстот на најголемиот Буџетот во историјата на независна Република Македонија тежок 2 милијарди и 700 милиони евра сите знаете дека се приреди и свечен коктел во ова Собрание. Во меѓувреме Меѓународниот монитарен фонд излезе со препорака за строга контола на јавните расходи и додека сите земји од регионот ги затегаа ремените ние го правевме токму спротивното. Меѓутоа, се разбира, Меѓународниот монетарен фонд нема релевантна претстава за состојбите во финансиите во нашата држава. Во исто време стигна сигнал од Светскиот економски форум чии што еминентни аналитичари и експерти анализијаќи го глобалниот индекс на конкурентноста, дадоа неповолен Извештај за Република Македонија.

Имено, од Извештајот на Светскиот економски форум за Македонија освен падот од 84 на 94 место од 130 земји за перод од две години од 2006 до 2008 година, меѓу другото се вели и следново: странските инвестиции и регионалната соработка веќе не можат да им помогнат на земјите од регионот на патот кон Европската унија, ниту во борбата против економската криза.

Гледаме денеска што се случува во Република Македонија, уште една голема светска компанија бара пролонгирање, тоа е компанијата ТАВ Турската авиокомпанија која што го зема македонскиот аеродором и таа бара пролонгирање токму заради глобалната, светската финансова криза. Паралелно со овие вести, читаме низ медиумите дека срамежливо, но во кратки црти се пишуваа се разбира статии дека Владата удира врз независноста на Народната банка. Се сеќавате сите тоа беше во октомври и ноември, како да беше вчера. Искрено со не знам која логика од гувернерот на Народна банка се побара да ги намали каматните стапки на благајничките записи. Само да потсетам заради јавноста станува збор за монетарен инструмент кој Народната банка на Република Македонија го користи за заштита на ценовната и макроекономската стабилност. Наводно, се разбира дека поентата била дека со намалување на каматните стапки под 7% ќе се засили економската активност и ќе се убрза и стимулира и ќе поефтини кредитирањето.

Додека се случува сето ова, почитувани колеги и покрај очекувањето на позитивни ефекти врз македонската економија од светската криза, како што вели Владата, повеќето компании, како што кажаа почитуваните колеги, во нашата држава почнаа да се соочуваат со драстичен пад на продажба на своите производи, значи со извозот, откажување на нарачките, намалување на производството, отпуштање на работници и тоа, се разбира, сето тоа како последица на светската економска криза.

По сето ова уследи нов пакет мерки од страна на Владата, чудо-пакет тежок 330 фиктивни милиони евра. Не за ублажување на ефектите од кризата кои најсилно сите велат дека ќе се почувствуваат во првите месеци на 2009 година, туку за опростување на стари заостанати долгови кон државата на некои, да не речам, обрани фирми во Република Македонија.

Почитувани колеги, вториот сегмент за кој ќе дискутирам е структурата на расходите на предложениот Буџет.

Значи имаме 2 милијарди и 700 милиони евра и само за оние што не знаат дека овој Буџет е дупло поголем од 2006 година. Нормално дека во право се сите оние кои што се прашуваат, дали со зголемување на буџетската потрошувачка за 50% во однос на 2006 година Владата сака да ни каже дека за скоро 2 години македонската економија двојно напреднала, дека за 50% сме ја победиле сиромаштијата и невработеноста, дека за 50% ни се подигнал животниот стандар во државата и да не речам сите знаеме и свесни сме дека ситуацијата, дека ни е дури полоша од онаа од 2006 година.

Зошто тогаш Владата сака Собранието да и одобри трошење на скоро милијарда евра повеќе од минатата година? Во текстот на Предлог Буџетот стои повеќе од 50% од вкупната сума од 2 милијарди и 700 милиони евра односно 1,5 милијарда евра оди за плата во јавната администрација, за пензии, социјални надоместоци. Само 487 милиони евра се планираат за капитални проекти, 70 милиони евра ќе оделе за исплата на субвенции на земјоделските производители и 18,2 милиони евра за капитални инвестиции во образование.

Почитувани дами и господа пратеници, кога сме кај платите кај јавната администрација пред да гласаме за Буџетот мислам дека е добро министерот или заменикот за финансии да ни даде прецизни одговори на некои прашања:

Прво, колку е зголемена бројката во јавната админстрација за последните две години.

Второ, колку лица се ангажирани со договор на дело или на определено време пред и последните парламентарни избори и за колку лица за истиот период е спроведена регуларна процедура за вработување.

Трето, на пример случајот во Министерството за економија, само да ги кажам насловите во дневниот печат, се сеќавате, беа " Славески го блокира Бесими". Како тие, почитувани колеги, нелегални, вон процедура унапредувања, без критериуми, без калкулирани во овие милијарда ипол евра, по старо или по ново унапредени?

Понатаму, јавна тајна е дека по министерствата, државните установи и разно - разни владини

комисии и тела, се исплаќаат хонорари од рака. Или поинаку кажано во илјадници евра. Само за потсетување ќе го посочам случајот со 30 илјади евра на министерот за образование. А, такви случаи има многу. Дури, според некои извори што не ги сметам несериозни, во овие, гледате, предизборни посети по села и градови на владини и партиски функционери на ВМРО-ДПМНЕ, наводно од Буџетот се плаќале дебели дневници и прекувремен труд.

Меѓутоа, почитувани колеги прашајте ја администрацијата, не мора надвор, еве само во Собранието да видидте што велат тие за покачување на платите. И она голем труд што го даваат, и она малку примања што ги имаа сега им се ускратени. Поразговарајте малку со нив, ќе добиете информации кое копче да го притиснете при носење на ваков Буџет.

Почитувани колеги, што да кажам за планираните капитални проекти на патна и железничка инфраструктура. Имаме, сите знаеме, кредит за патна инфраструктура од Светска банка, меѓутоа Владата никако да го изменаџира тоа, намерно или не. Прашајте некој од градоначалниците, ќе ви кажат дека влакно во јаце се бара во нивните проекти и никако да поминат, никао да се изреализираат.

Лично имав поднесено амандмани токму во делот на патна инфрструктура, нормално ниту еденне беше прифатен. Верувајте, навистина и јас се чудам како може Владата да плати спот и негово вртење по светски тв канали, што по слободна математика не би требало да е помалку од милион евра. Претпоставувајќи дека Македонија како вечна за туристите се разбира, привлечна земја, се прашувам дали некој знае како се стигнува до Дојран и до Смоларските водопади. Кој тоа странец ќе ја жетвува својата кола, својот автомобил кога патиштата до таму се за никаде. Кој тоа пратеник не знае, или зошто немаме во спотот како Дојран пие вода, дека нема во 21 век основна вода за основните потреби, за хигиена, нема вода за пиење со шишиња и канти полнат луѓето. И тоа е дел од нашата реалност. На таков начин ли ќе ги привлекуваме странските туристи. Меѓутоа, и за таков амандман Владата немаше слух.

Почитувани коелги, исплатата на субвенциите за земјоделците, 70 милиони евра, не знам дали има потреба јас да објаснувам, подобро прашајте било кој земјоделец. Беа ветени 2,5 денари . Вчера излезе министерот, не 2,5 денари, вели плус 1,5 денари. Замислете.Без ред, без поредок, без обрасци, без критериуми, а знаете дека на комисии овде расправавме за Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието. Тоа Европската унија не го дозволува.

Почитувани колеги, три години по ред зборувам за браната Сарандар која треба да се догради со уште 18 милиони денари. Меѓутоа, со таа брана, иако сите знаат дека треба да се обработуваат 500 ха провкласно земјоделско земјиште, никој не сака да слушне, претпоставувам само од инает, само затоа што таа брана ја започна една друга Влада, и подготвени сме се она што до сега е направено да пропадне.

Дали Владата знае, кога зборува и пишува за капитални инвестиции во образованието дека учениците од повеќе одделенија, на пример од третоодделение од шесто одделение, ќе ја завршат учебната година без учебници, дека ветениот бесплатен превоз во средното образование го има само во неколку општини во Република Македонија, дека добар дел од родителите сеуште сами го плаќаат тој превоз.

Почитувани дами и господо пратеници, мислам дека, ако сакаме да зборуваме за применливоста или користа на обој Буџет, сите ќе се согласиме дека ваквиот Буџет е добар исклучиво за публика, исклучиво за естрада, за популарност, за рејтинг, да неречам за опстојување. За жал, колку брзо и да биде понуден ребалансот, јас ценам дека ќе биде доцна. На приемр, се додека Валдата не даде јасен отчет по ставки, колку Македонија ја чини рекламирањето само потпишано со остварување. Колку е изработката на тој или на тие спотови, кој ги изработил, колку чини тоа здодевно објавување во сите медиуми.

Најголемиот експерт во ММФ, господинот Бланшар вели дека после секое предупредување доаѓаат многу тешки месеци. Ги повика сите влади во Европа да ги зголемат средствата за програмите за поддршка на стопанствата во своите земји. Не само Што ги прозва, отворено ги искритикува владите на една Германија, на една Велика Британија заради тоа што оценил дека не соодветно реагирале во пресрет на кризата и заради тоа што со совите постапки ја довеле земјата во сериозна опасност од кога ќе мора да се соочат со катастрофалните последици. Затоа, почитувани коелги,мојот став е, кога веќе Владата не прифати ниту еден од 204-те амандмани дадени од наша страна, кога трчавме од една до друга комисија, од една до друга сала, се разбира соовој небулозен Деловник.

Почитувани колеги, ве замолувам во име на сите граѓани во Република Македонија да се повлече Буџетот, почитуван заменик министер. Тоа е исправенпотег на Валдата. Да се изготви еден салам предлог проект кој ќе одговара на можностите и потребите на државата. Можеби тоа ќе се коси со интересите на владеачката коалиција, меѓутоа тоа ќе биде во интерес на граѓаните на Република Македонија. Благодарам

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Радмила Шекеринска, повелте.

**Радмила Шекеринска:** Господине потпретседателе, господа пратеници,

Се сеќавам дека пред не цели два месеци дискутиравме повторно на најважната тема, а тоа е темата пари и тогаш започна собраниската дискусија околу финансиската и економска глобална криза и можните последици врз Македонија. Јас тогаш искористив една паралела која сега сакам да ја продолжам.

Тогаш јас споманав дека министрите во нашата Влада се однесуваат како да се патници на бродот Титаник, сантата лед ги удрила, бродот тоне, ама тие се во горните палуби и сеуште танцуваат на музиката. Во меѓувреме бродот драматично се накриви на лева страна. Се накриви на лева страна и дури оние кои играа мораа да сватат дека сме во сериозен проблем и во сериозна криза. И после два месеци негирање дека кризата ќе има ефекти врз Македонија, фала богу и министрите во Владата на Груевски прифатија дека е ова прашање на кое треба да се дискутира. Меѓутоа, сега тие продолжуваат со истото опасно однесување. Тие се раководство на бродот Титаник, за жал во моментот македонската економија и тие продолжуваат, наместо да се трудат да ги спасат патниците и бродот, тие се обидуваат да не убедат дека има доволно чамци за спасување. Тоа и на Титаник се покажа дека било пресудно и дека завршило со катастрофа. Така Владата сега не убедува дека има 330 милиони евра или 330 милиони чамци за спасување, ама за жал до ден денешен никој не го видел ниту еден од тие чамци за спасување кој ќе може да и помогне на македонската економија да ја преброди оваа криза.

Беше многу интересно да се следи едно од интервјуата на луѓето од ММФ кои ја следат состојбата во Република Македонија и кои, нормално кога Владата најави дека обезбедува 330 милиони евра за спас на македонската економија, нормално новинарите отидоа кај луѓето од ММФ и ги прашаа што мислат за предложенио тпакет од 330 милиони евра. Луѓето од ММФ се прагматични, се економисти, не се алхемичари и тие рекоа за да ги коментираме треба да ги видиме.

Почитувани коелги пратеници, дајте денес овде да знаеме за што дискутираме. Денес овде дискутираме за Буџет на Република Македонија како единствен европски Буџет во кој нема ниту едно евро, ниту еден денар посветен на реално справување со последиците од економската криза.

На седница на Комисијата за фианнсирање и буџет кога ги дебатиравме амандманите, јас поставив многу едноставно прашање. Го имаме Предлог буџетот на Република Македонија, тој Буџет беше влезен во македонското Собрание на 13 ноември, неколку дена претходно беше утврден од страна на Владата, а дури на 27 ноември Владата заседаваше и одлучи да излезе со таканаречен пакет на мерки за справување со глобалната криза.

Јас поставив прашање и до минситерот и до претставниците на Министерството, многу едноставно прашање, дали во овој Буџет кој ни го пративте две недели претходно, постојат тие 330 милиони евра, или додека ние дебатираме во Комисијата, Владата ќе ни достави некои амандмани. Се чудев тогаш, сега веќе не се чудам што Владата одлучи да молчи. Практично немаше одговор на тоа прашање. Затоа, во стариот, прво поднесен Буџет, немаше 330 милиони, во новиот предложен Буџет нема 330 милиони евра и следната година Република Македонија ќе биде единствената држава која на својата економија и вели ќе те спасувам, ама парите сеуште ги немам.

Почитувнаи коелги пратеници, мислам дека е редно Владата да свати дека економијата не е реклама и дека во економијата ако немате пари за поддршка на одредена политика, нема политика.

Погледнете само што се случуваше во САД пред овие последни два месеци. Интервентно, тамошните пратеници, тамошните министри, не говореа на мобилни телефони додека траеше пленарната седница, туку интервентно се собраа и се договорија на кој начин ќе се справуваа со кризата. Создадоа еден интервентен фонд, фонд кој до сега немал толку големизнос во американската историја. За тој интервентен фонд дебатираше и власта иопозицијата, дебатираше и актуелниот и идниот претседателна Америка. Седнаа на маса и се договорија, бидјеки проблемот е многу поголем од разликите што ги имаат меѓу себе како политичари. Тоа е одговор на сериозна држава. Одговор на сериозна држава е да каже ова се не турбулентни, ова се катастрофални времиња за многу држави. Или ќе преживее македонската економија, или последиците ќе ги плаќаме 20 години, без разлика кој ќе биде на власт. Таква акција, такво чувство на заедништво, такво чувство на одговорност од Владата на Груевски не видовме од почетокот до ден денес. Јас за тоа жалам заради тоа што сметам дека опозицијата немаше во никој случај да биде нерпијател, немаше да биде во никаков случај критизер, ако така постапевте, туку на заедничка маса ќе дадевме одговор на едно тешко прашање. Меѓутоа, мислам дека е јасно зошто нашиот Титаник плови, нема чамци за спасување, а богами и министрите се разбегале, кој на прослави, кој, наводно, на службени патишта.

Има причина зоштонемаме сериозен одговор на кризата, заради тоа што доцневме со дијагнозата не дозволиви два месеци. Еве мало потсетување.

На 22 септемвир кога се случи првиот сериозен удар на американската берза, кога почна сериозниот пад на недвижностите кои повлекоа со себе и неколку банки и кога целиот свет кажа ова е момент вокој целиот свет е загрозен, а не само САД, еве штокажа минситерот кој денес, во овој момент е отсутен, господинот Славески. Вели: “во моментот немаме причина за такви прогнози кои велат состојбите ќе се влошат”. Замислете, 22 септември, во моментот немаме причина за такви прогнози, 22 септември.

Уште полошо, на 2 октомври, погоелмиот минситер за финансии, или поважниот, тој кој реално одлучува во Владата, господинот Ставрески вели вака: “македонската економија не е во опаснсо. Случувањата во Македонија ни даваат сигурност дека евентуалните последици врз Македонија нема да бидат значајни”.

Почитувани колеги, двајцата економски лидери гуруа во македонската Влада, вомоменти, на 2 октомври, патем речено, веќе се подготвуваше Самиот на европските лидери кои се собраа на исто место и покрај големите разлики меѓу нив и правеа план како Европската унија ќе се справи со кризата. Ние во тој момент односно нашите двајца најважни министри даваа вакви неодговорни изјави. Се разбира, наинтересна беше онаа изјава на Ставрески кој кажа дека всушност кризата нема за нас да биде опасност, туку ќе биде шанса. Денес, сакам да слушнам од господинот Ставрески за каква шанса мислеше пред не цели 2о или 30 дена.

Почитувани колеги, кога министрите не ја познаваат состојбата во областите кои ги следат, Република Македонија не може да се надева на подобра економска политика.

Во истиот тооj период добивме сериозни предупредувања од страна на неколку важни меѓународни институции.Бидејќи сега гледам дека Владата сака да ги минимизира, ќе ви прочитам една изјава на минситерот Салвески кога го бранеше Буџетот 2007 година. Тој вели вака: “потврда за одобрување на целокупното макро-економско опкружување и целокупната македонска економија се и повисоките оценки што Македонија во текот на годинава ги доби од страна на меѓународните рејтинг агенции. Значи, што вели Славески, кога работиш добро добиваш добри извештаи. Кога работиш квалитетно кредитниот рејтинг на државата оди нагоре.

Почитуван, не присутен министер, што правиме оваа година кога за прв пат после 4 години македонскиот рејтинг не оди нагоре, не стои на исто место,туку оди надолу. Кредитниот рејтинг на Македонија ќе влијае на сите идни кредитни планови на и во Македонија. За прв пат кога почнавме да правиме кредитни рејтинзи, како независна држава, за прв пат кредитниот рејтинг ви оди надолу.

Што правиме со Извештајот на конкурентноста кој вели дека Република Македонија за десет места е помалку конкурентна, а велиме сега ќе треба сериозно да се бориме за инвестиции, бидејки парите се малку. На тој најважен извештај ние покажуваме дека македонската економија нема со што да се наметне. И најважно и особено најинтересно за министерот Славески, што правиме со извонредно загрижувачките тонови кои доаѓаат од ММФ. Министерот за финансии немаше акде па рече треба прво да ги прочитам, па потоа да ги коментирам, не баре може министер за финансии да не го добие претходно извештајот и да не ги знае претходно оценките, а потоа се обиде да ги минимизира и да каже ММФ всушност не знае што му е работата и не ја знае областа економија и финансии.

Почитувани колеги, кога реалноста се менува, не чини да велите дека тоа што е реално не се случува. Кога сите меѓународни институции и финансиски експерти велат дека македонската економија е на работ на бездната, не одговорно е ние да се однесуваме, вие пратениците од парламентарното мнозинство, вака несериозно кон најважниот документ во годината, а тоа е Буџетот.

Дека состојбите се драматични, говореме пред месец дена кога ни понудивте ребаланс. Работите продолжуват да одат во надолна линија. Ние како опозиција сме загрижени.Вие како власт се чудам како не сте свесни за одговорноста која ј аимате на своите плеќи. Јас се обраќам навака, знам дека немам публика, дестина луѓе се тука од парламентарното мнозинство, ама и тоа е одраз на вашата несериозност.

Индустриското производство два месеци по ред паѓа, драматични 10% во октомври, 3% во неомеври. Трговскиот дефицит, неколкумина овде веќе говореа, како расте. Тоа не може вечно да трае. Трговскиот дефицит е неумолив. Или ќе продлжи Народната банка да го крева износот на каматите при што капиталот ќе стане многу скап и при што во македонската економија нема да влегува свеж капитал, свежи пари и инвестиции, или ќе го примени најлошото и најнепопуларно средство, девалвација. Буквално ќе им ги земе парите од џеб на граѓаните.Затоа некои се чудат зошто толку говориме за трговскито дефицит. Тоа ереалноста. Може да расте, да расте извозот, ама толкава разлика помеѓу извозот и увозот е невидена. Ако пред неколку години дефицитот на тековна сметка беше 0,4% од бруто домашниот производ, денес е 14%. Кој тоа ќе го финансира почитувани колеги.

Каматните стапки во моментот се највисоки после 2004 година. Тоа значи не само што немаме странци, бидјеки  и кај нив имаат проблеми и не инвестираат.

Сега слушаме дека и турската фирма најавила одложување на инвестициите, серија на инвеститори кои се рекламираа во изминатава година кажуваат дека ги одлагаат на одредено, или на неодредено време инвестициите. Меѓутоа, погледнете што ќе се случува кај македонските инвеститори. Каматните стапки растат и согласно тоа капиталот ќе биде поскап и потешко ќе се доаѓа до него. Тоа значи дека македонските инвеститори се помалку ќе вложуваат во нашата економија. Тоа значи дека бројот на работни места во Македонија ќе се намалува. Погледнете ги бројките во Агенцијата за вработување. Нема да говорам дека во моментов има над 20 илјади повеќе невработени од 2006  кога сте ја превзеле власта.Сега тоа е небитно. По прв пат после неколку години нас ни се случува дури и без политички проблеми да имаме покачување на бројот на регистрирани невработени лица. А ние, однонсно Владата спие со надеж дека ова невреме ќе помине и нема да се одрази на македонската економија. Не зборувам воопшто за макеоднската берза. Фирмите кои се котираат на македонската берза изгубија една милијарда евра од својата вредност без економската криза глобално, ги изгубија заради лоша македонска политика од септември 2007 до септември 2008 година индексот падна 75%. И сега вие кажете ми

дека треба да бидеме оптимисти и да велиме: браво, ова е вистинскиот Буџет. Овој Буџет ги има истите систематски грешки како што ги имаа сите претходни буџети на Груевски, на Славески и на Ставрески.

Јас би сакала сега малку повеќе да се сконцентрирам на Буџетот и да кажам зошто сметам дека е резултат на апсолутно погрешна политика која дополнително ќе удри на македонската економија, башка од глобалната криза. Буџетот во една држава е најважниот документ кој го носи едно собрание, Буџетот е префрлање на зборови во дела, Буџетот е да ја преведете политиката од зборови во бројки. Дајте да видиме што вели Буџетот? Кога ќе го прочитате Буџетот, кога ќе го споредите со минатите години, само две работи ви паѓаат на ум. Прво, трошиме многу, претерано многу над своите можности. И второ и најлошо, трошиме погрешно. Двете работи ќе ни се удрат од глава на сите нас, а одговорноста ќе остане кај мнозинството. Еве, колку е Буџетот. Нема да зборувам колку е зголемен од минатата година, мислам дека тоа беше некаде околу 22%. Во однос на Буџетот во 2006 година, овој е зголемен за цели 50%. Дојдовме до рекордно ниво од 2,8 милијарди евра. Да не беше кризата, да можевте уште повеќе да земате даноци, претпоставувам дека ќе одевте и над 3 милијарди. Меѓутоа, што е подобро во вакви моменти? Дали е подобро да се земат сите пари од економијата и да се пласираат на многу работи кои не се неопходни, кои не се потребни, или да им речеме на луѓето кои се во бизнисот, оставаме повеќе пари кај вас за да инвестирате, за да ги зачувате своите бизниси, за да отворите, или зачувате работни места и за да однесете леб во своето семејство. Тоа е прашањето. Дали со овој Буџет покажуваме дека се грижиме за граѓаните или се грижиме само за интересите на Владата. Низ Буџетот тоа е многу јасно напишано. Владата е единствената која во услови на глобална криза не мора да штеди. Треба да штедат граѓаните, треба да штедат бизнисите, треба да штедат сите , ама Владата е таа која секоја година се повеќе и повеќе ќе троши.

Она што сакам најповеќе да посветам внимание, тоа е како се троши во овој Буџет, затоа што точно е дека некои држави го зголемија трошењето. Го зголемија трошењето ама кажаа каде ќе инвестираат најповеќе, ќе инвестираат во патишта, ќе инвестираат во енергетика, ќе инвестираат во железница, ќе инвестираат во реални работи кои ќе и помогнат на економијата. Кај нас имаме зголемена потрошувачка на се, освен за овие најважни работи. Ова е единствениот Буџет во кој имате 0 инвестиции за енергетика и во која инвестициите за патишта се помали од инвестициите за мебел и опрема.

Почитувани колеги, тука би требало да заврши нашата дебата. Да бевте пратеници со кредибилитет, со лично мислење, требаше да и кажете на Владата , срамота е ова што сте ни го предложиле, вратете се назад и вратете ни домаќински буџет кој и помага на економијата и на граѓаните, а не на вашите интереси. Еве, на пример, министерот за финансии се пофали дека капиталните расходи се зголемиле за 9%. Па знаете како , кога целиот Буџет ќе ви порасне за 22%, а ве тресе глобална криза, минимум што може да направите е барем за 22%, толку колку што расте Буџетот да ги зголемите и капиталните расходи кои ќе вратат пари во економијата. Меѓутоа, Владата троши 600 милиони евра за плати, над 200 милиони зголемување отколку пред две години, 420 милиони евра за договорни услуги, 113 милиони евра за мебел и опрема и велам само 80 милиони насочени кон патишта. Ова се поразителни бројки кои пишуваат смртна пресуда на оваа економска политика на Владата. Има огромна разлика помеѓу она што го говорат и она што го пишуваат во бројките.

Што е договорни услуги, еве да им биде јасно на граѓаните зошто сметаме дека е тука голем проблемот. Знаете како, договорни услуги се на пример кога луѓе, државниот секретар, а сега унапреден министер ќе си подели на службениците по 20, 30 илјади евра хонорар за работа за која што примаат плата. Договорни услуги во Фондот на пример, се кога вработените во пулмологија ќе си поделат 200 , 300 илјади денари повторно за она за што земаат плата. Ова се ситници во споредба со крупниот Буџет. Ама мислам дека токму на овие ситници можеме да го видиме карактерот на власта. Карактерот на власта е ваков, јавно штеди, а тајно расипнички троши. Сметам дека е тоа еден од главните проблеми зошто структурата на Буџетот е апсолутно погрешна.

Овие капитални расходи кои што се предвидени во Буџетот и тие не се сигурни. Пред само месец, месец и половина од Буџетот во 2007 земавме една милијарда и 800 милиони денари од капитални расходи и ги ставивме во договорни услуги. Јас од сега ви ковертирам дека тоа повторно ќе се случи, дека оваа влада во капиталните објекти не сака, или не знае да вложува. Затоа сметам дека е ова единствен буџет во кој нема ниту еден денар за секторите удрени со кризата, нема денар за бенефицирана струја, нема денар за текстилот, нема денар за сите оние сектори кои што ќе ја платат цената. И затоа македонската економија по наликот на Титаник ќе треба да чекаат некои други кои што ќе водат малку повеќе грижа за патниците, вклучитено и некој како потпретседателот на Собранието. Благодарам.

**Рафиз Алити:** Реплика има пратеникот Александар Николовски,

**Александар Николовски:** Ви благодрам господине потпретседател на Собранието.Би сакал да полемизирам со дел од аргументите кои што ги спомена госпоѓата Шеќеринска. Имено, можам да се согласам со најзначаен дел од бројките кои што беа кажани, без разлика на кој дел се однесуваат и тоа е така. Едноставно бројките се тие кои што се, ситуацијата во светот, во светската економска криза е таа која што е ,

позната ни е на сите. Последиците во Македонија се тие кои што се. За среќа не се толку драматични колку што во одредени моменти сакаат да се претстават. Но, се согласувам дека треба да бидеме внимателни и треба внимателно да ја следиме целата ситуација за да не се доведеме во непријатни позиции како што јас убеден дека тоа го правевме и досега, односно во изминатиот период.

Клучното што беше споменато во дискусијата, со што јас не се согласувам, односно имам различни аргументи и кое што е споменувано исто така од другите колеги пратеници е ставот на опозицијата дека зголемениот Буџет оваа година е резултат на тоа што Владата преку своите механизми не сака да ги остави парите во стопанството, туку сака да ги стави во Буџетот и да ги потроши. За да е тој податок основан потребно е да се споредат неколку работи. Имено, како се добиваат повеќе пари во Буџетот, односно како државата може да ги повлече. Тоа е преку повисоки даноци, тоа е преку повисоки придонеси, тоа е преку поголеми остварувања во стопанството и економијата. Фактите говорат нешто друго. Фактите говорат дека ние го намаливме данокот,воведовме рамен данок на 10%, фактите говорат дека со законите кои што ги носиме во Собранието од 1 Јануари 2009 година ги намалуваме и придонесите за значаен процент за здравствено осигурување, пензиско и социјално осигурување и исто така фактите говорат дека Владата направи еден пакет кој што чини некаде околу 330 милиони евра кои што треба да го ослободат стопанството од проблемите кои што се наметнуваат со светската економска криза. Сега се поставува клучното прашање, а клучното прашање е , како е возможно при вакви услови на намалени даноци да се зголемува Буџетот. Одговорот е многу едноставен, одговорот се вика фискална дисциплина, односно одговорот на ова прашање е дека успева Владата преку своите механизми во изминативе години драстично да ја намалува сивата економија, така што парите кои што претходно се ставале во приватни џебови, заради тоа што имало неплаќање на даноци, сега завршуваат во државниот Буџет заради тоа што се најде ефикасен модел тоа да се направи. Така што поентата на целата оваа политика е дека со намалени даноци се остваруваат поголеми приходи во Буџетот, заради тоа што има поголема фискална дисциплина и поголема мотивираност на стопанствениците да плаќаат даноци. После тоа овие средства се трошат во стопанството на начин на кој што ќе и овозможи на економијата да заживее.

**Рафиз Алити:**

Контра реплика претникот Радмила Шеќеринска

**Радмила Шеќеринска:** 20 минути говорев, ниту заменикот, ниту министерот за финансии не излегоа да кажат, еве ги 330 милиони евра. Ако беа во право , ако вие бевте во право, ако имаше шанси да ме демантираат, имаа месец дена да и покажат на македонската јавност каде се 330 милиони евра. Почитуван колега пратеник, ги нема. Тие се фантомски. Тие се милиони евра кои што и онака не сте можеле да ги земете од фирмите и тие воопшто не им помагаат на оние фирми кои и онака се добри, кои се заинтересирани за извоз и кои ќе платат цена на глобалната криза, туку им помагаат на оние кои досега не плаќале придонеси, токму ова што вие сега велите дека не било добро. Вие ги наградувате тие фирми кои не плаќале. А што се однесува до собирање на даноци, знаете од каде се повеќето пари? Одете прашајте ги млекопроизводителите кои им ги собираат парите Битолска млекара директно од парите што треба да ги подигнат. Одете прашајте ги луѓето од пазариштата, тие требаше да почнат да плаќаат данок ,за да вие продолжите да трошите. Среќа, заради притисокот кој го направија па Груевски се предомисли.

**Рафиз Алити:** Има збор пратеникот Станка Анастасовска.

**Станка Анастасовска:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Светската економска криза што владее во моментов не ја одмина и нашата земја. Мерките што се преземаат во другите држави и институции одделни влади преземаа мерки, но тоа треба да биде предупредувачки фактор и за нашата Влада да преземе превентивни мерки за ублажување на последиците. Бидејќи кризата настапи пред да го донесеме Буџетот, имавме шанса за разумно проектирање на приходите и расходите за наредната година. Но, наместо тоа добивме несоодветно прилагоден Предлог Буџет за оваа година во одреденава ситуација. Владата се обидува да докаже дека овој Буџет е најразвојно ориентиран досега и ги отсликувал владините напори за справување со можните последици од кризата. Предложениот Буџет на Република Македонија за 2009 година е најобемниот Буџет што досега сме го имале и тоа го кажаа сите колеги досега. Ако направиме споредбена анализа во однос на Буџетот од минатата година, се забележува дека има раст и на приходите и на расходите Владата вели, дека Буџетот е толку голем заради зголемените капитални инвестиции во инфраструктурата кои не само што се неопходни за државата, туку и ќе донеле поголем економски развој и нови вработувања што не е точно. Воопшто не треба да се биде економист за да се согледа дека ова не е вистина. Тековните расходи се зголемуваат многу повеќе во споредба со минатата година отколку капиталните расходи, а тоа се гледа од следново. Од вкупно 478 милиони евра капитални расходи само 80 милиони евра се наменети за изградба на патишта и на инфраструктура. Останатите расходи немаат потикнувачко дејство врз економскиот развој , а најмалку отвораат можност за отворање на нови работни места.

Како пратеник од Источна Македонија го искажувам моето незадоволство поради

одбивањето на амандманите што ги поднесов за Општина Свети Николе и Општина Лозово. Се работи за многу малку пари што требаше да се одвојат, да се испланираат од овој огромен Буџет, но за решавање на големи проблеми на граѓаните во делот на водоснабдувањето, канализационите мрежи, изградба на локални патишта,со што многу ќе се олеснеше нивниот живот. Кога граѓаните би ги прашале да бираат помеѓу изградба на патишта или споменици, се разибра дека би одбрале патишта. Кога би ги прашале наместо изградба на спортски сали, сигурно би одбрале изградба на водоснабдителни системи.

Колегите пратеници од владејачкото мнозинство постојано ги слушавме и на Комисијата и денеска и претходниот ден кога расправавме по Буџетот, дека постојано се на терен. Но, јас велам, зошто се на терен кога ги слушаат приоритетните барања на граѓаните, но воопшто не се трудат тие да бидат имплементирани во овој Предлог Буџет. Ме загрижува и нешто друго. Колешката од ВМРО ДПМНЕ од Свети Николе, неможам да замислам како не можеше да гласа за потребите на граѓаните за оние граќани кои што гласаа за неа, како можеше да каже дека не е потребно за изградба на асфалтен пат каде што луѓето газат кал. Како можеше да каже дека во некое село не живеат жители, дека нема ниту еден жител и дека не е потребен пат. Дури и да е така, дали не треба да ги заживееме напуштените села. Без решавање на овие инфраструктурни проблеми, не можеме ниту да помислиме да одиме во Европската заедница. Никој така нема да не сака. Сите ние треба да се залагаме за рамномерен регионален развој. Ако Владата размислуваше така, не требаше да ги одбие амандманите поднесени од опозицијата, а посебно амандманот што се однесуваше на регионалниот пат М5, патот од Велес до Делчево, туку требаше да одвои средства не само за некаков пат, туку за автопатско решение. Бидејќи знаете дека во Источна Македонија немаме ниту еден километар автопат. Владата наместо да прави реформи во државната администрација, таа секоја година, па и сега ги зголемува трошоците за нивните плати. Реформите во здравството застанаа. Досега требаше да се реформира и секундарната здравствена заштита. А сведоци сме дека од друга страна Владата се залата за отпишување на заостанатите придонеси за здравтено осигурување на оние неплаќачи и со тоа би се намалил приливот на финансиски средства во здравствената каса на Фондот за здравствено осигурување. Сето тоа ќе чини и по пациентите, значи лошо ќе се одрази и по пациентите и по здравствените работници. Се повеќе се оптеретува стопанството и граѓаните со планираните даночни приходи на Владата со зголемување од 6% во споредба со минатата година. Овој дополнителен товар на македонското стопанство е дестимулирачки за било какви нови инвестициони вложувања. Зголемувањето на приходите во Буџетот од придонесите од плати за 175 милиони денари во година кога Владата најави намалување на давачките за придонеси од плати за околу 10% во 2009 година е доказ за злоупотреба на концептот на бруто плата, бидејќи буџетот покажува наместо намалување на придонесите, нивно зголемување.

Зошто Владата зема дополнителни кредити кои ќе ги враќаат многу генерации понатаму, кредити за капитални инвестиции, а изворните приходи ќе ги користи за купување мебел, опрема, договорни услуги, реклами, плати на државната администрација. Кога буџетот станува се поголем, граѓаните се се посиромашни и живеат полошо. Тоа ни го покажува порастот на бројот на корисници на социјална помош. Таа парична помош е толку многу мала, што не може ниту оддалеку да ги задоволи основните потреби на граѓаните, основните егзистенцијални прашања не може да ги реши.

Тие не се доволни, значи социјалната парична помош не е доволна ниту за храна за едно семејство, а да не зборуваме за облека, школување, струја, греење итн. Жалосно е што Владата не можеше да биде доблесна да прифати предлози од страна на опозицијата и тоа многу добри предлози во интерес на граѓаните и тоа на најсиромашните слоеви. Како на пример законот за заштита од енергетска сиромаштија, амандмани од областа на енергетскиот сектор, инфраструктурата, туризмот итн.

Заради интензивирање на економскиот развој и апсорпција на работна сила, нови вработувања, со што би се намалил бројот на корисници на социјална помош. Од така обемен буџет Владата не можеше да одвои средства ниту за бранителите, ниту за стечајните работници.

СДСМ не се согласува со ваков концепт на буџет генерално, а посебно не во услови на економска криза во државата која се прелеа во реалниот сектор. Постои опасност од понатамошно отпуштање на многу работници од работа.

Добро проектиран буџет е оној кој предвидува вложување во капитални инвестиции, да ја зголеми вработеноста и да го подобри животниот стандард на граѓаните.

Бидејќи овој Предлог буџет е сосема нешто спротивно и штетен за Република Македонија, СДСМ нема да го прифати. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Јаготка Ивановска, повелете.

**Јаготка Ивановска:** Благодарам претседателе.

Колешке Анастасова, вашата дискусија е неаргументирана, невистинита. И јас и вие и сите граѓани на овчеполието знаеме дека со години наназад времето во светиниколско беше застанато. Дури сега со буџетите од 2007 и 2008 година колешке, Свети Николе почнува да заживува.

Десет години го немавме основниот услов за живот - водата за пиење. Вие често милувавте да се пофалите од говорница како претседавач на Советот, а знаете како ги изманипулиравте

средствата што беа наменети за пречистителна станица.

Затоа колешке, сиот ваш локал патриотизам е лажен. Зошто вашата фирма која мошне добро котира има седиште во Скопје. Зошто не одвојувате средства од сите оние даноци за општина Свети Николе, за граѓаните на Свети Николе. Сите амандмани што ги поднесовте беа неаргументирани. За ни еден проект, за ни еден локален проблем немаше изготвено проект. Градоначалникот од Лозово, тој е од вашите редови од СДСМ не сакаше ниту да аплицира на огласот на Министерството за транспорт и врски за локални патишта, немаше изготвено проекти. Кажете го тоа пред светиниколската јавност, но луѓето знаат, веќе се свесни што се случува. Важно е дека Свети Николе оди напред, дека Свети Николе после 10 години добива безбедна вода за пиење, дека Свети Николе има спортски сали, игралишта каде ќе бидат згрижени нашите деца. Знам дека не водите грижа за вашите деца затоа што тие се тука по Скопје и возат порше, а нашите деца, моите деца и децата на моите сограѓани газат кал, точно е тоа, по Свети Николе. Но, за сите локални патишта колешке има поднесено проекти. Аплицирано е до Министерството за транспорт и врски и очекувам дека ќе бидат одобрени средства уште во првата фаза.

Затоа не ширете лажен популизам, веќе знае светиниколската јавност колку се грижите за нив и колку мислите. Сето тоа што требаше да им го дадете на светиниколчани вие си го зедовте за вас. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика за госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитувана колешке, не знам зошто толку се вознемиривте. Ако сте исправна пред граѓаните, не требаше да се вознемирувате.

Јас сега ќе ви кажам првата работа што ме обвинувате за некаква злоупотреба на изградбата на водоводниот систем, до сега 4 години сте на власт и на државно и на локално ниво, доколку имаше некаква злоупотреба требаше до сега да го извадите тоа на површина. Не знам како може претседател на совет кој нема допир со финансиски средства на локалната самоуправа да направи злоупотреба, кражба, па да си купи нешто за себе, не ми е јасно, вие сте правник, вие треба да го знаете и да не настапувате така.

Друго, за фирмата, седиштето е формално во Скопје, но се е во Свети Николе, сите придонеси се плаќаат во општина Свети Николе и се се купува од таму.

Проекти што рековте за општина Лозово и за Свети Николе има, но бидејќи во општина Лозово е градоначалник од редовите на СДСМ затоа не му се прифаќаат проектите и Свети Николе не оди напред, туку се враќа години наназад. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа што господинот Талат Џафери не е тука, го губи правото за збор.

Има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Претседателе, благодарам што ми дозволивте да говорам пред паузата, се надевам дека ќе ме разберете затоа што има Комисија за деловнички и мандатно имунитетни прашања, морам да присуствувам.

Дозволете ми на почетокот на мојата дискусија да проговорам малку за тоа во каков амбиент се носи Буџетот за 2009 година. Собранието работи по новиот Деловник, Предлог буџетот за 2009 година се наоѓа на пленарна седница, арно ама претходно граѓаните немаа прилика и на ваква пленарна седница да ја слушнат дебатата по 200-те амандмани кои ги поднесовме и едноставно да видат како сите 120 пратеници во ова Собрание ги уценуваат и какви размислувања имаат за политиките на Владата која Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ ги планираат да ја водат во 2009 година.

Но, тоа е апсурдноста на новиот Деловник која, искрено верувам, дека ќе ја отстраниме во многу блиска иднина. Затоа сега во само 20 минути ќе можам да го кажам сопствениот став за овој Предлог буџет и, за жал, скоро никако не можеме да влијаеме на негови промени на подобро. Рака на срце тоа не е само заради новиот Деловник, туку и заради немањето слух на Владата и владеачкото мнозинство за нашите предлози.

Владата на Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ го предлагаат овој буџет во посебни услови, глобалната финансиска криза сериозно ја чувствуваат граѓаните на Република Македонија, без разлика колку Владата се труди тоа да го сокрие. Тоа едноставно се гледа и во расположението на мнозинството граѓани во пресрет на новогодишните празници, едвај сврзуваат крај со крај во месецот и не можат да си ги задоволат основните животни потреби, а камо ли да помислат на славење, подароци за најблиските или да си приуштат некое новогодишно патување.

Со еден збор се е сведено на гола живеачка. Добро е што Владата во последен момент ги прифати нашите укажувања и на вчерашната седница на Влада ја смени својата одлука за фискализација на пазарите, па граѓаните пред новогодишните празници ќе бидат во можност да купат барем малку поефтини производи на пазарите во пресрет на новогодишните празници.

Многу се говореше за состојбата во државата, ќе се обидам кусо да повторам неколку околности, значи, македонската берза за хартии од вредност доживува и доживеа драматичен пад на акциите и дополнително падна обемот на тргување во последната година, банките ги зголемуваат кредитите или воопшто не дозволуваат кредитирање или не даваат кредити на граѓаните. Очекувањата се дека растот на македонската економија во 2009 година ќе биде многу помал од

проектираниот иако оваа Влада упорно тврдеше дека кризата ќе ја одмине Македонија, првите ефекти од кризата се прелеаа во реалниот сектор, удар доживеаа увозните гранки, металургијата, градежништвото и текстилната индустрија. До сега 12 илјади работници се на принуден одмор, тоа се очекува да се случи и со нови 15 илјади кои можат да останат без работа.

Но, тоа апсолутно во ниту еден момент не ја поколеба Владата и покрај укажувањата на економските експерти да ја смени својата одлука и да почне вистински да штеди. Очигледно единствен кој ги послуша препораките на експертите за штедење е почитуваниот претседател на Собранието кој на последната средба со новинарите за разлика од претпходните средби, наместо со вечера ги послужил само со кикирики и ракија, веројатно тоа е дел од штедењето на Владата, но жално е што во време на економска криза Владата на Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ го предлага до сега најголемиот буџет во историјата на Република Македонија, буџет од 2.800.000.000 евра.

Нема дилема, се работи за предизборно скроен буџет, министерот за финансии тврди дека овој буџет е најразвојно ориентиран до сега и наводно ги отсликува владините напори за справување со последиците од глобалната економска криза.

Ние од опозицијата сметаме дека е надвор од било каков економски разум во ваква криза да се предлага буџет од 2,8 милијарди евра вкупни расходи, сметаме дека веднаш дури во февруари состојбата со девизните резерви драматично ќе се влоши и дека се заканува девалвација на денарот, дека постои опасност државата да не може да ги намирува своите основни функции, едноставно да настапи банкрот на државата.

Но, ниту Владата, ниту владеачкото мнозинство не се согласува со нашите ставови, напротив, некои од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ на првиот ден од расправата по буџетот како на пример колешката Анета Стефановска на нашите укажувања и апели кон Трајко Славески одговараше дека ние не сме во право, дека токму тој е најдобриот министер за финансии до сега и токму заради тоа, знае што прави. Очигледно не е тука, не знам да не и пуштиле од овие партиските тројки на ВМРО-ДПМНЕ да ја превоспита, бидејќи според стандардите на ВМРО-ДПМНЕ посебно најдобар министер за финансии може да биде само Никола Груевски и никој друг. Добро е, ама ми текна дека има други механизми за превоспитување на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, поефикасен механизам за кој пишуваа медиумите, ако некој од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ мисли поинаку, можат да се активираат мениците што, според одредени информации, ги потпишале пред изборите за да бидат кандидати за пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Но, нејсе, одговорноста е на Владата и на владеачкото мнозинство за тоа што немаат слух за укажувањата на опозицијата.

Според министерот за финансии и владеачкото мнозинство овој Предлог буџет за 2009 година е развоен и ќе обезбеди зголемување на јавните инвестиции. Ајде да видиме дали е така.

Со овој буџет Владата предвидела дека за плати на државната администрација во 2009 година ќе потроши фантастични 582 милиони евра. Ова е за 17% зголемување во однос на 2008 година, а тоа во превод значи нови 10 илјади вработувања во државната администрација во 2009 година. Ако направиме споредба, ќе видиме дека во 2006 година за плати на државната администрација биле предвидени 388 милиони евра, а сега за 2009 година Владата предвидела 200 милиони евра повеќе. Но, тоа нас воопшто не не зачудува, карактеристично за владеењето на ВМРО-ДПМНЕ е да ја полни државната администрација со партиски кадри. Впрочем тоа беше случај со периодот на Владата на Љубчо Георгиевски и Никола Груевски и од 1998 до 2002 година кога партиски војници преземени со спогодби од фурни, гранапчиња и кафулиња преку ноќ се стекнуваа со статус на државни службеници.

Само за илустрација, да го поткрепам ова мое тврдење со факти, бројката на вработени во државната администрација од 1998 година изнесуваше 64 илјади, а до 2002 година како резултат на владеењето на тогашната Влада на Љубчо Георгиевски и Никола Груевски бројката достигна околу 100 илјади вработени. Оваа Влада буквално систематски ја партизира државната администрација. Во државната администрација има место само за лица со партиски книшки, а посебен приоритет им се дава на роднини, сопруги, момчиња, пријатели на високи функционери на владеачката партија.

Дополнително, ако е точно, дека само Кабинетот на македонскиот премиер Никола Груевски брои ни повеќе ни помалку туку 114 вработени, слободно можеме да констатираме дека оваа Влада не што нема намера да создаде мала и ефикасна државна администрација, туку напротив се однесува мегаломански како што е буџетот за 2009 година. Или просто кажано пет пари не давате за забелешките на Европската комисија, буквално високите владини партиски функционери си ги вработуваат роднините каде ќе стигнат. Затоа во последниот Извештај на Европската комисија посебно се потенцира партизација на полицијата така на пример лидерот на економскиот тим во Владата вицепремиерот Зоран Ставрески ја вработил својата снаа во СВР Охрид или на пример сте го вработиле секретарот на општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Струга да биде цариник на граничниот премин Ќафасан и тоа без соодветно образование.

**Трајко Вељаноски:** Колега, по буџетот да расправаме. Продолжете.

**Емилијан Станковиќ:** По буџетот разговараме.

Сега, кога гледам ваква проектиран буџет се прашувам, бидејќи е мегаломански од 2,8 милијарди евра дали со ова некои забелешки ќе

се отстранат од страна на Европската комисија каде на пример една од забелешките беше дека не е воспоставен систем на парично наградување на вработените во јавната администрација. Јас се чудам како Европската комисија изгледа немала доволно информации или направила превид, мислам дека апсолутно има и затоа е така проектиран буџетот, но тоа важи само за партиските војници на ВМРО-ДПМНЕ во државната администрација. Има систем на парично наградување и сега ќе ви дадам примери.

Раководителот на Секторот во Кабинетот на вицепремиерот Зоран Ставрески кој е државен службеник членува, спротивно на Законот за државни службеници, во пет управни одбори. Ако не е тоа, тоа е супер награда.

Државниот секретар во Министерството за одбрана членува во Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации и во Управниот одбор на Фондот за управување со депозити. Исто е случај и со портпаролот на Министерството за внатрешни работи Иво Котевски кој, покрај државна плата, си добива паушали од управните одбори на Агенцијата за патишта и Комисијата за мало и лесно оружје.

Но, не само тоа, туку покрај плата, па уште една функција плус од која зема по 100, 200 и повеќе евра имаат некои именувани владини функционери како на пример директорите на Управата за јавни приходи Горан Трајковски, на Службата за општи и заеднички работи Васе Доневски и на Царината Ванчо Каргов кои се претседатели на управните одбори во скопските јавни претпријатија Водовод и Канализација, ЈСП и Комунална хигиена. Значи, нема штедење во буџетот за 2009 година за партиските војници на ВМРО-ДПМНЕ кои се дел од јавната и државната администрација. Ама затоа другите вработени во државната администрација мора да го полнат буџетот тие кои не се партиски војници мора да бидат казнувани по 15% од плата, нормално за да го наполната мегаломанскиот буџет за 2009 година. Еве во рака држам документ од директорот на Царина Ванчо Каргов кој е награден за својата успешна работа со плус примања од директорската плата, замислете наредил сите вработени во Царината кои водат судски спорови против Царинската управа да се казнат 15% од месечната плата, па дури и да се покренат кривични пријави против нив. Нормално за едни ќе бидете мајка, за други ќе бидете маќеа, мора да се полни буџетот.

Во Предлог буџетот за 2009 година Владата предвидела 173 милиони евра за Министерството за внатрешни работи кои во споредба со 2006 година е 47 милиони евра повеќе. Наводно вака проектираниот буџет е резултат на големите успеси на полицијата во наводната борба против криминалот и корупцијата оваа Влада и затоа не ви е потребно да се модернизира, да се купуваат нови возила и опрема за која никој не знае за што и како се користи.

Арно ама тоа што се зборува не се спроведува во пракса. Како што неколку пати сум напоменал се апсеа луѓе за 5 евра, се спроведуваа со лисици пред телевизиски камери, се апсеа спектакуларно припадници на опозицијата, но Министерството за внатрешни работи три месеци наводно не може да го најде пратеникот на ДУИ кој е обвинет за воени злосторства против цивилно население, единствено заради тоа што е дел од владеачката коалиција.

Дополнително нема да говорам дека голем дел од овие средства за полицијата ќе се користат во 2009 година во предизборни цели и нормално повторно за пресметка со политичките неистомисленици.

Ајде сега малку да проговориме за омилената ставка на Владата, ставката договорни услуги која за 2009 година се предвидува дека ќе се потрошат огромни 426 милиони евра.

Во 2006 година за договорни услуги се трошеле 303 милиони евра, а во 2009 година Владата планира да потроши 123 милиона повеќе. Нормално, повеќето од овие пари ќе се трошат на кампањи и себе рекламирање. Очигледно, Владата во 2009 година ќе продолжи со праксата да биде најголем закупец на медиумски простор и за тоа ќе си зема за право да се меша во уредувачката политика на медиумите и да прави досега невиден притисок врз нив. Затоа и ќе ни се случува на јавниот радиодифузен сервис МРТВ да се емитуваат емисии на кои водителот за да го одоброволи македонскиот премиер Никола Груевски да се појави на интервју со однапред договорени прашања со Партискиот центар за комуникации на ВМРО ДПМНЕ, мора полтронски да му се обрати, не можам ова да го издржам, а да не го цитирам. . .

**Трајко Вељаноски:** Колега, сепак, пак ќе ве опоменам, за буџетот да расправаме, ова не е прес-конференција.Можете да свикате прес-конференција и ќе си кажете многу работи.

**Емилијан Станковиќ**: Ќе си свикаме и прес-конференција, не се секирајте.

Значи, ми причинува голема чест и задоволство да ви заблагодарам што ја примивте како дбредојде пораката на гласот на народот и од мое име и оваа година да дадете новогодишно интервју. Тоа уште еднаш потврдува дека сте вистински лидер и пастир на македонскиот народ, тој што го сака својот народ и не се плаши од него, тој е бессмртен и вечен негов лидер и водач.

**Трајко Вељаноски:** Колега, немојте да ме приморате да ве прекинам.

**Емилијан Станковиќ:** Претставувам сега, претседателе, гледам дека сте нервозни.

**Трајко Вељаноски:** Ја злоупотребувате говорницата. Можете да си држите прес-конференции колку сакате.

**Емилијан Станковиќ:** Добро, без нервоза.

Владата свесно ќе ја држи во 2009 година во агонија МРТВ, вработените со месеци нема да земаат плати, арно ама, интервјуата со

македонскиот премиер Никола Груевски ќе одат во ударни термини, за нив ќе има реклами и по можност ќе се репризираат 12-13 пати.

Последно што сакам да говорам по Предлог буџетот за 2009 година е тоа дека во овој буџет се предвидени средства за справување со ефектите од глобалната финансиска криза за која Владата пред некое време тврдеше дека ќе ја одмине Македонија и не само што ќе ја одмине, туку всушност, македонската економија и најмногу ќе ќари од економската криза. Владата пред извесно време излезе со некои тн., пакет мерки за излез од кризата и за справување со кризата, која што според пресметките на Владата се околу 330 милиони евра. Овие 330 милиони евра, почитувани пратеници, се всушност фиктивни средства кои никаде не може да ги видиме во проектираниот буџет за 2009 година. Меѓутоа пакет мерки кои што одеа со измени во одредени закони, Владата предвиде мерки за отпишување на долговите или одложување на плаќањето на долговите на фирмите кои редовно не ги плаќаат своите обврски кон државата или поточно кажано оваа Влада со мерките ги привилегира токму оние кои не се редовни плаќачи за сметка на оние фирми кои редовно ги плаќаат своите обврски кон државата. Меѓутоа, некој мора да го полни мегаломанскиот буџет за 2009 година, се разбира тоа повторно ќе падне на грбот на граѓаните.

Денес на Законодавно-правната комисија расправавме за измените и дополнувањата на Законот за извршна постапка според кој оние граѓани и правни лица кои нема да бидат или не плаќале режиски трошоци, струја, вода, и други комуналии, на врата ќе им тропне извршител. Ако немаат пари да си ги платат долговите, ќе им земат мебел, столици и други вредни подвижни ствари, ама дополнително на сето тоа ќе мора и да ги платат таксите кои извршителот ќе им ги наплати за постапката која што ја презема. Дополнително може да им се случи, бидејќи МРТВ, а МРТВ сеуште нема утврден модел за собирање на радиодифузна такса и со време на еден од поголемите должници, може да влезе извршител, да им ги земе камерите и или да нема интервјуа или да не се пренесуваат интервјуата на Никола Груевски или Собранието да нема пренос на седници, но за тоа ќе видиме кога ќе почнат да се спроведуваат измените и дополнувањата.

Оваа Влада дефинитивно креира амбиент во кој што има социјални тензии кои што за жал, ќе повторам за жал, можат да се претворат во социјален бунд на граѓаните. Значи, има пари за реклами, за плати на државната администрација, за нови вработувања во државната администрација, за Министерство за внатрешни работи, за се и сешто, само нема пари за водење на социјална политика и социјални мерки за граѓаните. Нема пари за социјални мерки за справување со енергетската сиромаштија, ама за тоа има за мебел и опрема во вредност од 143,8 милиони евра, има пари за честитки, за субвенции, за ЕЛЕМ и МЕПСО во вредност од 44,2 милиони евра, но нема за она што сите ние треба најмногу да бидеме загрижени, тоа значи социјалната политика и социјалните мерки за граѓаните. Министерот не е тука.

Почитуван заменик министер, почитувани претставници, иако сте малку на владеачкото мнозинство лесно ни е нас или посебно на вас, како власт да кажете дека нема криза, дека нема сиромаштија, дека ова е развоен буџет кога седите во кожни фотелји и ве возат со службени коли и со плата повеќе од 1000 евра. Вие се можете да издржите, па дури и девалвација на денарот. Арно ама, прашајте ги граѓаните како се чувствуваат. За жал, ќе повторам за жал, вие не знаете што е одговорност, вие единствено се грижите за личните и партиските интереси. А, за граѓаните Срећна Нова 1949 година. Благодарам претседателе што ми излеговте во пресрет да проговорам за проблемите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,10 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 15,17 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа**.**

**Илјази Садие:** Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Во деновите кога во Комисијата за финансирање и буџет од страна на министерот за финансии, г-динот Трајко Славески беа отфрлени амандманите на ДПА, на оваа пленарна седница во име на парламентарната група на ДПА јас морам да ги повторам и да реагирам за ова прашање.

Всушност, мојата реакција во однос на намалувањето на финансиските средства за Државниот универзитет во Тетово. Поаѓајќи од фактот дека Државниот универзитет во Тетово како единствен државен албански универзитет во Македонија кој што има голем број на студенти, околу 12 илјади студенти, кој што има голем број на предавачи и соработници, вкупно 261 и други соработници, партеем соработници 364 и недостаток на простор за реализација на воспитно образовниот и научниот процес морам да реагирам за непочитувањето од страна на министерот за финансии во однос на одбивањето односно отфрлувањето на нашите амандмани.

Државниот универзитет во Тетово на 25.08.2008 година се обратил до Министерството за образование и наука и до Министерството за финансии со елаборат за потребите на оваа инситутции за 2009 година. За жал наспроти целосната документација која што беше поднесена до споменатите министерства сепак предлозите и барањата на Државниот универзитет во Тетово не беа земени во предвид во текот на изготвувањето на Предлог на буџетот на Република Македонија за 2009 година.

Во Буџетот за 2008 година кој што беше предложен во 2007 година кога ДПА беше на власт Државниот универзитет во Тетово доби 269

милиони денари односно 394 милиони денари со ребалансот, додека сега со Предлог буџетот за 2009 година се предвидува само 205 милиони и нешто денари расходи од основниот буџет наспроти реалните потреби на овој универзитет во висина од 400 и некои илјада денари. Значи ниту половина од финансиските средства кои што се потребни не се предвидени во Предлогот на буџетот за 2009 година.

Сакам да истакнам дека само за привршување на Правниот и Економскиот факултет потребни се финансиски средства од 208 милиони денари.

Што се однесува до Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” Скопје предвидени се 1.385.000.000,00 денари што претставува пораст од 313 милиони денари во споредба со буџетот од 2008 година.

За Универзитето “Св.Климент Охридски” во Битола предвидени се 255.492.000,00 денари додека во 2008 година беа предвидени 168.420.000,00 денари. Значи и тука имаме пораст од 87 милиони денари.

За Универзитетот “Гоце Делчев” во Штип во Предлог буџетот за 2009 година предвидени се 299 милиони денари, додека во 2008 година беа доделени 288 милиони денари. Повторно имаме пораст, зголемување на износот на средствата. Само за Државниот универзитет во Тетово во Предлог буџетот на Република Македонија за 2009 година не виде за упатно да предвиди за овој Универзитет доволно финансиски средства, туку напротив имаме намалување, драстично намалување на износот и тоа за 144 милиони денари.

Не сме против зголемувањето на износот на другите универзитети, мислиме дека во секој универзитет треба да се подобрат условите за работа, ние сме и за пораст на платите на вработените во образованието, затоа што тоа е најефикасниот начин за подобрување на квалитетот на наставата. Меѓутоа, не можам да сфатам како може да се спречува еден нов успешен универзитет со намалување на буџетот на истиот.

Државниот универзитет во Тетово треба да добие финансиска помош, финансиски средства, како што е Правниот и Економскиот факултет, потоа во Бањица, во Гостивар, за применети науки.

Поради основањето на новите факултети Државниот универзитет во Тетово има потреб и од нови објекти. Ова е единствениот универзитет кој што нема студентски дом за студентите и менза за студентите.

Покрај ова што го спомнав оваа нова институција има потреба од формирање на компјутерски информатички систем.

Наспроти сите овие потреби на Државниот универзитет во Тетово како може во Предлогот на буџетот за 2009 година за сите други универзитети да се предвидуваат финансиски зголемувања, а само за Државниот универзитет во Тетово да се предвиди намалување на овој износ.

Предлог буџетот за 2009 година за Министерството за образование и наука предвидува 16.771.000.000,00 денари додека буџетот за 2008 година беше 16.318.000.000,00 денари. Значи намалување од 118.000.000.000,00 денари.

Додека намалувањето на средствата за Државниот универзитет во Тетово за 2009 година е 144.000.000,00 денари. Значи во Предлогот на буџетот за 2009 година средствата кои што се доделени за Државниот универзитет во Тетово се колку целото заштедување што се предвидува за Министерството за образование и наука за оваа година.

Го прашувам изготвувачот на овој буџет дали мора да се штеди во образованието и дали задолжително мора да се заштеди од сите можни позиции само на грб на овој универзитет.

Паралелата или пак причината за тоа дека Државниот универзитет во Тетово е албански универзитет и таа паралела се појавува сама по себе.

Колку за ваша информација таму учат и работат припадници на сите етнички групации во Република Македонија (албанци, македонци, турци, роми и др.).

Редуцирањето на финансиските средства за Државниот универзитет во Тетово од страна на изготвувачот на Предлогот на буџетот за 2009 година и одбивањето на овие амандмани од страна на министерот за финансии, г-динот Славески за парламентарната група на ДПА личи на неодговорно и нетолерантно однесување.

Цениме дека албанците се оштетени од овој буџет и последиците ќе ги видиме набрзо. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор г-динот Владо Бучковски,

Се извинувам г-дине Бучковски, заменик министерот за финансии се јави за реплика.

**Недим Рамизи:** Благодарам,

Само едно надополнување во однос на бројките што се искажаа дека за Државниот универзитет во Тетово не е 205.000.000,00 денари туку е 220.000.000,00 денари. Плус со дополнување на буџетот Владата за уште 15.000.000,00 ја зголеми таа ставка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

За контра реплика се јави г-ѓа Илјази Садије.

**Илјази Садие:** Благодарам,

Со овие средства, со 115 милиони денари ништо нема да се помогне на Државниот универзитет во Тетово затоа што бројот на вработените е зголемен, а исто така и бројот на студентите на овие факултети. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам

Има збор г-динот Владо Бучковски, повелете,

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе,

Почитуван заменик министер за финансии, почитувани колеги од парламентарното

мнозинство, 9 ве има на број, значи една од ситуациите каде што јасно се покажува кој е интересот на владеачката партија ВМРО ДПМНЕ за најсериозната тема која наликува на сериозни држави.

Но, бидејќи Македонија повеќе од две и пол години не е сериозна држава ќе се обидам и јас да илустрирам како може да дојде до ваков грабеж. Ова е организиран грабеж почитуван заменик министер, каде што во името на народот ја ограбувате Македонија за повеќе од една милијарда евра.

Ќе ви покажам еден пример затоа што ќе се обидам да направам компарација на буџетот од 2006 година со буџетот од 2009 година.

Во 2006 година Македонија поддржана од нашите пријатели од Европската агенција за реконструкција преку специјални услови дадени 400 илјади долари на Македонската банка за поддржшка на развојот решивме да ја промовираме Република Македонија на СНН. Процениja стручњаците од Министерството за економија во делот на Секторот за туризам, гледам тие се сега се истите, но очигледно заменик министер ДУИ е повеќе од декор во Владата, значи истите тие колеги кои тогаш требаше да работат на промоција на Република Македонија донесоа еден пакет кој значеше рекламирање три месеци на СНН 233 емитувања во најпрестрижните термини, во бизнис вестите, шоуто на Лари Кинг во делот на меѓународните вести, спортот и културата кој ја чинеше Република Македонија 400 илјади долари.

Какви се ефектите од ова што го правевме промовирајќи ја Македонија како лулка на културата или земја на природата требаше да покаже една сериозна анализа која што требаше да ја направи Владата на Груевски. Но Груевски ниту ја направи таа анализа, туку посегна по инструментите за кои ние говоревме последните две години.

Мегаломански да настапува кога станува збор за проекти, условно речено, од повисок интерес. Да ја подигнува свеста не сега на македонските граѓани, туку да ја подигне свеста кај просечниот граѓанин на светот за вечноста на Македонија.

Расипништвото на оваа Влада се гледа при последниот спот. За него е платено 190 илјади евра само за да се направи онаков каков што е, како што покажуваат експертите. Стално зборуваат за плагијат и во компарација да се направи со онаа туристичка разгледница што тогаш ја направија некои други, но за без пари, а тоа се најстручните луѓе од Советот за радио дифуција. Побараа од маркетинг агенциите во Република Македонија, пред се имаше еден прекрасен спот за една песна на К-15 продукцијата и направија една прекрасна туристичка разгледница од Република Македонија за без пари. Еден од еминентните македонски автори, Даутовски во интерес на Република Македонија за без пари ја даде музиката. Сето тоа се спакува, се емитуваше и Република Македонија потроши толку пари.

Како денеска троши оваа Влада? 190 илјади евра се потрошени само да се направи спотот. Според наша груба проценка, бидејќи не се говори само за еден престижен електронски медиум, туку за најмалку или повеќе, според наша груба проценка ќе бидат потрошени меѓу 15 и 20 милиони евра.

Во оваа немаштија да потрошиш за еден спот, а да најавуваш уште 4 други (вино, цркви, религија) некој спомна дека нема ниту една џамија, па ајде нешто посебно ќе има за религиозните објекти во нашата држава ќе бидат потрошено веројанот фантастични 50 или 60 милиони евра, ако дотогаш Македонија не банкротира како што ние предвидувавме.

Значи ние не ви го говориме ова затоа што сакаме да ви ја подигнеме свеста кај овие кутри пратеници на ВМРО ДПМНЕ, кои ги користите само марионети, па ги доведувате до такво понижување за вашата авантура со патриотските сметки каде што ја оштетивте државата за 12 милиони евра, сега да кажете овие 72-двајца што ќе гласаат тие биле одговорни.

Како што ја промовиравте колективната одговорност веројатно тие ќе бидат одговорни многу брзо, но кој ќе биде одговорен за штетата што ќе ја нанесете на нашата држава што го ограбувате народот за милијарда евра. Повторно пратениците.

Или ќе смогнете сили и ќе речете еве згрешивме, ова е правено во период кога верувавме дека Македонија ќе биде ветената земја, ќе имаме раст од 7%, а сега сме свесни дека имаме 0,7% раст и треба да бидеме задоволни. Вие можете да призирате и да фабрикувате бројки во Заводот за статистика, но простата математика што може да ја направи просечен политичар, ајде не сме сите експерти, вие сте експерти и вие ни го давате овој катастрофално изработен буџет. Велам, ќе ја ограби Република Македонија во име на народот. Значи, ја ограбувате Република Македонија и ќе ја банкротирате. И кога ќе ве избркаат на клоци од Владата, или од институциите во кои седите потоа ќе речете беше виновен Парламентот, затоа што социјалниот бунт кој е на повидок, кој не го стимулира опозицијата ќе тропне на вашите врати. Значи, со овој изборен буџет ќе направите се пред локалните и претседателските избори да не дојде со социјална експлозија. После тоа Македонија нема да постои со ваква проекција. Ова е проектирано Македонија да биде Естонија, од златните години на почетокот на 2000 година има раст од 7%, да ни цутат на сите рози, а не е калкулирано тоа што вчера срамежливо го навестува претседателот на Владата. Вели “граѓани на Република Македонија веројатно не чекаат тешки времиња...” гледаме тешко пали министерот за финансии, освен ако не отиде сега да ги прават математиките што ние ќе ви ги направиме. Ќе ги направиме сега. Република Македонија, граѓаните на Република Македонија не може да ви дадат да трошите 2,8 милијарди

евра затоа што немаат. Колапс ќе биде на економијата. Им се смеете на успешните компании кога побараа од вас поддршка и рековте нека ги троши парите таму некој Минчо, или некој втор, трет, пет, кои имале пари, имале многу пари, а кога препишувате туѓи економски програми за виртуелни непостоечки 330 милиони евра не ги преземате од хрватскиот модел само двете мерки кои веројатно ќе брцнеа во џебот на ВМРО ДПМНЕ, на Груевски, Ставревски и Славески. И наместо да трошат за договорни услуги 130 милиони евра да го величат идниот кандидат за претседател или иднинте кандидати за градоначалници ќе ги дадеа на овие компании, пред се од металургијата. Ќе ги дадеа на овие компании и ќе и помогнеа, затоа што овие две мерки што ги знаете содржани се поддршка на големите компании пред се извозно ориентирани во делот на директни субвенции ако работниците се на принуден одмор. Значи државата затоа што, проста математика, вие може вака да седите со скрстени раце и да чекате милијардата како ќе помине низ ваши раце и да земете веднаш 10 или 15%. Незнам колку ви е сега процентот, од прилика секоја зделка кај вас толку вреди. Значи, работата е како 100, 150 милиони евра од овие државни фондови да ги исцицате за приватни цели, а на крајот дали некоја од компаниите ќе испишти вчера 500, утре уште 500, задутре уште 500 вработени тоа вас не ве интересира. Ве интересира само ако тие навестат бунт како што навестија пазарџиите, па итно да организирате Владини седници, каде што види богати, сега сте сфатиле, кога ви се заканија дека ќе направат бунт дека имала Македонија механизам до моментот кога ќе влеземе во Европската Унија да нема фискализација на пазарите, туку да се плаќаат паушали.

Затоа оние сироти пазарџии зборуваа изминатите 12 месеци, ги отфрлавте сите нивни барања, сите нивни укажувања на евидентниот проблем додека не се заканија народот да биде на улица. Така функционирате, испраќате порака со вашиот мегафон, медиумите кои за жал успеавте на начин, месечно плаќате за овие ваши кампањи, со куферчето полно пари да ги направите да бидат мегафони, но и тие ќе ви го свртат грбот ако полека но сигурно вчера пазарџиите, утре стечајните работници, задутре текстилните работници, потоа ќе дојдат металурзите, почнат да се собираат на улица. Тогаш ќе дојде она сценарија кое ние сакаме да биде реалност во Република Македонија. Тогаш народот ќе си дојде по своето и ќе праша каде се оние милијарда евра што сакате сега да ги употребите и злоупотребите за ваши цели.

Кај ви сече умот во најголемата економска криза во светот во последните пет декади, токму сега да се дрзнете да барате милијарда евра повеќе да земете од граѓаните на Република Македонија. Која е оваа логика? Кој од вас седна и да направи сериозна анализа, што ние очекуваме преку овој буџет, бил развоен. Се обидовме сите колеги го анализиравме не знам по колку пати, не можеме да најдеме инфраструктурни проекти кои реално нудат развој на Република Македонија . Не може главните инфраструктурни проекти да биде Градскиот стадион во Скопје. Цела Влада нема отидено на Градскиот стадион толку колку што сега оди без пари во својот живот, затоа што треба да се сликаат таму. И тие не сфаЌаат дека тие пари се залудно потрошени, или не сфаќаат дека сето ова што го правите како кампања, но во некои друго времиња за изградба на спортски сали, музеи и други ваши инфраструктурни проекти, не ги прави сериозна држава, бидејќи не сте многу инвентивни, бидејќи не гледате подалеку. Во Хрватска исто конзервативен премиер, десничар Иво Санадер како се откажа од сите оние инвестиции кој знае дека не доликуваат на држави кои се соочуваат со светската економска криза и од сите тие бенефиции, бесплатен превоз на ученици, бесплатни учебници, сите оние трнасфери кои реално се прават во некои посреќни времиња. Во ова време во кое живаеeме и со ваква расипничка Влада, ние сме убедени дека ќе ја банкротирате Република Македонија. Но, не можеме тоа да го спречиме додека има овде вакви пратеници кои иако срамежливо во накоја од своите дискусии ќе споменат нешто, не даваат подршка на нашите напори да направиме реална слика каде оди економијата во Република Македонија. Според нашите анализи не тврдиме дека сме ние најпрестижните политичари кои имаат искуство во решавање на вакви кризни ситуации. Имаше други идеи од колегите од НСДП. Не знам дали дотаму пораснала свеста кај Никола Груевски да се соочи со реалноста и да побара некои економски совети, или некое тело да му дава совети нему. Мислам дека триото што сега ја промовира економската политика Груевски, Славески и Ставрески, јас и еднаш претходно реков, мисли дека се кандидати за Нобелова награда за економија, а не дека се луѓе кои полека но сигурно ја банкротираа државата. Значи, во таа идеја што ја дава НСДП, а што егзистира во Хрватска, премиерот Санадер му понуди на истакнатиот економски стручњак што иако беше кандидат за премиер од СПД професорот Јуршиќ да биде дел од тој тим и зема врвни економски стручњаци, а не вакви стручњаци кои освен унивезитетската титула што не ја спориме на професорот Славески се покажа дека е продолжена рака на двоецот Груевски Ставрески кои имаат намера да ја банкротираат Република Македонија. и ние тоа ви го докажуваме упорно со бројки. Јас уште еднаш ќе повторам ,затоа што уште сум убеден дека повторувањето е мајка на знаењето. А не сум убеден дека онака како што вели ваШиот шеф заменик министер, дека Македонија гори. Но, јас тоа го парафразирам како онаа поговорката: селото гореше, а министерот се чешлаше, или Владата се чешлаше. Така вие се однесувате. А му се закануваше на Томе Чингов дека Македонија гори и ќе изгорел тој. Што ќе изгори? И него како Весна Бендевска сега што сакавте преку трупа вие владеачките структури да ја

заплашите со одземање на имунитетот. Тоа ли ќе се обидувате? Овде да нема никој? Да не зборуваме? Мислите дека сами работите ќе се решат. Нема да се решат. Значи вие може и понатаму да продолжите со страховладата, со тортурата, со апсења, со казнувања, со одземање на имунитети, но тоа нема да ја промени реалноста. Јас тоа добор го знам, затоа што не сум го видел, но, многу сум читал за предметот што е моја специјалност, а тоа е Римското право. Како една моќна империја, а не една мала јадна Македонија што сака да превземе дел од принципите на некои други владетели автократи, како долго го залажувала населението со делењето на парче леб и со игри. Значи, овие игри со притвори, затвори ќе застанат еден момент кога граѓаните ќе сфатат дека и народните кујни што ќе ги отворате утре, задутре се до претседателките и локалните избори во еден момент ќе ја покажат суровата реалност во Република Македонија. И тогаш ќе се случи социјален бунт каде што опозицијата само ќе дојде како сега што полека , но сигурно се освестува македонскиот народ и може да вади дел од нашите дискусии дали во овие последни три месеци, дали во изминатите две и пол години, тоа нема да биде сатисфакција за нас дека сме предупредувани. Но, не смееме да ги оставиме рамнодушни другите колеги, затоа што дел од нив во ходниците разговараат со нас за економската криза и свесни се дека треба да биде повлечен овој Предлог буџет бидејќи е нереален. Македонија едноставно пресметајте нема толку пари што може вас да ви ги даде за да ги злоупотребите. Нема македонскиот граѓанин можност да ужива во благодетите што вие ги нудите, затоа што само што не дојдоа странските инвеститори, само што не почна Македонија да станува рајот, затоа што застрашувачки се показателите. Значи, нашата проекција како сериозни некритизери, како сериозни критичари на владината политика, нашата прогноза е дека странските директни инвестиции пред се гринфилд инвестициите идната година ќе бидат нула. Јас поставив пратеничко праШање пред еден месец за Агрокор, не ми одговоривте. Во меѓувреме уште еднаш има потврда, нема инвестиција од таа Агрокор, најголемата хрватска компанија во делот на аграрот во висина од 200 милиони евра во Република Македонија. ТАФТ турски не доаѓа наводно заради експропријацијата според чаршијата заради трите милиони евра што некој сака да ги земе како рекет. Трети, италијаните што ги потпишуваа договорите премиерот и Ставрески минута до 12 пред изборите рекоа не доаѓаат. Турците со алуминиумскиот комбинат не доаѓаат, французите што требаше да прават некои автомобилски делови, не доаѓаат, Џонсон Мети не го гледаме, Џонсон Контрол што не сакате да го спомените веќе има потешкотии и остана на фазата во која вие ја оставивте. Нема сериозен развој на бизнисот. Бизнис клима, нула. Најголемата странска инвестиција што ја имате, тоа е ЕВН .Размислува да се повлече од Република Македонија, затоа што ја нарушувате правната сигурност, воведувате нови правила на игра, а тие кога вложија во Република Македонија 300 милиони евра ги правеле своите калкулации врз основа на постоечката регулатива, врз основа на довербата што ја имале во една Влада која тогаш имаше сериозен меѓународен углед. Сето ова што го правите почитувана господо од ВМРО ДПМНЕ го пишува за жал, крајот на Република Македонија. вака мирисаше и во 2001 година. Погледнете и тогаШ кој беше министер за финансии како се расфрлаше со парите, како ги потценуваШе проблемите што ги имаше со Албанците. Секој ден провокација дали кон опозицијата воопшто, или кон албанската заедница. Секојднвена провокација. Прашање на денот е според мене, не го посакувам тоа, кога сето ова ќе кулминира. Бунтот кој само вие не го гледате нема да биде сега етнички бунт и етничките Македонци и етничките Албанци ќе кренат бунт против Владата, затоа што не сакаат да бидат ограбени. А вие со овој буџет, почитувани колеги од ВМРО ДПМНЕ давете виза за такво нешто. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов**: Почитуван претседателе, почитувани пратеници, значи расправаме за буџетот на Република Македонија кој што верувам дека е резултат на намерите или на политиките што ќе бидат спороведувани во наредната година. Значи, не е само тој некој технички документ, туку сигурно дека ќе бара спроведување на бројни политики, бројни проекции што ги имаат голем број на наделжни државни инситуции вклучително веројатно и Народната банка во макроекономската политика, во сите други работи за што е надележна. Слушајќи го излагањето на господинот Бучковски и читајќи некои анализи сега за ефектот од финансиската еконмската криза итн. Меѓу другото што е за економската рецесија, какви коментари има, дека тоа е еден вид на земјотрес кој што многу често не можете да го предвидите, или мали се шансите, а уште повеќе е точно дека не можете да го спречите. Значи, економската рецесија не верувам дека со какви мерки да предвидите, да предлагате дека можете да ја спречите, но после секој земјотрес, вели дека можат да се ублажат последиците. Тоа значи дека ние мораме, можеме да разговараме за евентуално, ако зафати во Европа па и на Балканот и во Македонија, да разговараме евнтуално за можните намалувања, начини како да се намалат последиците од еден таков земјотрес. Така да во оваа насока, мислам дека без разлика што можеби има и претерани прогнози но, исто така она што сега се заговара како лошо сценарио што ќе се случува во Македонија. Мислам дека на никој нема да му користи поготово ако сите политички субјекти не се организираме и на изградиме единствен став како да ја пресретнеме кризата и како секој да превземе нешто за да се намалат последиците.

Во таа насока јас ги разбирам и сите овие дискусии дека има желба да се помогне, но се плашам дека од претераните црни прогнози дека сето тоа може да ги забрза некои елементи на економската криза која што на еден или друг начин ќе ја погоди Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски**: Благодарам претседателе.

Значи, не е нашата улога овде да бидеме дежурни песимисти, но сакаме да бидеме реални и да ги погледнеме бројките. Нема логика кога сите признаваме дека има светска економска криза да се трошат 113 милиони евра за купување мебел и автомобили. Нема логика да се зголемува ставката за договорни услуги за повеќе од 130 милиони евра. Еве, 250 милиони евра за да се помогне на металургијата, да се помогене на најсиромашните, она што велиме ние веќе 6 месеци да се донесе законот против енергетската сиромаштија за да не ни се случува најпрво Ромите да бидат на улица и другите најсиромашни сегменти на ова општество. Така се доаѓа, господине Трајанов, до социјален бунт.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани**: Јас знам дека како опозиционери нормално секогаш се обидуваме да ја критикуваме власта. Но, сега потполно морам да се согласам со колегата Бучковски, бидејќи при неговата анализа на буџетот тој направи и неколку споредни анализи. Нормално е дека во цела Европа сите влади се обидуваат да направат буџет кој ќе ги елиминира сите непотребни трошоци. Како што тој спомена за реклами, за мебел, и за други работи. Исто така, морам да го пофалам дека е единствениот што многу јасно ги разбира работите и ги гледа многу јасно работите. Проблемот освен сиромаштијата која ја очекува Македонија се чини дека се префрлува и на еден друг многу битен сегмент, етничкиот сегмент, или меѓуетничкиот сегмент. Со самиот факт дека во овој буџет се прави финансиска навреда на албанските, условно кажано, делови и градови, бидејќи финансирањето за нив е многу малку. Исто така, се обидува и на најбанални работи да се направи ова етничко омаловажување, за тоа е последен пример, последната реклама “Македонија е вечна” каде што нема ниеден спој со албанскиот идентитет во Република Македонија. Нормално е дека се гиржиме за Македонија, се грижиме за доброто на граѓаните и многу е очигледно дека економската криза поврзано со полициската акција, особено во местата каде што граѓаните се и сиромашни и се Албанци, е омаловажување на албанскиот фактор за кој укажавме многу одамна, бидејќи од почеток знаевме дека капацитетите на ДУИ, капацитетите на министрите, на пратениците на ДУИ не се ни блиску до парирање во власта, односно за претставување на интересите на Албанците во оваа Влада. Исто така, се согласувам со господинот Бучковски дека веќе кризата не е само од меѓуетнички карактер, туку кризата секој ден е од општ карактер, бидејќи секој ден во весниците како се случуваат кражби, се случуваат убиства, се случуваат злоупотреби, криминал и сето тоа е поради кризата за кое очогледно Владата во овој момент не сака да води грижа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски**: Благодарам претседателе,

Почитуван колега Догани, како и вие и јас не посакувам оваа финансиска криза која ќе ја банкротира Република Македонија да ги отвори етничките прашања. Но, за разлика од владеачката структура, јас гледам со ширум отворени очи. Евидентно е дека постојат структури во нашата држава кои систематски работат на враќање на меѓуетничките проблеми со кои во овој момент сакаат да ги затскријат економските проблеми и социјалните проблеми во нашата држава. Мора да повикаме јавно и од собраниската говорница дека тоа е игра со оган, дека е тоа многу опасна игра. Многу опасно ешто ни се врати реториката од колегите Албанци од 2001, реторика која тогаш сериозно не ја сфаќавме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска**: Благодарам господине претседателе.

Пред нас го имаме најголемиот буџет на Република Македонија во нејзината историја. Со предложениот буџет во обем повеќе пати поголем од буџетите од минатите години, Владата излегува од реалните можности и не соодвествува со економската криза која според сите експертски прогнози ќе трае во наредните 12 до 18 месеци. Со ваков буџет тешко ќе можете на македонскиот граѓанин да му се претставите дека македонската Влада одговорно се однесува кон својата земја, кон своите граѓани и дека имате решенија за економските текови кои следат во наредниот период. Зошто го велам тоа? Имено, додека нашите соседи и пошироко сериозно ја намалуваат јавната потрошувачка, со овој буџет Владата повеќекратно ја зголемува притоа претставувајќи и се на јавноста дека води сметка за економската криза, предлагајќи мерки кои не подразбираат буџетски интервенции, не подразбираат исплати , туку компензации на заостанати долгови и слично со кои не се опфатени индустриите кои во моментот се најпогодени: металопреработувачката, текстилната гранка за кои веќе сме сведоци дека се најдоа на удар на економската криза за која пред само еден месец, или можеби помалку Владата тврдеше деке ќе не заобиколи.

Кои се нереалните предвидувања на кои се заснова Предлог буџетот за 2009 година? Додека според проекциите на Меѓунардниот монетарен

фонд и Европската банка за обнова и развој, економскиот пораст на Македонија за 2009 година го проектираат најмногу на 3 % до 4% , Владата нереално калкулира со пораст над 5%. Притоа мора да се има во предвид дека овие предвидувања и проекции се направени во август месец оваа година без да се земат во предвид ефектите од глобалната економска криза и без да се има во предвид точниот процент на економскиот пораст на Македонија во последниот квартал.

Јасно е дека целта на ваквото игнорирање на реалноста од страна на Владата во време кога развиените земји прогласуваат рецесија во своите економии, не може да биде ништо друго освен да го оправда енормниот висок буџет за 2009 година, која решила да го потроши на таков или онаков начин.

Втора нереална проценка врз која се заснова Предлог Буџетот за 2009 година е зацртаната стапка на невработеност во износ од 32%. Ова би значело предвидување на намалување на невработеноста односно зголемување на вработеноста и тоа во услови на светска рецесија која непосредно има влијание на масовно отпуштање на работниците што како појава веќе ја зафати Македонија.

Веќе сме сведоци на секојдневни отпуштања од работа од металопреработувачката индустрија, рударството, текстилната индустрија. Секојдневно имаме нови најави од работодавачите за нови и нови отпуштања. Очигледно е дека и со овој буџетски параметар Владата се обидува да ја манипулира јавноста и декларативно да ветува нови вработувања, сигурно тоа го прави во пресрет на новите локални и претседателски избори.

А што се случува господа во Владата надвор од сигурните врати на Владата каде што се наоѓате. Полупразни погони, исклучени машини, катанци на фабрички погони, уплашени работници за утрешниот ден, несреќни семејства. Економската криза, треба да бидете сигурни и го зема данокот на Македонија и тоа не е црно сценарио за кое постојано ја обвинувате опозицијата. Тоа господа стана реалност.

Ќе ви дадам еден пример во Буџетот како Владата за некој е мајка, за некој е маќеа во периодот на светска економска криза. Анализирајќи го Буџетот, многу јасно се гледа дека во стапките на платите, особено на платите на функционерите, Владата предлага покачување според прогресивна метода која просто, математички објаснето значи на повисоките плати зголемувањето ќе биде многу поголемо, за разлика од пониските плати, се разбира заради разликите во платите, но со ист процент на покачување. Сето ова би можело можеби да се разбере и би имало смисла доколку пред извесно време Владата не воведеше дегресивна метода на покачување на пензиите што значи покачување со различни проценти и тоа повисоките пензии се зголемуваат со помал процент, а пониските пензии се зголемуваат со поголем процент. Тоа е сосема обратен пристап од зголемувањето на платите, па се прашувам зошто Владата постапува различно? Зошто Владата не ги покачи повеќе помалите плати, а функционерските не ги зголеми со помал процент, ако се декларира дека е загрижена поради лошите состојби во економскиот и социјалниот сектор.

Ова беше нешто во што, по појавата на економската криза Владата секако можеше и мораше да интервенира.

Ќе се осврнам на амандманската расправа што се водеше овие денови во Собранието, за време на амандманската расправа на комисиите, а се разбира и за време на овие два дена кога беа искажани многу ставови во врска Предлог-Буџетот за 2009 година. Се надевам дека нема да се повторуваме.

Тоа што го немаше за време на овие денови, кога требаше да биде дебата, тоа значи дека немаше дебата што ја очекувавме кога на маса имате толку важен документ, особено во време на светска рецесија. Едноставно, за разлика од дебата имаше игнорантски однос пред се од страна на министерот за финансии на секој предлог што доаѓаше од страна на опозицијата.

Ќе ви кажам како јас тоа го доживеав. Можеби наивноста на нов пратеник ми даваше за право да поверувам дека амандманите што беа предложени од страна на НСДП, од пратениците на НСДП, а се однесуваа на зајакнување на капацитетите на меѓуопштинските центри за социјална политика и шелкен центрите за згрижување на лица кои се жртви на семејно насилство. Одговорот на амандманите на министерот беше следниот “ Министерството за труд и социјална политика води сметка за своите капацитети и нема потреба некој да му кажува како тоа се прави”.

Е, па господине министре, ако на ваков начин Владата го планира Буџетот, по примерот на Министерството за труд и социјална политика, тогаш вие имате проблеми. Ќе ви кажам зошто.

Оваа година Република Македонија донесе Национална стратегија за борба против семејното наследство. И само пред неполн месец потипшав, со претставници на ОН Програма за борба против семејното насилство. Значи, добро сме ги проектирале нашите заложби и добро сме ги поставиле нашите намери пред светот за борба со ова зло. Но, лошо ги планираме капацитетите за реализирање на оваа наша заложба.

Господине министре, имате малку кадар, имате необучен кадар, имате предвидено малку средства за реализирање на предвидените активности, за сметка на многу други ставки каде многу лесно ги трошите парите. Тоа не го зборувам на памет во овој случај кога станува збор за меѓуопштинските центри и за шелтер центрите. Имав можност тоа да го видам. Комисијата за родова еднаквост бевме присутни во меѓуопштинските центри и во шелтер центрите и видовме какви се можностите и какви се

капацитетите што ги нуди Министерството за труд и социјална политика.

Ова зборува за нешто друго и нешто што е многу пострашно од едно Министерство. Зборува за тоа како планирате, како носите одлуки и како, после лошото планирање на Буџет, многу едноставно, со ребаланси, со одлуки ги префрлате парите и ги пренаменувате многу бахато на други ставки.

Во немоќта добро да планирате, да го планирате економскиот буџет барате кредити и тоа многу скоро се случи. Овој буџет беше во собраниска процедура кога вие побаравте дополнителни средства, дополнителни кредити, дополнителен кредит за да ја реализирате патната инфраструктура. Тоа е уште еден збор плус за вашиот однос кон случувањата во Република Македонија.

На крајот, сакам да зборувам на ова Собрание за нашата одговорност, затоа што многукратно од почетокот на овој мандат, можеби претходно не наслушнував, имав можност од страна на Владата да слушнам овој закон, оваа одлука, овој буџет, оваа резолуција ја донесе Собранието. Верувајте дека на крај ќе биде кажано овој буџет го донесе Собранието на Република Македонија и тоа е во ред. Ова Собрание мора да го понесе свјот дел од одговорноста како законодавен дом. Пред се ние пратениците, па затоа ви се обраќам вам да водите сметка каква одлука ќе донесете. Пратениците, како претставници на народот должни сме еден од најзначајните документи во државата, да бидеме будни.

Вие, претседателе на Собранието, како еден од челните луѓе во оваа земја можете и морате да сторите многу повеќе од тоа да го рецитирате Рацин во Синдикатот по повод 100 годишнината од синдикалното движење. Вие господине претседателе морате сосема рамноправно да седнете со премиерот и да разговарате за последиците од овој закон, за тоа што после ќе биде доцна. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Тахир Хани, но не е тука.

Има збор господинот Крстески Стојче, повелете.

**Стојче Крстески:** Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани пратеници,

Како секоја година така и оваа, на крајот од декември, односно на самиот крај од тековната година на дневен ред во Собранието на Република Македонија е Предлог - Буџетот на Република Македонија, овој пат за 2009 година.

Сам по себе Буџетот привлекува големо внимание како кај граѓаните на Република Македонија, така и кај нас пратениците. По некое непишано правило поголем е интересот на опозицијата која, се разбира е незадоволна од распределбата на буџетските средства. Добиениот мандат на избори во Република Македонија, тоа е на парламентарни избори, е добиен мандат за управување и со јавните финансии на сосема легален и легитимен начин. Се разбира во рамките на морално и политичко-економски вредности. Оттука, предложениот Предлог-Буџетот од Министерството за финансии односно Владата е во насока на остварување на политиките на Владата за обезбедување стабилен и одржлив развој, како и унапредување на благосостојбата на своите граѓани и притоа, се надевам, имајќи ја во предвид непредвидливата глобална криза.

Оваа Влада, како и секоја наредна, е исправена пред предизвикот од правилно и професионално управување со јавните финансии бидејќи јавноите финансии се клучниот сегмент на секоја национална економија и на благосостојбата на нејзиното население.

Финансиската стабилност и одржливоста се неопходни фактори за ефикасен развој како на националаната, така и на глобалната економија. Транспарентноста во донесувањето и извршувањето на Буџетот, поточно што се случува или како се управува со јавните пари е фактот на меѓусебна доверба и сигурност.

Почитувани пратеници,

Основа за подготвување на секој, па и на овој Буџет се стратешките насоки на Владата, Фискалната стратегија, предлог стратегиските планови на буџетските корисници и буџетската политика.

Врз основа на фискалната стратегија која ги консолидира вкупните финансиски импликации од сите стратешки и оперативни активности што ги презема Владата се креираат правците во кои ќе се развива и ќе се издржува централниот буџет. Министерството за финансии, врз основа на правците определени во фискалната стратегија, и предлага на Владата максималните износи на одобрени средства за наредните три фискални години во буџетски корисници на централната власт и фондовите, со што се обезбедува начелото за одржливост на Буџетот на среден рок.

И овој Предлог - Буџет е составен од општ, посебен и развоен дел.

Општиот дел ги содржи вкупните приходи и расходи и другите приливи и одливи на Буџетот за фискалната година, како и глобалните проекции на приходите, приливите, расходите и на одливите за наредните две години.

Посебниот дел содржи план на одобрените средства на буџетските корисници и на фондовите во програми, подпрограми и ставки за фискалната година.

Развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој на буџетските корисници. Планот на програмите за развој кој се ревидира секоја година ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по оделни буџетски корисници, оделни буџетски програми и подпрограми како и години во кои ќе се реализиаат тие од изворот на финансирање.

Меѓудругото, овој Предлог - Буџет ја има мојата подршка затоа што нуди и конкретни предлог-одобрени средства за конкретни проекти. Како

член на Комисијата за финансирање и буџет имав можност да се запознам со сите нив. Во интерес на времето ќе набројам само неколку кои се наоѓаат во изборaната единица 1 од каде што јас доаѓам.

Делница Коломот, село Близанско Поречје. Предвидена е градба во период од 2009 до 2010 година. Делница Сончев Град, жичара Средно Водно до Милемиумски крст, регионални и локални патишта меѓу кои: Манастир Еленица Горно Количани, регионалниот пат Р-302 Теферич, Китка Драчево. Понатаму, водоснабдување на Сопиште и Сончев Град преку проектот Патишка река. Изградба на канализација во населба Драчево, изградба на пречистителна станица за канализација во Долно Лисиче, изградба односно санација на свлечиште во селото Ракотинци во општина Сопиште. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Господинот Јашари Аднан не е тука, го губи право за збор.

Еве, сега влегува госпоѓата Кадриу Флора.

Има збор госпоѓа Кадриу Флора, повелете.

**Флора Кадриу:** Почитувани,

Факт е дека овој Буџет, Буџетот на Република Македонија за 2009 година е волуменозен проект, е буџет проектиран од 2,8 милиони евра и на овој начин претставува еден несериозен пристап на Владата кон Буџетот на Република Македонија.

Исто така е и факт дека светот е опседнат од една економска финансика криза која, според аналитичарите, набрзо и Македонија ќе ја доживее. И затоа, велам дека Буџетот претставува еден несериозен проект од причина што овој Буџет, кој е многу волуминозен и предвидува финансиски средства многу повеќе од другите буџети, треба исто така да признаеме дека постои друг неспорен факт, дека имено во овој Буџет за 2009 година не се предвидени финансиски средства потребни за интересите на Албанскиот народ во Република Македонија. Ова, уште еднаш ја докажува сервилната позиција на албанската партија на власт која е во владината коалиција, од причина што нема можност да предвиди финансиски средства токму за реализација на проекти и политики кои се веќе отпочнати во полза на албанскиот народ во Република Македонија.

Значи во Буџетот на Република Македонија за 2009 има програми и потпрограми на Владата и тука јасно се гледа дека за економијата има поделба на финансиски средства од 10,51% значи за економски развој на државата.

Не треба да заборавиме дека во поразвиените демократски земји првенствено го исполнуваат политичкиот критериум за да можат после да го исполнат и економскиот критериум. Без вистински политички развој, без да имаме општествен консензус не можеме да кажеме дека постои можност за безбедност и полна сигурност на државата за да можеме да добиеме разни инвестиции и да можеме да направиме вистински економски развој на земјата.

Без реализирање на политичкиот критериум, а тоа го знаеме од Извештајот на Европската комисија дека немаме имплементација, пвравилна и полна имплементација на Охридскиот рамковен договор, го кажувам ова од аспект на употребата на албанскиот јазик. Сите сме свесни на каков начин се донесе тој Закон, без присуство на опозицијата, без присуство на албанската опозиција, што е од големо значење за да имаме конструктивен дијалог и широка расправа. Во тој момент да може опозицијата да интервенира преку амандмани. Исто така, Хашките прашања ќе ги спомнам во тој контекст итн. Значи, немаме вистински политички дијалог, што стоеше во Извештајот на Европската комисија, како што стоеше и тоа дека јавната администрација не е стручна администрација. Но, сега, за сега имаме критики, бидејќи се работи за администрација на партиски војници што во суштина се партиски војници на владината коњуктура.

Од овој аспект би говорела и за вработување во јавната администрација, што докажува дека во суштина се работи за еден феномен на развивање на една фиктивна, една неразвојна политика, политика што не води кон развој на производни економски капацитети.

Кај владините програми исто така јасно следи процентот на финансиски средства доделени за намалување на сиромаштијата каде има 3,11%, што во суштина претставува целосно невнимание на актуелната Влада во однос на лицата кои се на прагот на нивната егзистенција, бидјеки знаеме дека имаме 34% невработено население, имаме висок процент на граѓани кои живеат и егзистираат во нашето општество само од социјална помош, додека Република Македонија според Уставот е социјална држава и треба да се грижи за сите граѓани подеднакво. Во овој контекст јас би говорела и за Албанците, имајки предвид дека невработеноста кај албанскиот народ е на високо ниво и дека албанската партија на власт треба да се грижи за граѓаните Албанци во Република Македонија.

Кога говориме за општините, имаме поделба на низок процент во однос на албанските општини, кога говориме за инфраструктурата треба да кажам дека имаме имаме 80 милиони евра предвидени за инфраструктура, но ако направиме една компарација и споредба со договорите за дело, тогаш ќе видиеме разлики од 3,4 повеќе средства доделени токму за договори за дело и во суштина имаме злоупотреба на финансиски средства според овој Буџет на Република Македонија за 2009 година. Јасно е дека имаме 10 пати повеќе намалување на финансиски средства токму во однсо на образованието и културата на Албанците во Република Македонија.

Во Буџетот за 2009 година, на сите ни е јасно, во однос на ова зборуваше и мојата коелшка од ДПА околу состојбата на Тетовскиот универзитет и

потребата од доделување финансиски средства токму за да се решат просторните услови за работа, развој и реализација на тесноповрзаните дејности со работата на студентите, со работата на предавачите, со работниците и другите вработени на овој универзитет. Но нашите предложени амандмани не беа земени предвид и не се усвоија од минситерот за финансии, како штоне се прифатија ни од членовите на Комисијата за финансирање и буџет. Освен Државниот унвиерзитет во Тетово, дозволете ми да ја спомнам и Гимнацијата “Зеф Љуш Марку” која остана еден објект без инвентар, каде учениците во средното училиште “Зеф Љуш Марку” да можат да го продолжа образовниот процес во новиот објект. За ова поднесовме амандмани, но и за ова Владата не најде за потребно да го реализира и усвои.

Исто така, тука е Институтот “Пјетар Богдани”, еден Институт основан во минатиот мандат, еден отпочна тпроект но прекинат токму од страна на актуелнава Влада. Истото се случува и со другите училишта,основни и средни училишта, кои се наменети за албанското население во Република Македонија. До колку во времето на комунизмот и до колку во времето на еднопартискиот монистички систем имавме развој на една дискриминаторска политика или маргинализаторска кон албанскиот народ во Република Македонија, денес кога се произнесуваме дека сме мултиетничко општество, мултикултурно, пред се демократско општество, кога Македонија е потписник на многу спогодби, меѓународни спогодби, каде првото начело е почитувањето на правата и слободите на етникумите во едно општество, тогаш мислам дека треба да се промени курсот на оваа политика, но треба да признаеме дека сме заедно и да се почитуваме взаемно, да овозможиме албанскиот народ како втор народ во Република Македонија да ги исполни сите свои потреби и барања. Ценам дека токму сега треба да докажеме и пред меѓународнито фактор дека сме во состојба и способни да го подобриме статусот на сите етникуми во нашето општество.

На самиот крај, дозволете ми да заклучам дека Македонија дозволува експанзија во фискалната политика токму во многу критични моменти во земјава и дека Владата или подобро да кажам албанската партија на власт не покажува интерес за исполнување на барањата и потребите на албанскиот народ во Република Македонија. Значи овој Буџет не ги исполнува интересите на албанскиот народ во Република Македонија . Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Имам една дилема, можеби колешката Флора Кадриу која зборуваше за различните политики на Владата кон проекти што ги допираат нашите сограѓани албанци во Република Македонија дали ова што салата, во делот каде што седи пратеничката група на ДУИ, е празна и масовното одјавување на пратениците од ДУИ од дискусија дали смета дека е најдобар доказ за ова нејзино тврдење дека овој Буџет е скроен по мерка на ВМРО-ДПМНЕ , во кој што ДУИ како политичка партија е апсолутно маргинализирана. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Кадриу Флора, пвоелете.

**Флора Кадриу:** Почитуван колега, сосема сте во право и многу добро ме разбравте. Мојата порака беше дека токму албанската партија коај што е на власт е во таква позиција што нема можност изгледа и способност да ги исполни барањата во целина на албанскиот народ во Република Македонија. Ние секогаш сме се соочувале со нивни делумни односно сепаратни решенија за огромни прашања кои се во интерес на албанскиот анрод во Република Македонија. Изгледа нивното неприсуство само го потврдува тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално бараше господинот Алиу Имер, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам господине претседател.

Мислам дека е крајно време вие како претседавач и претседател на овој законодавен дом да апелирате парламентарната група на ДУИ да се врати на седиштата во салата, таму каде што им е местото, затоа што е вознемирувачки фактот што по првата фаза на масакрирање на Буџетот за албанските иснтитуции или институциите кои се од посебен интерес за Албанците, продолжи втората фаза, а тоа е неучеството во дебатата каде што отворено би ги коментирале или би се обиделе да аргументираат зошто го прават ова. Мислам дека теоријата на закопување на главата во песок веќе не функционира. Ова се забележува кај сите ...

**Трајко Вељаноски:** Господине Алиу, заврши процедуралната забелешка. Благодарам.

Има збор госпоѓица Тушева Маринела, но не е тука и го губи правотона збор.

Има збор господин Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Иако моето знаење во делот на економијата односно во делот на финансиите е скромно, сепак чувствувам потреба да дадам одредени коментари во однос на образложенио тБуџет и при тоа да гоискажам мислењето за истиот.

Буџетот за 2009 година однапред е осуден на неуспех и веројатно ќе биде подложен на брз ребаланс и можеби на прераспределба на средства бидејки оваа Влада не сака многу да говори за неа, дека многу често предлага ребаланси и дека не знае да го испроектира истиот. Експертите предупредуваат дека владините позитивни проекции на Буџетот за наредната година се поставени на стаклени нозе,

со оглед на актуелната економска криза и рецесијата која го зафати светот. За сите нас сеуште е нејасно како целиот свет е загрижен за глобалната економска криза, а нашата Влада излегува со Буџет во кој се содржани нереални и недостижни стапки на раст, обемна нерационална потрошувачка , дополнително оптоварување на приватниот сектор кој е главен генератор на буџетските приходи. Дури после два месеца укажување од сите експерти, политичките партии и стопанските комори, штрајкот во образованието каде што се изгубија часови и најголеми последици од сето тоа ќе имаат децата заради погрешната политика на Владата, во Буџетот е наведено дека и Македонија ќе ја зафати економска криза, дека може да не погоди и при тоа излезе со дел мерки, кои дел претходно беа предложени од СДСМ, но исто така и со мерки кои нема да донесат вистински поволности или субвенции за реалниот сектор. Но сепак, никогаш не е доцна и добро е што Владата конечно призна дека во Република Македонија може да се почувствува кризата. Кога вработените вообразованието после перманентно лошата владина политика го започнаа штрајкот, Владата кажа дека не може да ги реализира нивните барања, душата нека им ја земеле само власта не, со само едно и единствено образложение дека најголем аргумент е тоа дека на секаде околу нас имало криза.

Почитувани колеги, во време на економска криза проектирање на Буџет од 2,7 милијарди евра вкупни расходи е далеку од било каков економски разум, иако се обидувате да докажете кој Буџет е најразвојно ориентиран до сега и дека ги отсликува владините напори за справување со можните последици од глобалната економска криза преку интензивирање на јавните инвестиции како продуктивни расходи и зголемвуање на вработувањето и борбата против корупцијата.

Очигледно е дека Владата има изработено Буџет за изборна година. Во него од далеку се гледаат манипулациите со јавноста. За каков Буџет зборувате кога планирате едн куп инвестиции кои нема да доведат до никакво подобрување на животниот стандард на граѓаните, но затоа ќе им помогне на ВМРО-ДПМНЕ за подобро позиционирање на претстојните претседателски и локални избори. Буџетот е така направен да обезбеди комоција на Владата за изборната година и истиот е насочен кон купување на потенцијалните гласачи. Во никој случај од оваа Влада не може да се очекува дека ќе остави пари за реалниот сектор, на кој треба да му се помогне за тој дополнително да се стимулира во услови на криза. Тука се поставува следното прашање, како ќе го полниме Буџетот или како ќе стигнеме до бројката од 2,7 милијарди евра. Ќе дадам само еден пример кој е актуелен деновиве.

Вие почитувани претставници на власта сакате до секој човек да наплатите и колку што можете повеќе да соберете даноци. Сакате тоа да го направите со немилосрдна примена на Законот за јавна чистота, но исто така посебно и со фискализацијата на пазарите. И што се случи? Вчера пазарџиите излегоа на штрајк, тоа беше особено карактеристично за Битола, дел од нив се заканија дека може да се случи Грција. Веднаш се мобилизиравте, почнавте да применувате мерки како да го изгасите пожарот кој ви се јави. Но сепак, иако се обидувате да ги земете последните пари од сите, тоа не гледам дека сакате да го направите токму со блиските на ВМРО-ДПМНЕ. Ќе ви дадам примери. Вчера градоначалникот на Битола не се потруди да ги убеди во Јавното претпријатие Пазари ниту концесионерите на новиот пазар во Битола во кој, само за потсетување, им го дадоа пазарот на 15 години користење по цена од прилика од илајда евра месечно или околу 60 илајди денари и помалку. Стопанисуваат со простор од околу 10 илјади метри квадратни и ако го поделите тоа на месечно ниво, по метар квадратен плаќаат по 6 денари кирија. Не успеа да ги убеди бидејќи од нив не сака да ги земе парите и да го наполни Буџетот на општина Битола и Буџетот на државата. Во истиот тој пазар каде што имаме 250 тезги, само со 25 тезги се вади месечнаат кирија, а при тоа сите пазарџии во Битола иако молеа, иако кажуваа дека навистина цената за изнајмување на тезга на месечно ниво е премногу висока, никој не се обидува да и помогне. Тоа е само еден мал пример за тоа како не треба да се води политика и како не треба да се полни Буџет.

Првото главно објаснување на Владата е дека Буџетот е толку голем заради зголемените капитални инвестиции во инфраструктурата кои не само заради неопходноста на државата, туку ќе и донеле и поголем економски развој и нови вработувања не се точни, се веќе видена лага. Тековните расходи се зголемуваат за многу повеќе во споредба со минатата година отколку капиталните расходи. Од вкупно 478 милиони евра капитални расходи, само 80 милиони евра се наменети за инфраструктура и патишта, а останатите немаат поттикнувачко дејство врз економскиот развој, а најмалку пак отворање нови работни места. Ако на тоа се додаде дека оваа година не повеќе од 45% од овие расходи се реализирани заради незавршени експропријации, неподготвени главни проекти, неажурност на Владата и т.н., тогаш веќе е повеќе од јасно дека упорно се манипулира со јавноста.

Второ, се манипулира со јавноста и во врска со расходите за платите на државната администрација. Знаете дека повеќе од 30% од државната администрација, согласно фискалната децентрализација, таа веќе е општинска администрација и се плаќа преку преку блок дотации, а Владата сепак секоја година ги зголемува трошоците за плати на државната администрација, за повеќе од 17% во 2009 година наспроти 2008 година се зголемуваат расходите за плати на државната администрација. За 2009 година тоа се повеќе од 35 милијарди денари или вкупно 582 милиони евра за плати. Во споредба со Буџетот од 2006 година, каде се потрошени за плати 23,86 милијарди денари или вкупно 388

милиони евра, односно скоро повеќе од 200 милиони евра се трошат за плати кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт и тоа е нормално кога секојдневно се вработуваат партиските војници, се купуваат потенцијалните гласачи, дури во Министерството за кое пред неколку дена говорев се злоупотребува и воопшто не се мисли на државата и реалната состојба во која се наоѓаат нашите граѓани. Ако се погледне расходниот дел на Буџетот за 2009 година, не треба да се биде економист за да се заклучи дека економската состојба во државата е катастрофално лоша. На пример, 426 милиони евра се предвидени за други договорни услуги, ставка која е омилена на влста и таа на овој начин најдобро ги реализира сите матни замислени зделки. Во 2006 година за договорни услуги се потрошиле 303 милиони евра, а во 2009 година се предвидени 426 милиони евра или повеќе 123 милиони евра, сега имаме далеку повеќе реклами, бидјеки веќе никој во државата колку реално кошта една владина кампања, тоа вчера и на пратеничко прашање не успеа да ни го одговори минситерот за финансии, бидјеки не знаел колку реално чинат тие реклами кои објективно секојдневно се побројни и јас ќе се задржам само на една реклама. Имено, бевме сведоци ја гледавме во изминатиот период, а тоа беше она јавно заканување кое се упати кон вработените во образованието,каде што само за еден весник се трошат околу 80 илајди евра на ден за еден месец.

Сега не сакам да дадам примери колку инфраструктурни проблеми ќе решевме со тие пари токму од ваквите реклами. На пример, повеќе од половината амандмани кои ги одбивте на Комисијата за финансирање и буџет кои беа предложени од страна на опозицијата се однесуваа конкретно за Битола и се од витално значење за Битола и за околните општини, во оваа прилика навистина несакам повторно да се осврнувам на нив, но сепак ќе спомнам неколку од нив. Сериозни инфраструктурни проекти за Бистрица, за Логоварди, за Брник, за Слепче, за влезовите на Битола, за ски-лифтот на Пелистер, за реконструкцијата на спортската сала за техничкото училиште и.т.н. Или пак, со едни вакви финансиски средства незнам колку компјутери кои ги купивте ќе ги ставевте во функција на средните училишта само со последната реклама која пред малку ја спомнав.
Во новиот Буџет се прдвидени околу 113 милиони евра за купување на мебел и опрема. Груевски и Владата ветија јавно дека нема да трошат пари за купување на мебел, а само за 2009 година планираат да потрошат 113 милиони евра за купување на мебел и опрема. Толку пари се потребни заедно за да се покрие Законот за бранителите и за сите стечајни работници. Но, тоа вас не ве интересира, овие припадници вас не ве интересираат, бидејќи за истите се обидовме и преку прераспределбата која беше за Буџетот да обезбедиме средства, но вие велите дека ги немате.Немате за нив, немате за образованието, немате за стечајците, немате за Законот за енергетска сиромаштија, но затоа имате за партиските вработувања и за рекламите. Исто како што ветивте пред една -две недели дека нема да трошите пари за новогодишните празници, сите сме сведоци од кои се добивме честитки во изминатиот период.

Сега сакам накратко да се задржам во делот на здравтвото каде што постојано слушаме приказни за тоа дека навистина реформите се одлични, дека се постигнати добри резултати, како владата инвестира и ги спроведува реформите. Ако се тоа реформите со двата директори за кои се потрошени огромни финансиски средства, за кои тврдевте дека со врзан потпис нема да прават проневери, тогаш зошто пред еден месец, минатиот месец на 28 сите здравствени организации и установи во Битола ги порамнивте и повеќе нема ни богати, нема ни сиромаси. И тие што работеле добро, што имале реални заштеди им ги повлековте парите, тие што биле во загуби, иако ветивте дека на секои шест месеци ќе ги контролирате , не ги исконтролиравте, ги оставивте исти, но сепак ги доведовте или ги порамнивте на нула. Притоа, не сакам да говорам дека и веќе тие конкурси што се објавуваа за директори на јавните здравствени установи дека мораат да имаат положено менаџерски испит, очигледно со коалицијата веќе нема да се потребни. И за кого тогаш навистина ги правевте овие реформи, не знам. Притоа, не сакам да зборувам за различните изјави на министерот за финансии и за симулацијата која што ја направи министерството за здравство, каде што дефицитот во Буџетот за 2009 година ќе биде 4,4 милијарди денари, а за 2010 година 7,4 милијарди денари. Ова се однесува за Фондот за здравство. По ова веќе никој не знае колкав ќе биде дефицитот во Фондот за здравствено осигурување за 2009 година. Навистина, не сакам да повторам за тоа како се реализираат реформите скоро во сите сегменти во здравсвото, но сепак чувствувам обврска да потенцирам една реформа со која не знам до кој степен нема да се почитува Законот за заштита на пациентите, која веќе од пред неколку дена функционира во болниците низ државата, кои се преплавени со скапи софистицирани видео камери, со кои е надгледуван и следен буквално секој квадратен метар од страна на министерството за здравство. Ако ова е клучната реформа што треба да ја правите за Република Македонија , тешко на Република Македонија . Значи, конечно, се реализираше долго најавуваниот план на Преродбата во 100 чекори на премиерот Груевски, кој сега може спокојно со неговите најблиски соработници да ги следи сите граѓани во Република Македонија кој пред која амбуланта чека на преглед или со други зборови од што боледуваат или бараат било каква помош. Понатаму, сите болни кои се во болничките одделенија како изнемоштени со катетери во раце и.т.н

Но на крајот сакам да кажам дека навистина ваквите скандали за кои министерството за

здравство одвојува огромни финансиски средства, за тоа дека од реформите во здравството бевме сведоци дека денес се објавува една од бирото за лекови, една концепција за издавање на рецепти, за утре истиот концепт, проект да се повлече и да се воведе сосема друг. Ако се тие реформите во здравството со кои треба да се гордееме, не знам до каде ќе стигнеме.

На крај, за да не должам многу оваа Влада навистина не е многу оптоварена бидејќи кај нас таа смета дека навистина нема проблеми. Сепак, когасе работи за финансиската криза, а вчера и Народната банка излезе со серија на мерки, која навистина сака да го стабилизира банкарскиот сектор, сепак на крајот сакам да заклучам дека вака предложениот Буџет многу брзо ќе претрпи измени. Се надевам дека Владата ќе се вразуми, ќе ги прифати сугестиите на многу експерти кои укажуваат на вака лошо скроениот Буџет и на крајот ќе го повлече Буџетот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски :**Благодарам господине претседателе.

Сакам на колегата Диневски, бидејќи како пратеник и добро ги познава состојбите да го надополнам.

Точен е фактот дека, за жал, немаше разбирање за ниту еден амандман кој што ќе значеше подобрување на вкупните услови на живеење во Битола и битолско. Меѓутоа, за жал, тоа не е само случај во Битола, туку во сите други средини и како што објаснив пред некој ден, цитирајќи и говорејќи со официјален владин документ, фискалната стратегија за наредните три години укажав дека состојбата само ќе се влошува. Имено, во фискалната стратегија јасно стои дека во наредните три години никакви нови извори зголемени на финансирање на општините не се предвидени. Општините најмалку во наредните три години до 2012 година ќе останат со постојните бедни буџети. За Битола тој Буџет е само основниот Буџет е нешто над 7 милиони евра. Цела Битола се гради и развива и одржува преку цела една година со 7 милиони евра, а само за скулптури во Општина Центар на Аларова Владата и префрли 9 милиони евра. Има ли попоразителен факт за оваа апсурдна самоубиствена политика на Владата. И тоа ова се случува во општини каде имаме градоначалници од владејачката партија и каде што Владата е најдарежлива. Замислете во каква состојба се опозиционите градоначалници. Вкупно Битола, Прилеп, Охрид, Ресен,целиот југозападен регион на државава има помал Буџет, одколку што се расходите за владиното саморекламирање и тоа без овој најнов спот за вечна Македонија. Со него кој знае колкави ќе бидат овие издатоци.

Почитувани колеги, мора да ставиме крај на ваквата апсурдна и лоша политика. Ве молам, како можеме да го премолчиме овој факт дека расходите за општините ќе се намалуваат според владините проекции. Сега во 2008 година тие претставуваат 5,7 од бруто домашниот производ, а за 3 години ќе бидат само 4,5 % од бруто домашниот производ. Во секоја Европска држава, во секоја држава од регионот, приходите и расходите на општините се зголемуваат, само во Македонија одиме надолу. Овој систем ваков каков што го градиме нема перспектива. Тој ќе колабира. Тој создава такви тензии кои што ќе доведат до влошување, до експлозија на системот. Дајте да се вразумиме со време. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Диневски Менде, само незнам на кого реплицираше господинот Манасијевски Јован.

Повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Иако се малку пратеници во салата, почитуваните колеги од ВМРО ДПМНЕ очигледно се многу нервозни. Не знам зошто не ни реплицираат ако сметаат дека тие се во право, а ние погрешно говориме.

Почитуван Манасијевски, не само што не се прифатија амандманите кои ги набројав, туку не се прифатија и сериозни проекти, како што е на пример Топлификација, како што е на пример Гасификацијата, како што е на пример реконструкцијата или ставањето во функција на багерот во РЕК Битола. Но, тоа нив не ги интересира, нив ги интересира тоа како приватните фирми на ВМРО ДПМНЕ колку што можат повеќе да даваат услуги во РЕК Битола. Нив ги интересира како да ја замолчат опозицијата во Битола, како секој оној што ќе проговори нешто за состојбите во Битола, треба во најмала рака да му се одземе имунитетот. Тога ги интересира ВМРО ДПМНЕ.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Господинот Сугаревски Горан има збор, повелете

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван заменик министер за финансии.

На почетокот сакам да констатирам дека многу малку има од парламентарното мнозинство и незнам зошто се носи еден од најдобрите документи, најважните документи од ова собрание, а само неколку пратеници има од парламентарното мнозинство. Исто очекував и заменик министерот од моите колеги пратеници од СДСМ и од сите други кои што ги дадоа овие забелешки, барем одговори на дел од она што беше кажано. Меѓутоа, за жал се гледа само побрзо да се донесе овој Буџет. Добро, како и да е јас би сакал да го искажам своето мислење по овој Буџет.

Општа е констатацијата дека и на странските и на домашните експерти дека 2009 година е година на рецесија, година на забавен економски раст во светот, во Европа, во регионот кој што го опкружува Република Македонија . Со оглед на тоа што нашата економија односно економијата

во Република Македонија е директно поврзана со овие економски процеси, би сакал да кажам дека голем дел од оваа криза ќе се одрази во Република Македонија .

Првите показатели во овие директни влијанија веќе се назираат. Владата најави вистински бум за 2008 година на директни странски инвестиции, меѓутоа мора да констатираме дека тоа е далеку од она што беше претходно ветувано, иако економскиот раст беше предвиден на 6%, сега гледаме дека е многу под тоа. Исто така, тврдоглаво се одеше на ставот дека светската економска криза нема да влијае во Република Македонија . Голем дел од моите колеги од СДСМ цитираа изјави на заменик претседателот на владата и на министерот за финансии дека кризата нема да дојде во Република Македонија. Меѓутоа, за жал потоа тие изјави од истите двајца беа корегирани.

Директните странски инвестиции кои што се очекуваа во изминатиот период, за жал, ниту дојдоа конкретни, а примери имаме со автомобилската индустрија во Бунарџик и сите оние други кои што во изминатиот период требаше да дојдат како директни странски инвестиции и да отворат нови работни места. Тоа особено, таа светска економска криза која што негиравме дека ќе дојде во Република Македонија многу се одрази во металургијата, конкретно тука ќе ги спомнам каде се чувствува кризата, каде што преку отпуштање на работници МАК-СТИЛ , Бучим, ФЕНИ, СИЛМАК, САСА и други и до скоро ако оваа гранка беше главен двигател преку која што Владата го ценеше индустриското производство и беше основна потпора при проектирањето на приходната страна на Буџетот и упорно премиерот кажуваше дека ќе биде година на силна експанзија во доменот на странски инвестиции, потпирајќи се пред се на потенцијалните инвеститори, сепак можеме да констатираме дека оваа гранка претрпе страшни загуби во изминатиот период.

Исто така, може да се каже дека со оние мерки кои што во изминатиот период Владата ги презеде и ги кажува дека презеде пакет на мерки за ублажување од кризата која што неминовно дојде во Република Македонија, сепак од тие проектирани мерки еден дел од оние што се стандардни неплаќачи во Република Македонија добиваа одредени можности се со цел тие останати обврски да им бидат простени, а оние кои што се дисциплинирани и кои што редовно ги исплаќаат своите давачки, не добиваа ништо. Бидејќи, во овие мерки не се опфатени најпогодените индустриски гранки, пред се, црната металургија и текстилната, се одеше на варијантата дека црната металургија имала високи профити. Исто така, би спомнал тука и би поставил прашање каков е изговорот за текстилната индустрија. Оваа гранка се мачи долго време да конкурира на немилосрдните услови кои што ги има на Европскиот и светскиот пазар со лонг систем на работење односно вработување на условно неквалификувана работна сила, а сега доаѓа до масовно отпуштање и создавање на голема социјална тензија. Искажаните констатации треба да помогнат во заокружување на сликата на состојбите во економијата. Во вакви алармантни состојби се носи предлог за најголем проектиран буџет во историјата на Република Македонија кој што ако го споредиме со изминатите години, конкретно со 2006, тоа е огромна разлика.

Кои се мотивите на владата кога решила да предложи ваков Буџет. Дали е тоа изборната 2009 година, дали е тоа желбата да се расфрла со народните пари. Моите сомнежи за реалноста на овој Буџет ќе ги елаборирам преку следните констатации. Приходната страна на Буџетот се потпира на следните блокови. Приходи по основ на даноци. Ако оваа Влада може да се пофали дека во изминатата година преку фискалната дисциплина успеа да ги собере сите даноци или поточно повеќе од 90% има наплата на даноците, се поставува прашање од каде се очекуваат дополнителни приходи по основ на оваа ставка. Дали има нови обврзници. Колку што гледаме бројот на средните и на малите претпријатија и покрај силно рекламираната гилотиња не се зголеми за да се прават некои преоптимистички проекции, и дека приливот по овој основ драстично ќе се зголеми во однос на претходната година. Или пак, се очекува воведување на нови даноци. Ако внимателно се проанализира еден дел од ова, ќе се види дека по однос на зголемување имаме 1% од бруто приходот на паушалниот проценет промет на даночните комитенти.

Второ , приход по основ на ДДВ, кој исклучиво е во директна зависност од јавната потрошувачка, експертите предупредуваат дека во Република Македонија јавната потрошувачка поприма загрижувачки размери. Трговскиот дефицит вртоглаво расте, бидејќи главните извозници кои што, како што ги спомнав во претходното мое излагање односно металургијата се во дефанзива и во голема криза, а увозот на странска стока е се поголем. Проекциите велат дека трговскиот дефицит ќе надмине фантастична граница од 2 милијарди евра.

Кога се знае дека се потешко се добиваат кредити од комерцијалните банки за наменска и ненаменска потрошувачка, а постои исто така презадолженост на населението кое се проценува на околу една милијарда евра кон банките и на околу две милијарди евра на стопанските субјекти, тогаш се претпоставува дека јавната потрошувачка драстично ќе се намали т.е. ќе се намали потрошувачката на стока, а исто така драстично ќе се намали приходната страна на данокот на добиена вредност.

Трето, приход од акцизи и царини. Главниот приход во изминатата година беше од зафаќањата во висина од 51% од 1 литар гориво. Ако во изминатата година цената на нафтата по барел во светот се движеше и некаде над 140 долари на дериватот, имаше фантастична, а сега падна под 40 долари, очигледно е дека со

драматичниот пад на цената на нафтата и на дериватите ќе се намали приходот на државата по однос на овие ставки. Значи, цената на нафтата не и одговара на државата во однос на проектираната приходна страна, па навистина сомнежот за правилна проекција на приходната страна на Буџетот е оправдано присутен. Би сакал да ја разгледам исто така и расходната страна на Буџетот, иако експертите укажуваат на тоа дека треба да се вложува во капитални инвестиции, патишта, железници и сите оние инфраструктурни објекти кои што ќе донесат повраток на средства во државата или профит на Владата од ова. Напротив, се врати еден дел од средствата кон Парискиот клуб, а исто така истовремено се зедоа и други кредити, односно се изврши ново задолжување во одредени банки, како што имавме прилика да видиме, беа земени нови кредити за изградба на локални и регионални патишта.

Исто така морам да го спомнам примерот што значи немање на инвестициони вложувања во енергетиката, по не знам кој пат беа распишувани тендери за Чебрен и Галиште, а енергетската стратегија која ја изработува МАНУ каде се укажува дека е потребен посериозен алтернативен избор на енергија во Република Македонија односно учество во Нуклеарната централа Белене во Бугарија која добро ќе се исплати во иднина, гасни централи, вложување во гасоводот од Русија.

Спротивно со новиот Закон за енергетика кој е донесен под знак прашање од Европската комисија се фаворизира ЕЛЕМ како увозник на струја, а не се засилува неговата активност како производител. Меѓутоа, тоа е друга тема која можеби неколку пати моите колеги од СДСМ ја имаат наметнато тука за дебата во Собранието, меѓутоа, за жал, гледаме дека власта сака да дискутира по ова.

Треба да тргнеме со ред и кон промашените проекти кои голтаат големи количини на пари, каде се нема транспарентност. Мојот координатор на пратеничката група вчера имаше поставено прашање до министерот за финансии околу рекламирањето и непродуктивното трошење на пари од Владата, но, за жал, не добивме одговор колку средства се трошат на тие медиумски кампањи безкрупулозно се стотици измислени кампањи, понекогаш доста смешни и дискутабилни но од Владата никогаш не се доби одговор на што тие пари се трошат.

Исто така предвидени се непрофитабилни објекти како што се музеи, трибини на стадиони, спортски сали, голф игралишта, споменици итн. Овие објекти се потребни, но во амбиент кога во Република Македонија вработеноста ќе падне под 10%. Сега само се иритира останатиот дел од населението, бидејќи не припаѓаат сите кон идеолошката матрица на ВМРО-ДПМНЕ, па да бидат восхитени од тоа што ќе се гради музеј на ВМРО или ќе се изгради северната трибина на Градскиот стадион во Скопје и ако ја гледаме ситуацијата колку посетители или гледачи има на Градскиот стадион ќе видиме дека во моментот нема никаква потреба од таква работа.

Овој буџет е мегаломански, нема да се исполни, бидејќи е нарушен макроекономскиот амбиент во Република Македонија исто така и светската криза како што по стоти пат ја кажуваме, се прелева и кај нас.

Ова не е буџет кој ќе одговори на предизвиците на претстојната економска крази, вицепремиерот ноншалантно најави дека ќе има ребаланс ако се утврди дека буџетот не е реално проектиран. Каде е тука одговорноста и која е цената што граѓаните на Република Македонија ќе ја платат со носењето на овој буџет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По обичај гледам господинот Јован Манасијевски на секој од говорниците има реплика, па би му дал реплика, но би сакал, согласно членот 89 да каже во што е недоразбирањето или во што е неточно пренесениот навод во однос на говорот од господинот Горан Сугарески и неговата реплика. Повелете три минути.

**Јован Манасијевски:** Господине претседателе, вашиот обид да ја замолчите опозицијата нема да успее, многу е подобро тука да ни дозволите да говориме отколку да се префрлиме на други средства што ќе бидат надвор од институциите.

**Трајко Вељаноски:** Не треба да се извинувам господине Јован Манасијевски, вие се заканувавте.

**Јован Манасијевски:** Ве молам, но ја користите вашата позиција на претседавач да давате некоректни коментари од кои ние мора да се браниме.

За разлика од премиерот кој го има на сите ток шоуа, не само во Парламентот, ние говориме на Парламентот, бидејќи го немаме видено премиерот со месеци, можеби е подобро овие касети од неговите настапи да ни ги давате како официјален материјал.

Господине Сугаревски, кога говоревте за макро економскиот амбиент и за проекциите што Владата ги дава, не бевте прецизен до крај, затоа што оваа проекција што Владата ни ја нуди во материјалите дека извозот ќе расте со 10% е истресена од ракав. На што го темелам ова тврдење?

Имено, двата сектори металската индустрија и текстилниот сектор чинат 2/3 од вкупниот македонски извоз. Податоците што доаѓаат и од металскиот сектор и од текстилниот сектор го говорат следното: кај металите имаме пад на нарачките и на производството помеѓу 50 и 60%. Кај текстилните субјекти имаме вкупен пад меѓу 20 и 30% со тенденција во втората половина од 2009 година да се влошува. Елементарно познавање од математика, ако ги собереме овие две бројки, ваму пад од 50%, ваму помеѓу 20 и 30%, во услови кога тие чинат 2/3 од извозот говори дека никако не можеме да дојдеме до бројката од 10% раст на извозот. Кажете ми кои се тие сектори што ќе го компензираат ваквиот

драматичен пад во металната и текстилната индустрија. Проекцијата на Владата за раст на извозот од 10% е апсолутно несериозна. Впрочем, и премиерот вчера во своето интервју се огради и го нарече буџетот, внимавајте, буџетот што е клучен документ го нарече само проекција, па на крај човек стекна впечаток дека не е толку битно ова што ние тука го дискутираме и го дебатираме неколку недели.

Значи, господине претседателе многу сум сериозен, говорам со бројки и ве молам немојте да ја злоупотребувате својата функција. Секогаш говорам со бројки и аргументи, а вие да ми го спречувате моето деловничко право за реплика. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** На никого не би сакал да му го попречувам правото што му припаѓа по Деловникот за реплика, но сакав да предупредам дека треба сите пратеници да се придржуваме согласно членот 89, затоа што во реплика треба да се изнесе недоразбирањето и неточно пренесен навод. Во тоа е мојата забелешка господине Манасијевски, а како што е пријавена има реплика госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитуван господине заменик министре, почитувани колеги пратеници.

Реплика на неточен навод односно на поставени прашања од страна на колегата, тоа би било, иако јас морам почитуван господине претседател да спомнам мислам дека има право секој пратеник да реплицира на нешто што смета дека е различно од неговото мислење. Мислам дека не би требало рестриктивно да ги толкуваме одредбите од Деловникот.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓо Лилјана Поповска, мислам дека имате реплика на господинот Горан Сугаревски, ако имате процедурално, произнесете се, инаку трошите време од репликата.

**Лилјана Поповска:** Доста ми е мене две минути, без гајле.

Господинот кој говореше пред мене, колегата, постави некои прашања така што би сакала само накусо да одговорам на нив.

Праша врз база на што се земаат нови кредити, се планираат нови кредити, мислам дека тоа на сите ни е јасно, врз база на тоа што беа отплатени старите кредити во изминатиот период и со тоа Владата обезбеди државата да излезе од групата на презадолжени земји, сега е во групата на средно задолжени земји со тоа што има можност за нови кредити.

Понатаму, беше поставено прашање од каде Владата спрема овој буџет, очекува поголем прилив на даноци? Мислам дека за тоа има сосема логичен одговор, од зголемената фискална дисциплина која веќе трета година се спроведува во државата и мислам дека е тоа нешто за што сме се залагале сите ние независно од која политичка партија и што конечно за прв пат оваа Влада го постигна и треба да и се признае. Сакајќи да одиме во Европската унија треба да знаеме дека со ова само добиваме затоа што во Европската унија не им требаат неорганизирани држави кои не знаат да се ги приберат даноците.

Ова сакав да го кажам, мислам дека е вредно да се одговори, прашањата ви беа сериозни, па мислам дека треба да се укаже на тоа дека има одговор на тие прашања.

Инаку, спомнавте за тоа дека ќе бидат потребни нови извори на енергија па навестивте дека експертите спомнуваат потреба за вложувања во нуклеарна енергија. Само да ви кажам како претставник на една зелена партија, јас искрено се надевам дека на крај овој Парламент, јавноста и Владата ќе заклучиме дека не треба да вложуваме во нуклеарна енергија, туку треба да користиме други алтернативни извори на енергија кои Македонија навистина ги има на претек, има сонце, ветер, вода и геотермални води и биомаса да им дадеме шанса, а да си ја зачуваме зивотната средина онаква каква што е. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горано Сугаревски:** Благодарам.

Само кратко, бидејќи голем дел од парламентарното мнозинство видовме дека пратеничката отиде да се консултира со Министерството за финансии, не чувствувам натамошна потреба дека треба да реплицирам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Ваше право.

За збор е пријавена госпоѓа Јулијета Марку, не е тука, го губи правото на збор.

За збор е пријавен господинот Ристо Пенов, но не е тука, го губи правото на збор.

Има збор господинот Абедин Зимбери, повелете.

**Абедин Зимбери:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Малку е смешно затоа што навистина за оние за кои ние излегуваме како опозиција да говориме немаме всушност за кого да говориме затоа што не се присутни во салата, меѓутоа, сепак накратко ќе се обидам да се обратам на оние кои не изгласале за да им биде јасно на кого му дале власт во рака.

Почитувани колеги, ќе се обидам да бидам краток во моето јавување затоа што многу работи до сега во текот на сите дискусии веќе се кажаа, само ќе ја искористам приликата да кажам, да претставам неколку дилеми кои се јавуваат кај населението, а кои во минатото беа реалност и да даде Господ да се измени тој скептицизам кај населението во иднина.

Иако со овој буџет за оваа година е предвидено зголемување на буџетот, за мене ова не е чудо затоа што секоја влада доколку не инвестира оваа година во ниту една област, сигурно идната година ќе има заштедено повеќе средства,

меѓутоа, се поставува прашањето кога тие средства ќе се употребат, веќе никаде нема да им биде местото затоа што потребите ќе бидат многу поголеми.

Ќе ве потсетам дека зоната од каде доаѓам како пратеник никогаш не била учесник или корисник на буџетот како што биле другите општини иако јасно се знае дека општина Липково, Арачиново и други рурални општини кои припаѓаат на Западна Македонија се сиромашни општини кои со својот буџет не биле во состојба да ги платат ниту месечните плати на вработените, а камоли да доделат средства за реализација на некој минимален проект.

И за оваа година сум скептичен за пропорционалната распределба кон оние места кои најмногу имаат потреба затоа што владината програма јасно се гледа дека за децентрализацијата се доделени 60 до 70%, па се поставува прашање за каде се доделени тие средства.

Мислам дека заменик министерот треба да ми каже колку средства се доделени минатата година за овие рурални општини кои имаат најмногу потреба од тие средства. Лично говорам за општина Липково каде гледам дека не е реализиран ниту еден проект, покрај еден мал проект со општина Слупчане што беше за изградба на водовод, но со ребалансот на буџетот тие средства се одзедоа, проектот моментално е прекинат поради немање средства за реализација до крај на истиот.

Да ви кажам дека состојбата во образованието е катастрофална затоа што ниту едно училиште нема греење ниту вода за пиење, а камо ли спортски сали за физичко воспитување. 30 илјади жители немаат ниту една спортска сала, ниту еден дом на култура или фудбалски стадион ниту некоја капитална инвестиција. И тие малку фирми што постоеле во 2001 година беа искрадени, уништени од Армијата и Македонската полиција во текот на конфликтот од 2001 година. Иако преку проценка на штета имаат покренато барање Владата да им исплати отштета, Владата тоа никогаш не го направила до сега, што значи единствените фирми што постоеле се уништиле 2001 година така што денеска општина Липково е во беда.

Господине заменик министер за финансии, дали можете да ми кажете кога имате доделено средства во минатите години за тие сиромашни општини и со што ние ќе ги убедиме жителите, ќе им кажеме да, и вие сте жители на Република Македонија. Вие како Влада освен тоа што носите специјални единици на полиција во нашата општина за да се врши насилство врз жителите, јас на ништо друго не се сеќавам дека државата некогаш инвестирала во некој проект во општествен интерес освен отворањето на неколку мали тендери кои најмногу завршуваа во џебовите на партиските активисти отколку во прилог на општеството односно жителите кои живеат во таа општина.

По војната пуштени се многу фондови за развој на уништените региони, меѓутоа, тие средства никогаш не стигнале до албанските општини. Се извинувам пред сите, не мислам со дискриминирачки аспект да ја потценам македонската страна, не ми е тоа целта ниту намера, имам право да говорам во име на оние што ме изгласале во име на Албанците. Ќе кажам во каква состојба се Албанците во мојата општина.

Гледам дека на Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор му се доделени околу 260 милиони или не знам колку да не се впуштам во цифри, се поставува прашање дали овој износ на пари каде оди, ние не ги гледаме влијанијата од тие средства доделени на Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор. Доколку го прашаме граѓанинот колку осетил промени од 2006 година до сега или да кажам од 2001 година до сега, слободно можат да кажат и кажуваат при средбите дека Албанците ја имаат истата позиција како што ја имале пред 4-5 години, ја имаат истата и сега. Нема ниту една промена која би можел да ја почувствува обичниот граѓанин.

Центарот за заштита и спасување и тука се доделија средства минатата година пролетта, во општина Липково имаше поплави од врнежи и прашувам колку средства се доделени за покривање на тие штети што се предизвикаа во општина Липково. Доделени се средства само на неколку семејства просечни плати и тоа за куќите што имале штети, а за нивите, ливадите, полињата што имале штета ниту еднаш не се доделени средства.

Агенцијата за финансирање и поттикнување на земјоделието и руралниот развој, говорам за општина Липково, од 2001 година до сега Владата ниту еднаш не доделила средства за ниту еден проект затоа што во 2001 година земјоделството беше уништено целосно, беше уништена целата земјоделска опрема, беше уништен хидромелиоративниот систем за наводнување на тоа поле, но до сега не е инвестирано ни денар за средување на истото и од активистите слушам дека и тој мал број на вработени ќе се намали за 20 вработени.

Се поставува прашање буџетот се зголемува, а реално бројот на вработените се намалува. Каде ова не води?

Ќе говорам малку од аспект на трудот и социјалната политика. Тука има средства кои се зголемени, износот е зголемен, но аргументите на терен говорат поинаку. Бројот на Албанци во општина Липково, Арачиново, кога говорам за Липково говорам за целата зона, зоната два од каде доаѓам, бројот на оние што добиваат социјална помош е видно намален. Значи, околу две или три илјади лица им е одземено правото на користење на социјална помош наспроти тоа што населението има уште повеќе потреба и наместо бројот на корисници да се зголеми, напротив бројот се намалува. Не знам до каде ќе

води ова, има уште една дилема доколку Албанците се партиципиенти во буџетот, во полнењето на буџетот на државата, наспроти тоа има само шест илјади и нешто корисници на пензии на воени инвалиди. Се поставува прашање колку Албанци се опфатени во овие шест илјади лица кои добиваат таква помош.

Лесно е да молчиме и да не учествуваме по буџетот, меѓутоа ние се обидуваме барем нешто малку да објасниме на населението за тоа колу е штетен овој буџет за интересот на албанците.

Ќе говорам малку за Министерството за образование. Тука се гледа дека бројот на средствата за образованието реално се зголемени, меѓутоа кај албанскиот дел резултатите покажуваат сосема поинаку. Имено за Државниот универзитет во Тетово се предвидени некаде околу 220 милиони или ако говориме процентуално, Државниот универзитет во Тетово има 12 илјади студенти, а има 9% и нешто. Универзитетот во Штип има 4000 студенти, меѓутоа добива буџет од 12%.

Се поставува прашањето, Државниот универзитет во Тетово иако оваа година е проширен има плус факултети во Куманово во Скопје и на други места, наместо да се зголеми износот на средствата, напротив Буџетот тука е намален, прекинати се и неколку проекти што поранешната влада почна да ги реализира во нашата општина за подобрувањето на капацитетот на средните и основните училишта. Сега со доаѓањето на ДУИ и ВМРО ДПМНЕ на власт, овој пат сите овие проекти се прекинати, како што е прекинато и градењето на економското училиште Перо Наков во Куманово, тоа е касарната што беше предвидена и за оваа година не се предвидени средства за изградба нан тоа училиште.

Има многу што да се каже и потребно е многу време за да се расветлат сите тие проблеми што нас како граѓани не засегнуваат.

Јас ќе зборувам малку и за спортот во општина Липково и во сите албански населени места, посебно ќе говорам за Липково. Има 30 илјади жители, меѓутоа нема ниту еден спортски објект, па макар 4 на 4 метри. И покрај тоа што постоеле неколку кругови сите се уништени поради недостаток на објекти. Се поставува прашање каде оди таа младина, доколку не се даде можност да спортува.

Во културата исто така немаме точни податоци за тоа колку средства се доделуваат во културата за албански проекти, или пак кои манифестации ќе се платат од овој буџет. За тоа немаме информации.

На крајот ќе збрувам и за безбедноста на овој регион. Имено и покрај тоа што Владата со сите овие опструкции што ги прави на оваа општина, со настојувањето да ја осиромаши општината, таа општина и ден денес преживува со тоа што го има, со тие малку средства и можности што ги има се обидоа да ја одржуваат состојбата под контрола. Сите ние што живееме таму го гледаме тоа.Меѓутоа, последните дејствија на Владата, наместо да однесат нешто во таа општина за да ги убедат и тие луѓе дека и припаѓаат на Република Македонија Владата тоа сиромашно население сака да го воспитува преку специјалните единици. За мене тоа не се специјални единици туку се парамилитантни затоа што одат во цивилна облека, без амблеми, без документи за лична идентификација за да прикажат кои се и што се, влегуваат во домовите на семејствата и малтретираат жни и деца во 12 часот ноќе. Ова е ужас. Затоа на почетокот кажав дека сум септик во силниот став на оваа коалиција или на оваа Влада што ја води Македонија кон уништување. Напразно ви се рекламирањата надвор од земјата дека Македонија ќе биде вечна или не знам што. Напротив, ние на светот ќе можеме да му се докажеме само доколку инвентираме таму каде што треба.

Јас од сето тоа што го следам на терен ви ветувам дека Албанците ги притиснувате до ѕид и нема да има каде да одат. Еден ден и за ова сметката ќе ја поднесете вие како Влада ќе сноси Груевски последиците кој што ниту еднаш не најде време, колку време е веќе премиер или пак еден министер од оваа Влада да оди и да ја посети таа општина, тие жители да види во каква состојба се. Ова е срам за оваа Влада и сето ова што се случува ми дава надеж дека 2009 година ќе има предвремени избори и ова насилие и овој терор кон овој народ ќе престане. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има заменикот министерот за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам.

Не е во смисла на реплика, туку само едно укажување, бидејќи постави доста прашања, пратеникот. Во можноста за она што имаме неколку податоци би кажал само неколку збора.

Во делот на инвестиции околу водовод и каналиација за општина Липково, можам да напоменам дека тука, без разлика и со повлекување на средства кои што биле планирани да се доделат за Липково, од страна на Министерството за транспорт и врски со Одлуката за распределба на средства која што беше во октомври донесена, се изврши доделување на средства со таа одлука за изградба на водовод и канализација во голем број на општини, тука беше опфатена и општината Липково. Последно, имам информации дека со средства кои што не успеале да ги искористат општини на кој што Министерството имаше доделено такви средства, повторно општина Липково доби од тие средства не знам точно дали 6 милиони денари или повеќе од 6 милиони денари беа.

Во однос на изградба на инфраструктурни објекти од областа на спорт и други намени, можам да потенцирам тука дека со програмата за 2009 која што е планирана за изградба на вакви објекти, школски сали, или спортски сали се надевам дека тука ќе биде опфатена општинава Липково, но

зошто до сега на пример не се изградило, тука треба пратеникот малку тоа прашање да го постави, во овие две години на партијата во која што беше претходно до пред некој месец. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Абедин Зимбери, повелете.

**Абедин Зимбери:** Почитуван заменик министер, изгледа немате знаење за тоа што се одвива во Липково, затоа што досега Липково не го имате посетено, да одите и директно да се информирате за проблемите со кои се сосочуваат жителите таму. Јас ќе ви кажамандман само еден конкретен пример, па потоа вие одговорете ако знаете.

Изградбата на спортската сала почна во 2001 година, тогаш ДПА ја почна таа иницијатива. Со доаѓањето на ДУИ на власт изградбата на таа сала беше прекината до 2006 година. Од 2006 година повторно почна нејзино градење, а со доаѓање на власт на ДУИ таа изградба прекинува. Јас не знам кој друг аргумент треба да ви кажам. Истата ситуација е и за други проекти.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Иам збор пратеникот Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитуван претставник на Министерството за финансии,

Дозволете ми на почетокот да кажам неколку карактеристики на една вистинска расправа, но ќе кажам и карактеристики на оваа расправа за буџетот.

Расправата за Буџетот за 2009 година се карактризира со зборот расправа односно недостаток на расправа, бидејќи интересот за расправа е доста мал. Јас можам да ги разберам пратениците од ВМРО ДПМНЕ кои можеби немаат голем интерес за расправа, но верувајте ми тие преку нивните претставници во Владата ги имаат исполнето барањата на гласачкото тело и неговите потреби. Но, јас не можам да ја сватам крајната неодговорност на ДУИ, партија која е во актуелнава Влада, која немаше воопшто интерес, во време на изготвување на буџетот, но еве не се заинтересирани ни кога се расправа по буџетот, бидејќи, верувајте ми, тука е присутна само една пратеничка на ДУИ.

Почитувани дами и господа, еден вистински и сериозен буџет, меѓу другото се карактеризира и со одржливоста. Буџетот за 2009 година во себе треба да соддржи елементи од 2008 година односно проектите од 2008 година кои од различни причини не успеаја да се имплементираат и да се предвидат во Буџетот заз 2009 година. Во буџетот за 2009 година не дека немаат ништо за албанските подрачја, туку и тие проекти кои беа предвидени порано не се најде засходно да се продолжат.

Пртходно кога реплицираше заменикот министер за финансии рече дека се средства кои општините не успеале да ги искористат. Вие господине замениче знаете на која партија и припаѓате. Дали знаете господине заменик министер, на која партија се тие градоначалници кои “не успеале” да ги потрошат средствата. Само ова прашање сакам да ви го поставам и да ми одговорите. Ако не знаете јас ќе ви кажамандман.

Почитувани дами и господа, дискриминацијата има многу имиња. Дискриминацијата може да биде националната, етничка, спортска итн. Овој пат се работи за една јака дискриминација која се нарекува финансиска дискриминација или буџетска дискриминација. Вие дами и господа знаете, еден документ кој е наречен Охридски договор во себе содржи неколку начела, начелото на етничка рамноправност, начелото на правична и соодветна застапеност во државните институции и содржи едно јако начело кое вие не го знаете или дефинитивно со години не сакате да го дознаете. Многу пати сум кажал и сега ќе кажам, ова начело е основниот принцип на правилната распределба на Буџетот. Вие оваа лекција не сте ја научили и не сакате да ја научите.

Почитувани дами и господа. Буџетот има и друга карактеристика. Буџетот треба да биде точен, прецизен, принципиелен и јасен. Тоа е единствениот буџет каде има големи бројки 2,8 милијарди евра, но ниту пратениците, ниту експертите не можат да кажат каде ќе се потрошат овие средства. ДПА смета дека Буџетот за 2009 година е класична дискриминација за албанците и главен виновник за оваа дискриминација е ДУИ. Оваа партија, почитувани граѓани е подготвена да ги прифати сите начини на дискриминација на Албанците, како што гледаме во изминатите денови, само за да биде на власт, само за да придобие од власта.

Во Буџетот за идната година се преполовени фондовите за финансирање на Државниот тетовски универзитет и за албанското образование, посебно во Скопје. Министерот за финансии господинот Трајко Славески не ги прифати амандманите на ДПА, ниту на неговата ДУИ за обезбедување средства за албанските училишта. Вие знаете дека правото за образование на мајчин јазик е алфа и омега на универзалните човекови права и на еден народ. Но, за жал, изненадувачки, само овде во Македонија, под диригенство на Владата каде што учествува и ДУИ на албанските ученици им се негира правото за паралелки на мајчин јазик и тоа поради немање финансиски средства, простор и тн. Но, тоа што загрижува најмногу е незаинтересираноста на албанскиот фактор.

Министерот за образование Перо Стојановски порано се произнесе дека албанските службени лица во Владата воопшто не се интересираат за албанското образование. Тој исто така се произнесе дека заменикот министер на ДУИ и другите советници во тоа Министерство не се занимаваат со решавањето со проблемите на албанското образование. Тој ги обвини официјалните лица на ДУИ дека го одолговлекуваат проблемот на учениците за

средното училиште во Куманово, цитирама од изјавите на министерот Стојановски.

Почиутувани присутни, почитувани граѓани, буџетот од 2,8 милијарди евра е тежок товар за граѓаните, за населението и стопанството. Сите земји или Владите на земјите на Европската унија и земјите од регионот ги спроведуваат политиките на заштита и редукција на буџетскиуте трошоци.

Буџетот за кој ние сега говориме во политички буџет, а верувајте ми, наменет е за идните локални и претседателски избори преку кои партиите на власт се стремат да ги зајакнат своите позиции во однос на локалната власт. Буџетот за 2009 година се планира со еден раст од 5,5% од БДП за 2009 година, проект кој не може да се реализира бидејќи, имајќи ја предвид светската економска криза, ги погоди клучните извозни гранки на земјава, како што е металуршката индустрија од која Македонија има голем дел од својот извоз.

Предлог буџетот за 2009 година е провокативен буџет за албанците, бидејќи не предвидува ниту една инвестиција во албанските подрачја. Со овој буџет се осиромашува бизнисот, додека се создаваат услови Владата да има финансиска комоција.

Дами и господа, почитувани властодршци, потребите на Албанците не се фиктивни потреби, потребите на Албанците не се потреби на кои кажувам јас или од време на време некој пратеник од СДСМ. Потребите на Албанците се реални потреби. Потребите на Албанците треба да се исполнат. Потребите на Албанците не треба да наидат на глуво уво. Инаку последиците, не дека ќе ги плати народот, туку треба да ги платите вие што сте од десната моја страна. Тоа што го реков до сега ќе го образложам во неколку сегменти, бидејќи тоа е повеќе од вистина.

Во Република Македонија постои еден голем проблем, нерешен проблем кој уште повеќе се заострува во последните денови, недели и месеци, каде преку многубројни претреси и препади еден број од населението наречено поранешни борци на ОНА и нивните семејства, освен што финансиски не се наградуваат туку се оштетуваат, вршејќи упади во нивните домови.

Предлог буџетот за 2009 година не предвидува ниту еден денар за поранешните припадници на ОНА, за инвалидите од војната и нивните членови на семејствата.

Буџетот што се очекува денес или во понеделник да го донесеме, а кој до сега помина во сите владини филтри и парламентарни комисии, ниту еден нема соддржано нешто за социјалниот пакет на ОНА. Во Министерството за финансии таму каде што се изготвува буџетот негираат дека за идната година да се доделени средства за ветераните на ОНА. Официјални лица на ова Министерство велат дека Буџетот за 2009 година предвидува повеќе средства за инфраструктурата додека за ветераните на ОНА не е поднесено барање од владиниот партнер. Во однос на инфраструктурата ќе говорам понатаму.

Албанските општини односно општините населени со албанско мнозинство, спомнав многу раководители таму се членови на ДУИ и самите се жалат дека воопшто не се предвидени во овој буџет, сами се жалат дека имаат 2,5% од овој буџет. Самите тие се жалат дека со овој бу џет нема да можат успешно да одат во другиот степен на децентрализација и самите тие се жалат дека нема да имаат капацитети за подобрување на нивните административни капацитети и дека ингеренциите добиени со децентрализацијата не можат финансиски да ги исполнат.

За изградбата на жичарата до Милениумскиот крст на водно, Министерството за транспорт и врски ќе потроши 60 милиони денари. За реконсрукција и прилагодување на вилата на Водно и комплексот вили во Охрид, Владата ќе додели 180 милиони денари. За изградба на градскиот стадион ќе се потрошат 915 милиони денари, Агенцијата за изградба и реконструкција на патишта ќе потроши над 4 милијарди денари. Тоа се министерства кои ќе добијат најмногу од износот, од 400 милиони евра предвидени за капитални инвестиции, од Буџетот за 2009 година.

За овие проекти Министерството за финансии точно предвидува колку средства ќе им се доделат на министерствата што ќе раководат со овие фондови, за министерствата со кои раководат министри Албанци не се предвидени точни бројки колку пари од капиталните инвестиции ќе се потрошат за реализација на проектите во албанските подрачја . Додека во однос на реалниот износ на капитални проекти за албанските подрачја како што се изградба и реконструкција на патишта, изградба на училишни објекти, изградба на водовиди и канализации или изградба на слободна економска зона во Тетово и многу други проекти нема точни информации.

Повторно ќе го цитирам господинот Мартиновски, висок функционер од министерството за финансии кој вели дека за ова треба да ги прашате министрите Албанци бидејќи тие треба точно да знаат колку пари побарале од Буџетот за реализација на капитални инвестиции во албанските подрачја.

Во Буџетот за 2009 година се предвидени над 4 милијарди денари за Агенцијата за изградба на државни патишта. Со нив се предвидува изградба на патот Радовиш - Струмица, Куклиш-Банско, Центар - Кожув, Охрид-Охрид, Битола, како и патот Тетово-Јажинце. Секоја чест дека се гради ваква патна мрежа, но треба да се спомне и Тетово-Јажинце, но не се предвидува колку точно пари ќе се потрошат за овој патен правец.

Портпаролот Мартиновски исто така не знае колку пари од Буџетот се предвидени за изградба на слободната економска зона во Тетово или колку училишни објекти ќе се градат во албанските подрачја. Целата вина што нема точни бројки колку финансиски средства од 400 милиони евра финансиски инвестиции ќе одат за албанските општини, портпаролот на министерството за финансии вели дека вината е во министрите

Албанци кои не знаат да поднесат листа на проекти што се многу потребни за албанското население.

Во однос на Парламентот, законодавниот дом, Собранието од Министерството за финансии побара 845.753.000 денари, додека доби само 554.693.000 денари. Буџетот за минатата година беше 514.176.000 денари.Големо одземање има во делот за изградбата на објектот и канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните. Од 30 милиони побарани од министерството за финансии, во Буџетот се предвидени 100 милиони од кои за канцеларии 37 милиони а доделени се 15 милиони. И овде јасно се гледа дека Албанците не се заинтересирани. Вие знаете дека со едно барање, со апликација на Законот за јазиците треба да се примат повеќе албанци во однос на преводот. Нормално и во оваа насока Буџетот ќе се скрати, бидејќи не е од интерес некому албанците да се унапредат. Од друга страна, повторно ги спомнува слабите демократски капацитети на државата што нема почит за законодавниот дом, но, нормално, владата треба да има контрола над сите овие нешта.

Во однос на културата и овде ни се случуваат нешта што не изненадуваат. Предлогот на Буџетот на Министерството за култура за 2009 година, споредeн со 2008 година има пораст од 54,45% но порастот е во однос на делот на капитални проекти, со дел на финансирање на дејноста од областа на културата. Повторно Ќе цитирам еден висок владин функционер. “Министерството за култура почнува со реализирање на нови проекти, како што е изградба на турскиот театар во Скопје, реконструкција на Универзалната сала, изградба на еден театар” во друго место, потоа изградба на поранешниот драмски театар и наведени се големи археолошки капацитети како што е Трескавец, Стоби, Скупи, Исар, Марвинци и Стибера.Истражувањата на еврејските гробишта и истражувањата на Камениот мост тоа го кажа самата министерка Станческа-Милевска.

Но, за мое изненадување и во Министерството за култура не се говори за албанската култура, не се говори за театар во албански подрачја, не се говори за надградби на театри, домови на култура, не се говори за Тетовското кале.

Исто така и во однос на библиотекарската дејност Министерството за култура донесе одлука, врз основа на информации од Министерството за автоматизација и дигитализација на библиотеките, дека оваа фаза е завршена и се продолжува натаму со дигитализација во две фази, додека средствата, споредени со оние за 2009 година се обезбедени.

Во многу библиотеки започнува и втората фаза, започнува автоматизација, започнува дигитализација, но никако, никому не му текнува за Тетово, еден универзитетски град со 10-12 илјади студенти, со еден албански државен универзитет, со еден друг каде што 90% се Албанци, тоа е УИЕ, немаат ниту студентски домови, немаат ниту библиотеки, немаат елементарни услови академскиот тек да тече како што требе. Значи ќе дигитализираме, ќе автоматизираме, но во Тетово нема да бараме да се гради една ваква библиотека, бидејќи сето ова е од интерес на меѓуетничките односи, подобрување на меѓуетничките односи и сето ова е во интерес на докажувањето на Македонија како една вистинска мултиетничка држава, како држава која и со буџетот покажува дека чекори рапидно напред. Дека сака да ги затвори меѓуетничките прашања во Македонија, дека е подготвена да се зачлени во Европа.

Во една реплика, исто така спомнав дека дискриминацијата е крајна. Дискриминацијата е излишна, благодарние на албанскиот партнер во Владата. Оваа дискриминација, се увиде и вчера кога се реализираше спотот “ Македонија вечна”, за што се потрошени незнам коку евра, во спотот има цркви, македонска народна носија, македонска традиција, за што не сум против, но во тој спот нема ниту една џамија, нема ниту еден плис, нема ниту еден албанец, ниту една албанка. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има реплика г-ѓа Јакупи Зумрете, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам,

Дискусијата на почитуваниот колега Бесим Догани не беше толку во однос на буџетот, туку беше повеќе во однос на критикување на ДУИ, обидувајќи се на секој начин целиот нивен неудпех да го фрли кон оваа сериозна партија што секогаш ја добиваше довербата на народот и беше достоинствена и покрај начинот како тие влегова во власта. Иако поради тоа го намалија достоинството на Албанскиот народ, повторно имаа можност да ги покажат сите неуспеси што ги имаат, сепак да се покажат себе си, да го дадат својот придонес, но сепак неуспеаја да го претстават Албанскиот народ, туку напротив го намалија достоинството на народот. Народот не е народ кој не сфаќа, тој убаво сфатил, за опасностите што постоеја, за предвремените избори, така што тие пофторно убедливо ја дадоа довербата онаму каде што мислеа дека заслужува да се даде.

Затоа ние, ДУИ сме сериозна партија и со целосна сериозност се ангажираме да го подигнеме достоинството на Албанскиот народ, тоа достоинство што вие го намаливте.Колку што е можно да го прикажеме подостоинствено нашиот народ. Нашите успеси од почетокот се доволни, се гледаат почнувајќи од признавањето на Косово и.т.н. вработувањата што беа досега над 570 вработувања, а се планираат уште 1000 вработувања. Тоа значи дека ДУИ секогаш успева да го претстави народот на достоинствен начин. Сега имаме најпропорционална застапеност на Албанскиот народ во сите институции во државата. Ќе ве молиме да не оставите на раат да работиме, да си ја работиме нашата работа. За

статусот на борците на ОНА, ќе се уреди тоа како што ги уредивме и другите работи. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Догани Бесим, повелете.

**Бесим Догани:** За жалење е ова што се говори. Не мислите дека ќе го излажете народот. Народот не ви ја даде довербата да го тепате, не ви даде да вршите упади, не ви даде доверба за да го одземете Буџетот на Албанците. Народот не ви ја даде довербата да спречувате капитални инвестиции во Западна Македонија. Не ви ја даде довербата да се шетате по улици и како заменик министерот за финансии да ја напушти салата кога се спомнуваа финансии.

Народот ви ја даде довербата да работите за нив. Ако не работите, има кој да работи.

**Трајко Вељаноски:** Има реплика госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници,

Сакам само да реплицирам на колегата Бесим Догани. Вие знаете колега колку ве почитувам. Заедно бевме во Вашингтон и лобиравме кај 12 конгресмени, лобиравме за Македонија. Тоа беше навистина еден патриотски гест кога јас почувствував дека заедно го имаме односот кон Македонија и сакаме добро на оваа земја.

Затоа, само сакам да укажам дека некој работи што ги изнеле во овој говор, мислам дека не се точни.

Рековте дека некому не му е во прилог Албанците да се унапредат во оваа земја. Тоа не е точно. Оваа Влада барем што се однесува до Коалицијата за подобра Македонија, покажа дека навистина искрено влегува, градејќи трајна меѓуетничка стабилност. Тие односи не се никогаш идеални. Но, она што беше започнато во претходните влади, оваа влада го продолжи и го унапреди.

Само да потсетам дека вработувањата во администрацијата веќе се ближат кон вистинската застапеност на албанците во државата. Некаде дури се оди, за волја на вистината, надвор од стручните критериуми. Меѓутоа, сите сме свесни дека политичката тежина на овие работи е поголема, понекогаш, од другиот аспект. Дури и над тоа се оди.

Но, се почитува, што побрзо да се постигне нивото на застапеност за да бидеме сите дел од еден систем и никој да не почувствува дека е дискриминиран или дека нема можност и пристап до информации и до можноста да одработи за земјата.

Само да потсетам дека оваа влада го донесе и Законот за празници каде што се потруди секоја културна групација, етничка, религиозна во Македонија да се почувствува дека Македонија е нејзина држава.

Понатаму, бевме заедно во Владата во минатиот мандат кога се одвоија средства за Институтот за албанологија. Тој веќе функционира, колку што сум информирана. Беа одвоени средства за театарот и библиотеката во Тетово. Мислам дека се тоа доволни показатели што даваат аргументација дека на оваа влада и е навистина апсолутно грижа Албанците да бидат рамноправни членови на ова општество и верувам дека како влада имаме капацитет за тоа.

Впрочем, мислам дека и воопшто во Македонија, како општество имаме капацитет за тоа, независно која влада и која партија ќе биде во власта. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има контра реплика господин Догани Бесим, повелете.

**Бесим Догани:** Ви благодрам претседателе.

Јас најмалку сакам да реплицирам или да полемизирам со госпоѓа Поповска. Но морам да констатирам дека нејзините констатации се многу точни. Таа зборува за времето кога ДПА беше дел од власта. Зборува за времето кога ДПА оддели финансии и за театарот во Тетово, за библиотеката во Тетово, што беше опструирано од страна на градоначалникот од ДУИ. Зборува за професионални вработувања во администрацијата во времето кога ДПА беше дел од власта. Зборува за зголемување на застапеноста на Албанците и во Буџетот и во администрацијата, во времето кога ДПА беше во власт.

Сега, за жал, се случува спротивното. 300 избркани Албанци од работа. 300 други деградирани на своите работни места. Нема пари за театар. Не продолжува Институтот “Пјетар Богдани” да работи. Ова е вистината во Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Трајко Славески, министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодрам претседателе.

(реакции од страна на опозицијата дека не е пријавен за репкрика)

Јас сум пријавен на другиот дисплеј. Веројатно некогаш, најверојатно техниката ќе биде средена да прикаже дека и министерот е пријавен за реприка.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам министре, за да знаат и пратениците кога министрите се пријавуваат, се пријавуваат на дисплејот каде што се пријавените за збор. Немаат две копчиња за да можат да се пријават.

Пријавен беше на време Горан Мисоски, министерот за финансии за реприка.

Повелете министре, вашите 3 минути за реплика.

**Трајко Славески:** Навистина, за да не се чуствувам непријатно, треба да се среди техниката, за разлика од претходниот пат, кога ми беше кажано дека сум се пријавил отпосле, сега се пријавив навреме.

Само кратко, да ставам една забелешка на говорот или излагањето на г-динот Бесим Догрaни.

Кога се носи буџет, природно е да има борба на мислења, од аспект на самата структура на буџетот. Буџетот, гледано како дело од БДП, повеќе или помалку апстрактно, повеќе или помалку конкретно. Буџетот, од регионален аспект. Региони, кои, како, што се инвестира.

Но, јас сакам да ве потсетам на моите реплики и одговори кога и во минатото, ова е трет буџет како сум јас министер за финансии, секогаш се јавував кога се имало непринципиелни забелешки од пратеници, дека наводно една или друга етничка групација била дискриминирана заради вакви или онакви решенија во буџетот. Тоа ми е целосно неприфатливо.

Сепак, развојот на една земја е динамичка и долгорочна категорија. Доколку во еден период земјата одлучила дека приоритет ќе биде автопатот Тетово-Гостивар, доколку во наредниот период одлучила дека приоритет ќе биде автопатот Тетово-Скопје итн., најверојатно подоцна ќе смогне сили да инвестира во патна инфраструктура во други делови во земјата што со децении биле запоставени. Тоа, секакао, може да раѓа анимузитет на граѓаните кои живеат, кои подолго чекаат да бидат обезбедени со основната инфраструктура, но знаете дека средствата се скогаш ограничени со можностите.

Јас не можам да прифатам кога се посочува или се става Скопје наспроти Тетово, затоа што знам дека во Скопје живеат над 20% Албанци. Тоа што се инвестира во Скопје, подеднакво е вредно за секој граѓанин и на главниот град на Република Македонија, но и на секој жител во Република Македонија. Истото важи и за неалбанците кои живеат во Тетово, Гостивар итн.

Уште една забелешка сакам да го демантирам г-дино т Бесим Догани, дека тоа што тој го изнесе како цитат или парафраза дека наводно потпаролот на Министерството за финансии го изрекол за неподнесување на проекти од страна од едни или други министри, не е точно. Благодарам,

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има г-динот Догани Бесим, повелете.

**Бесим Догани:** г-дине министре,

Јас на почетокот реков дека пратениците од ВМРО ДПМНЕ имаат многу малку за што да се борат во овој буџет, затоа што тие, преку своите претставници веќе ги задоволиле своите потреби, потребите на нивните гласачи и нивните региони од каде што доаѓаат.

Јас ве разбирам многу добро дека вие сакате да ги браните вашите коалициони партнери, но некои работи е невозможно да се одбранат г-дине министре. Вие, смогнувајте сили колку сакате, но не можете да ги одбраните.

Што се однесува до изјавите на вашиот потпарол, не ги кажав јас. Јас ги цитирав медиумите. Вие сте ги читале. Ако саката можете да продолжите по теркот на другите политичари па да ги тужите овие медиуми за криво изнесени, невистини, лаги итн.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам и јас.

Тука ја прекинувам седницата.

Во понеделник во 11,00 часот продолжуваме со 41-та седница. По завршувањето на 41-та седница продолжуваме со 32-та, а по завршување на 32-та седница продолжуваме со 36-та седница.

За ова ќе бидете информирани и преку СМС.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)

.